


# ИЗВЕШТАЈ ОД СЛЕДЕЊЕТО НА МЕДИУМСКИТЕ СОДРЖИНИ

**6 ФЕВРУАРИ – 4 МАРТ 2016**

**ИЗВЕШТАЈ**
**од следењето на медиумските содржини преку Механизмот**
**за набљудување и реакција при Институтот за комуникациски студии**
**(период: 6 февруари – 4 март 2016)**

## ПОЛИТИЧКИОТ ПЛУРАЛИЗАМ ВО МЕДИУМИТЕ

Политичкиот плурализам е една од најважните димензии на медиумскиот плурализам бидејќи овозможува во јавноста слободно и рамноправно да циркулираат различни политички идеи и мислења. Тоа значи дека секој медиум одделно треба да се труди да обезбеди т.н. внатрешен плурализам во вестите, односно да ги претстави сите спротивставени мислења и ставови за една тема. Ова е мошне важно за вкупната демократска јавна сфера, бидејќи граѓаните можат да добијат целосна слика и можат самите да го формираат своето мислење за прашањата од јавен интерес. И обратно, избегнувањето да се известува за некои теми или искривувањето на аголот со нагласувањето само на едно гледиште, на долг рок создава идеолошка манипулација со јавото мислење.

Радиодифузните медиуми, особено телевизиските, имаат големо значење во информирањето на граѓаните за плурализмот на гледишта и мислења во општеството. Тие имаат и законска (член 61 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги) и етичка обврска (член 14 од Кодексот на новинарите на Македонија) да известуваат непристрасно и избалансирано за различните политички субјекти и не смеат да изразуваат политичка наклонетост на начин што ќе фаворизираат едно, односно напаѓаат друго гледиште.

Имајќи ја предвид важноста на политичкиот плурализам во предизборниот период, особено во контекст на политичката криза, договорот од Пржино и актуените политички преговори, Институтот за комуникациски студии спроведува мониторинг и анализа на начинот на кој телевизиите на државно ниво известуваат за различните политички гледишта и идеи и за мерата во која им обезбедуваат пристап на политичките актери до своите програми.

Третиот месечен извештај за политичкиот плурализам во медиумите опфаќа четири седмици и се однесува на периодот од 6 февруари до 4 март 2016 година. Анализирани се 11 програми на вести и 38 изданија на 11 различни актуелно-информативни емисии на јавниот сервис (МТВ1 и МТВ2) и на 7 приватни телевизии (Сител, Канал 5, Алфа, Телма, Алсат М, 24 вести и ТВ21).

Заклучоците и согледувањата изнесени во овој извештај се добиени врз основа на квалитативна анализа на различни аспекти на информирањето во вестите и во информативните програми.

## ЗАКЛУЧОЦИ

Трендот на известувањето на провладините медиуми во текот на февруари беше идентичен како и во претходните два набљудувани месеци[1] и ги отсликува главните начини на кои владејачката структура ги користи највлијателните телевизии за да ја одржи статус кво ситуацијата во поглед на односите на политичка моќ. Можат да се идентификуваат неколку главни стратегии: (1) користење на телевизиските вести како политички маркетинг на Владата и на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ; (2) селективно цензурирање на политичкото изразување; (3) оркестрирана медиумска пресметка со неистомислениците.

### Телевизиските вести како политички маркетинг на власта и на Никола Груевски

***Во вестите некритички се презентира само позитивна слика за работењето на власта. Новинарството ја губи функцијата на чувар на јавниот интерес и неутрален и дистанциран критичар: наместо да го штити интересот на граѓаните тоа се претвора во информативна пропаганда на партијата на власт.***

Прилозите во кои некритички се презентираат успешните проекти и достигнувања на Владата се редовно првите во дневниот распоред на централните вести и наговестени со фаворизирачки реченици и силна аудиовизуелна презентација во главните најави на вестите. Тие се емитуваат само на провладините телевизии (МТВ, Сител, Алфа, Канал 5), а кога ги има на некоја друга телевизиска станица нејчесто се обработени во неутрално-критички контекст. Паралелно со тоа, интензивно се покриваат и активностите на терен на Никола Груевски иако тој веќе не е премиер, додека за актуелниот премиер речиси и да не се известува. Настапите на Груевски се најчесто во функција на досега сработеното од власта, или на она што ВМРО-ДПМНЕ сега или допрва ќе го сработи ако победи на изборите. Ова беше особено карактеристично кон крајот на февруари и почетокот на март, кога јавниот сервис и трите приватни станици (Сител, Алфа, Канал 5) ги следеа теренските активности на Груевски со по неколку прилози на ден. Сите негови настапи се пренесуваат некритички и со глорифицирачки тон, без да се постави прашањето во кое својство настапува кога зборува во име на државата за владините проекти. Со ваквото известување се остава впечаток како изборната кампања да е веќе започната и како да нема разлика меѓу владини или партиски проекти.

### Селективно „цензурирање“ на политичкиот плурализам

***Стратегијата на партијата на власт да „дозволи“ извесен пристап на опозицијата до провладините медиуми има за цел да создаде лажна слика за плурализмот и избалансираноста во вестите и во дебатните емисии и пред критичката јавност да го „оправда“ обемното известување за активностите на Груевски, односно неодвојувањето на партијата од државата.***

На почетокот на февруари е забележан невообичаен тренд во известувањето на провладините телевизии: емитувани се и голем број прилози за *активности на опозицијата*, средби со граѓани, предизборни ветувања и други настани, со неутрален тон во известувањето. На прв поглед, се чинеше дека ова е обид да се подобри известувањето на провладините медиуми и да се воведе балансираност во известувањето, но сепак огромниот обем на пристрасни и демонизирачки содржини во другите делови од вестите покажува дека состојбата е далеку од избалансирана. Освен тоа, кампањските активности на опозицијата не се најдоа меѓу содржините на медиумите што се сметаат за неутрални и критички, како Телма, Алсат М, 24 Вести и други.

---

[1] Прв и Втор месечен извештај од следењето на медиумските содржини преку Механизмот за набљудување и реакција при Институтот за комуникациски студии, достапни на: http://respublica.edu.mk/modem/MODEM-eden%20_18%20noemvri%20_23%20dekemvri.pdf и http://respublica.edu.mk/2016-03-08-11-03-03/96-second-monthly-report-based-on-the-monitoring-of-media-content-19th-december-2015-29th-january-2016

Со оглед на честите критики во јавноста за појавувањето на Груевски во улога на промотор на владините проекти и за неодвојувањето на партијата од државата, сепак се покажа дека ваквата стратегија на селективно „цензурирање“ или дозирано овозможување на плурализмот во медиумите има цел пред критичката јавност и пред меѓународната заедница да го „оправда“ или „легитимира“ известувањето за активностите на Груевски.

Претставниците на опозицијата веќе подолг временски период воопшто немаа пристап до провладините медиуми, било во форма на известување за нивните активности или како директно учество во интервјуа или дебати. Показател за тоа дека владејачката партија одлучила да „дозволи“ извесен пристап на опозицијата до провладините медиуми беше најпрво покривањето на нејзините функционери во власта и на активностите во терен, а потоа и поканата на нејзините претставници (Заев, а подоцна и Шеќеринска) да гостуваат во вестите. Одлуката Заев да биде гостин на Сител телевизија беше најпарадигматичен настан за овој феномен, бидејќи во вестите на Сител се води најжестока анти-кампања против опозицијата и нејзините претставници. Од начинот на кој беше водено интервјуто можеше јасно да се види дека се работи за поинаква стратегија, која има за цел само да создаде лажна слика за отвореноста на овие медиуми кон опозициските претставници, а всушност има намера да ги дискредитира и демонизира пред јавноста.

Кај јавниот сервис има извесно подобрување во насока на поголема избалансираност во изборот на гостите кои се поканети во дебатните емисии и неутрално настапување на водителите. Сепак, општиот пристап кон организирањето на дебатните емисии, недостигот од критички пристап во обработката на темите и отсуството на истакнати претставници на опозицијата говори за тоа дека јавниот сервис се уште не е јавен форум за критичка дебата за актуелните политички теми.

Провладино-ориентираните приватни телевизии (Сител, Канал 5 и Алфа) речиси не обезбедуваат политички плурализам во актуелно-информативните емисии, односно и во малкуте дебатни емисии што ги емитуваат настојуваат да ги претставуваат првенствено гледиштата на владејачката структура. На опозициските актери или не им даваат можност да ги изнесат гледиштата или ги напаѓаат и демонизираат. Станува збор пред се за емисиите „Јади бурек“ (Сител 3) и „Миленко Лејт најт шоу“ на Канал 5. Овие две емисии се мошне индикативни и во поглед на неизбалансираноста на политичките ставови што се застапуваат во нив и во поглед на начинот на кој се третираат политичките субјекти како од страна на водителите така и од страна на гостите. Во нив првенствено гостуваaат јавни личности блиски до владејачката партија ВМРО-ДПМНЕ.

**Оркестрирана медиумска пресметка со неистомислениците**

***Продолжува стратегијата на диригирано оркестрирање со уредувачката политика на провладините телевизии, со цел одделни политички актери, институции и организации да се дискредитираат и делегитимираат во јавноста.***

Во изминатите два месеца беше забележана појавата на уредничка конвергенција кај провладините медиуми, видлива преку изборот на исти теми, исти цитирани извори и ист агол на обработка, што јасно укажуваше дека вестите изгледаат како да се уредувани од иста редакција. Во таа координирана или оркестрирана уредувачка политика на провладините телевизии највидлива е техниката на „препакување“ на новите настани во веќе познати шеми или рамки на интерпретација, која во комуникациксата теорија е позната како ефект на применливост[2] (applicability effect). Овие познати интерпретативни рамки се конструирани од владеачката партија и натаму, синхронизирано и конзистентно се репродуцираат низ медиумите. Целта е луѓето да ги вклопат своите толкувања за новите настани во некоја претходно создадена ментална слика за „непријателите на државата“, за „Македонците како

[2] Price, V., & Tewksbury, D. (1997). News values and public opinion: A theoretical account of media priming and framing. In G. A. Barett & F. J. Boster (Eds.), Progress in communication sciences: Advances in persuasion (Vol. 13, pp. 173–212). Greenwich, CT: Ablex.

жртви на странски заговор“, за „опозицијата како соработник на странски служби“ и др.

Во февруари, оваа појава можеше јасно да се распознае како осмислена стратегија за оркестрирана пресметка со сите критички гласови кои изнесуваа спротивни ставови од оние на партијата на власт. Неколку примери беа особено парадигматични за оваа стратегија: нападите врз Специјалното Јавно Обвинителство, негативниот тон на известување кон меѓународната заедница, негативната кампања против кон белгискиот експерт Питер Ванхауте и др.

Главна „жртва“ на нападите беше Специјалното јавно обвинителство и обвинителката Катица Јанева, која трите телевизии Сител, Алфа и Канал 5 ја обвинуваа за „злоупотреба на правото да користи стан во Скопје“, за „политичка поврзаност со СДСМ“ и за „несоодветно постапување со сведоци“, пред се` преку некритичко пренесување на содржини објавени од интернет-портали (Курир, Прес 24). Ова особено се случуваше на денот кога СЈО ги објави првите информации за покренатите кривични обвиненија за изборна измама. При известувањето за приведувањето на градоначалникот на Пустец, овие телевизии него го претставува како „жртва на антимакедонска борба“, а СЈО како „противник на националните интереси на Македонците“. Другите телевизии, пак, темата ја следеа неутрално, со фокус на „обидот СЈО да се справи со криминалот“, на “спроведување на законите“, на „владеењето на правото во државата“ и сл.

Оркестрираните напади врз СЈО особено беа засилени кон крајот на февруари и почетокот на март кога беше објавена информацијата (29 февруари), објавена најпрво од порталот Курир, за тоа дека „опозицискиот лидер Зоран Заев дал наредба до специјалната јавна обвинителка ...во претстојниот период до изборите на 5 јуни да излезе со што е можно повеќе барања за истраги поврзани...“ (Канал5), или дека „... извори од Бихаќка брифираат дека Заев и дал наредба на специјалната обвинителка во периодот до 5 јуни да излезе со што е можно повеќе барања за истраги, за да се компромитираат кадрите на владејачката партија“ (Сител), односно дека „...насоката на Заев била по секоја цена да има вакви барања за истраги од политичката алатка на СДСМ - специјалното обвинителство“ (Алфа). Натаму, на 1 март ТВ Алфа објавува прилог за тоа „Дали Катица Јанева е регистриран земјоделец или обвинител. Специјалната обвинителка побарала од државата да земе ниви под наем по багателна цена“, кој потоа ударно го пренесуваат и Сител и Канал5 во централните вести, додека за ова не известува ниту една друга телевизија. Натаму, на 1, 2 и 3 март сите три телевизии објавуваат слични прилози за тоа како „случајни граѓани“ без исклучок ја критикуваат и ја девалвираат работата на Јанева која „наместо да се однесува како партиско тело ... (треба) да работи за функцијата која е назначена“.

Втор карактеристичен пример се прилозите од 23 февруари во кои сите провладини телевизии ја напаѓаа меѓународната заедница за мешање во внатрешните работи на Македонија и ја обвинуваа за нарушување на суверенитетот поради најавата меѓународната заедница да даде оценка за тоа дали се исполнети условите за одржување на фер и демократски избори. Тие како извор го користеа Ѓорѓи Наумов, првиот министер за правда, кој ниту учествуваше на некаков јавен настан, ниту е редовен коментатор во медиумите на актуелните состојби, но токму тој ден сите три телевизии побарале мислење од него. Исто така, во сите прилози беше емитувана архивска снимка од прославата по референдумот за независност на 8 септември 1991 година, со говорот на првиот претседател Киро Глигоров.

Кампањата против белгискиот експерт Ван Хауте беше започната поради неговите критички ставови искажани во јавноста, а особено поради неговите пораки на социјалната мрежа Твитер, во кои на сатиричен начин тој укажува на крупни аномалии во функционирањето на институциите и на демократијата во земјава.

## ПРЕКРШУВАЊА НА ЗАКОНОТ И НА ЕТИЧКИТЕ СТАНДАРДИ

- МТВ1 во континуитет ги прекршува стандардите и начелата на програмите утврдени во член 111, а посебно обврската од член 110 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, за тоа да „не застапува и да не заштитува ставови или интереси на одредена политичка партија, ... а програмите кои ги создава и емитува да бидат заштитени од влијание на власта, политички организации или други центри на економска и политичка моќ.“

  Во голем број прилози емитувани во текот на целиот набљудуван период некритички се промовираат владини проекти и инвестиции, со пропагандно-апологетски приод. Во овие прилози главно се известува за теренски активности на Груевски како лидер на ВМРО-ДПМНЕ, кој притоа промовира владини проекти. Новинарите на МТВ во ваквите прилози некритички го промовираат во улога на „фактички премиер“, наместо да направат дистинкција меѓу државната и партиската функција (на пример: 27 февруари, оценка на новинар „Груевски изврши увид и во изградбата на спортската сала“).

- Трите приватни телевизии Сител, Канал 5 и Алфа во континуитет, ги прекршуваат основните начела на програмите, утврдени во членот 61 на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, за: (1) „објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања“ (член 61 став 1 алинеја 9), и за (2) „самостојност, независност и одговорност на уредниците, новинарите и другите автори при создавањето на програмите и креирањето на уредувачката политика“ (член 61 став 1 алинеја 13).

  Секоја од овие телевизии, зазема страна и пристрасно ги фаворизира ставовите на владејачката партија при известувањето за релевантните политички настани, а особено за: тензиите околу поставувањето на темелите на крстот во општина Бутел, политичката криза и предвремените парламентарни избори, а најмногу во континуираното напаѓање, навредување и демонизирање на Специјалното јавно обвинителство. Прекршувањето на членот 61 е видливо и преку емитувањето речиси идентично уредени информативни прилози (примери од 29 февруари и од 1, 2 и 3 март), сите за Специјалното јавно обвинителство и Катица Јанева.

- МТВ1 и трите приватни телевизии Сител, Канал 5 и Алфа, во континуитет ги прекршуваат основните начела утврдени во Кодексот нановинарите на Македонија и особено членот 14 во кој се вели дека „известувањето од политичките процеси... треба да биде непристрасно и избалансирано.“

- Во интервјуто на Сител телевизија со Зоран Заев, емитувано на 12 февруари, беа направени серија повреди на законските и на етичките норми. Прво сериозно прекршување, кое во континуитет се прави во вестите на оваа телевизија, е отстапувањето од основните начела врз кои се темели информативната програма (член 61 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги), меѓу кои особено начелата за: (а) пресумпција на невиност, (б) објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања и (3) самостојност, независност и одговорност на уредниците, новинарите и другите автори при создавањето на програмите и креирањето на уредувачката политика. Второто, исто така сериозно прекшување, е ширењето стереотипи за цела една етничка заедница – Турците, што е спротивно на член 48 од истиот Закон каде се вели дека не смее да „...се поттикнува или шири дискриминација, нетрпеливост или омраза врз основа на раса, пол, религија или националност“.

- Се поставува и прашањето дали медиумското покривање на активностите на терен, и на владејачката партија и на опозицијата (во форма на владини проекти, средби со граѓани и предизборни ветувања), не е прекршување на изборната регулатива. Во Изборниот законик периодот кога може да се води изборната кампања е јасно утврден, иако нема експлицитна

забрана за тоа дека пред тој период политичките партии не смеат да водат изборна кампања, односно дека медиумите не смеат да известуваат. Ниту во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги нема експлицитна забрана за тоа дека медиумите не смеат да известуваат за теренска кампања на партиите пред да е таа официјално започната. Сепак, се поставува прашањето која е смислата на одредбите од Изборниот законик според кои изборна кампања може да се води (или да се известува за неа) во точно определен период пред изборите, доколку политичките партии (иако немаат статус на учесници во изборна кампања) гласачите неколку месеци порано ги бомбардираат со предизборни ветувања. Доколку се смета дека тоа е од јавен интерес – партиите да можат да водат изборна кампања во подолг временски период, тогаш нема потреба од законска одредба со која се пропишува определен период на започнување и завршување на кампањата. Истото се однесува и за медиумите – наместо граѓаните постојано да ги бомбардираат со прилози за тоа што ветуваат партиите, би требало критички да информираат за реалните проблеми со кои се соочува граѓанинот. Затоа, иако ваквото известување не е утврдено експлицитно како забрана, односно не е прекрчување на законите – сепак, тоа не е во согласност со јавниот интерес.

- Во емисијата емитувана на Канал 5 на 12 февруари се забележува повторно хомофобична реторика од страна на водителот Неделковски на адреса на ЛГБТ заедницата што всушност претставува <u>имплицитен говор на омраза против оваа група граѓани, што е повреда на одредбите од член 48 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и одредбите од Законот за заштита од дискриминација</u>. Треба да се нагласи и продолжувањето на праксата на Неделковски да објавува приватни фотографии на лица кои не се јавни личности и нив да ги коментира во негативен или навредлив контекст (објавува фотографија на синот на јавна личност, прегрнат со друго момче со навредлив коментар), што претставува <u>повреда на начелото на заштита на приватноста утврдено во член 61 од Законот за аудио и аудиовизуелни емдиумски услуги и на одредбите од Законот за заштита на лични податоци</u>.

  Емисијата „Во Центар" на новинарот Васко Ефтов емитувана на Канал 5 на 15 февруари, посветена на иницијативата за основање албанска православна црква во Македонија изобилува со стереотипизација врз етничка основа и демонизирање на 'Албанците'. Од страна на водителот и на гостите, чии изјави се пренесуваат во емисијата, Албанците се прикажуваат како напаѓачи на македонското православие. <u>Според начинот на кој се формулирани речениците во оваа емисија ова може да се категоризира говор на омраза што е повреда на одредбите од член 48 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.</u>

## <u>НАСТАНИ ЗА КОИ СЕ ИЗВЕСТУВАШЕ ВО ВЕСТИТЕ</u>

(1) <u>Политичката криза и можноста за предвремени избори</u>

*Развојот на политичката криза и можноста за предвремени избори* беше тема за која најмногу се известуваше во централните телевизиски вести и во текот на февруари (вкупно 616 прилога). Во првата недела се известуваше во помал обем (58), главно за потребата од прочистување на избирачките списоци и за подготвеноста за избори, во наредната интересот за истите овие прашања беше уште поголем (141), додека во третата недела изветсувањето за темата кулминираше (297 прилози) бидејќи се очекуваше проценката на меѓународната заедница за тоа дали се исполнети условите изборите да се одржат на 24 април. Во четвртата недела интересот за темата се намали значително (120 прилози) и се фокусираше на посетата главно на високиот претставник на Стејт Департмент Брајан Хојт Ји и на прочистувањето на избирачкиот список. Како и во јануари, и овој месец Сител, Канал 5, Алфа и МТВ1 продолжија синхронизирано да ги пропагираат ставовите на ВМРО-ДПМНЕ, за тоа дека изборите мораат да се одржат на 24 април, додека СДСМ и другите актери кои укажуваа на неисполнетите услови (проблемите со избирачките списоци и во медиумската сфера), беа континуирано предмет на напади. Другите медиуми главно неутрално-критички и/или аналитички пристапуваа кон темата.

Во првата набљудувана недела (од 6 до 12 февруари), за политичката криза беа објавени вкупно 58 прилози. Генерално се пренесуваа активностите околу прочистувањето на избирачкиот список, повиците од повеќе субјекти за фер избори (премиерот Емил Димитриев, народниот правобранител Иџет Мемети), како и коментарите на странски дипломати или политичари околу подготвеноста за избори. Во оваа смисла, телевизиите Сител, Алфа и Канал 5 посебно ја нагласуваа изјавата на потпретседателот на Европската народна партија Тајани, кој по средбата со лидерот на ВМРО-ДПМНЕ изјави дека изборите треба да се одржат на 24 април. Со тоа тие покажаа фаворизирачки однос кон овој став, кој е и позиција на власта, наспроти опозицијата, која бара одложување.

Во наредната недела (13 – 19 февруари) за кризата и за предвремените избори беа објавени речиси три пати повеќе прилози отколку во претходната (141), со што продолжи и дихотомијата во известувањето за евентуалниот датум за нивно одржување. Провладините Сител, Канал5 и Алфа известуваа со силно фаворизирачки тон кон ставот на власта и на владејачката ВМРО- ДПМНЕ за датумот 24 април (Зошто лидерот на СДСМ Зоран заев бега од избори на 24 април, а во истовреме се надева дека амбасадорите на САД и на унијата ќе му дадат безрезервна поддршка?- Канал 5 19 февруари, „ Груевски и Димитриев најавуваат избори на 24 април- Заев тврди дека нема да се случат"- Сител 18 февруари, "Социјалдемократскиот сојуз да не ги бојкотира изборите на 24 април поради тесно партиски интереси Аафта 18 февруари). Многу поблаго фаворизирање на овој став има во прилозите на МТВ1 и МТВ2 преку пренесување на изјавите на претставниците на владејачките ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ, додека кај телевизијата 24, Телма, Алсат М и ТВ21 се пренесуваа различните ставови за датумот за избори и се анализираа различните сценарија ако тие се одржат или ако се одложат.

Во неделата од 20 – 26 февруари темата стана главна на вестите на сите телевизии (со вкупно 297 прилози), бидејќи во фокусот беше одложувањето на изборите од 24 април на 5 јуни. Сите телевизии објавуваа во просек по четири прилози дневно за случувањата поврзани со изборниот датум, очекувањето и соопштувањето на препораката од ЕУ и САД, следењето на седницата на Собранието во пресрет на закажаното распуштање (23 февруари), пренесувањето на реакциите на политичките актери, пренесувањето мислења на аналитичари итн. Кај дел телевизии (Сител, Алфа, Канал 5) е забележано фаворизирање на позициите на владејачката партија да не се одложат изборите, додека другите телевизи ги пренесуваа аргументите „за" и „против" одложувањето без експлицитно да го поддржат едниот или другиот став. Трите телевизии изразуваа силен напаѓачки однос не само кон опозицијата, туку и кон субјектите што исто така изразија став дека изборите треба да се одложат, и тоа невладината организација МОСТ (20 февруари, Сител, Алфа и Канал 5, пренесен текст од порталот Журнал: „Веќе нема сомнение дека Дарко Алексов преку неговата МОСТ ќе напише таков извештај за изборите каков што од него очекува Заев и СДСМ"), Државната изборна комисија (21 февруари, Сител: „Чичаковски како да пропадна во земја иако тој е платен од граѓаните да ги спроведе изборите кои што партиите се договорија да се одржат на 24 април"; 22 февруари, Алфа: „Познавачите коментираат дека ДИК, која е под контрола на СДСМ, ќе направи се` за одложување на соочувањето со граѓаните", 23 февруари, Канал 5: „Содржината на самото соопштение наликува како да е пишувано од штабот на СДСМ"), како и кон меѓународната заедница (22 февруари, Канал 5: „На дел од македонските граѓани им пречи улогата на меѓународната заедница во преговорите"; 23 февруари, Сител: „Интелектуалната јавност се буди: Граѓаните, а не амбасадорите го имаат последниот збор"; 23 февруари, Алфа: „Мешањето на меѓународниот фактор во внатрешните работи на Македонија е силување на демократијата").

(1) Во четвртата набљудувана недела (27 февруари – 4 март) интересот за темата донекаде се намали (120 прилози), иако ова беше втора тема според интензитетот на известување во неделата (после камен-темелникот за крстот во Бутел). Додека провладините медиуми (Сител, Канал 5 и Алфа) и покрај минатонеделното поместување на датумот за избори, и натаму се на ставот дека опозицијата со сите сили се труди избори да нема ниту на 5 јуни (Сител, 1 март: „Додека ВМРО ДПМНЕ ја подготвува најопфатната изборна програма досега, СДСМ и понатаму не отстапува од идејата за доаѓање на власт со црни сценарија и со помош на

Катица Јанева“; Канал 5, 1 март: „На овие предвремени парламентарни избори граѓаните ќе избираат помеѓу два концепти: концептот на деструкција и криуза кој го нуди СДСМ заедно со посегнување по суверенитетот на државата, и концептот на квалитетна програма насочена кон решавање на проблемите на граѓаните понуден од ВМРО ДПМНЕ“). Кај останатите телевизии темата се следи преку активностите на ДИК, посетата на високиот претставник на Стејт Департмент Брајан Хојт Ји и на изјавите на главните политички субјекти за почетокот на операцијата на прочистување на избирачкиот список, без градење однос кон политичкиот субјект.

(2) <u>Работата на Специјалното јавно обвинителство</u>

Работата на Специјалното јавно обвинителство беше можеби најважната тема која го окупираше медиумското внимание во текот на февруари, што беше поврзано со објавувањето на првите кривични пријави што ги спроведе ова обвинителство. Темата убедливо го окупираше медиумското внимание во првите две набљудувани седмици, за потоа во третата недела речиси да ја снема, и на крајот, во четвртата седмица повторно да се врати, но сега како псевдо-настан за „спрегата меѓу СЈО и опозицијата“, наметнат првенствено од провладините медиуми.

Во првата недела (<u>6 - 12 февруари</u>) работата на *Специјалното јавно обвинителство* беше главната тема (110 прилози), особено последниот ден - 12 февруари, кога на прес-конференција СЈО ги објави првите кривични пријави. Забележани се големи разлики во покривањето на оваа тема. Пред одржувањето на прес-конференцијата, телевизиите Сител, Алфа и Канал 5 емитуваа напаѓачки прилози за станот што го користи обвинителката Катица Јанева и за нејзината наводна поврзаност со опозицискиот лидер Зоран Заев. МТВ1 не се придружи во оваа негативна кампања, освен со еден прилог за анкетата на Брима Галуп според која населението нема доверба во Јанева. Другите телевизии неутрално ги пренесуваа информациите за работата на обвинителството и за кривичните пријави поднесени против него. На денот на прес-конференцијата, Сител и Алфа продолжија со напаѓачкиот однос, Канал 5 делумно омекна, но ги емитуваше извештаите во вториот дел од вестите. Другите телевизии (Алсат М, 24 Вести, Телма) ударно ја пласираа темата, со по пет-шест прилози во низа, покривајќи ги сите аспекти, и навраќајќи се на содржините што ги емитувале порано во врска со содржината на кривичните пријави, манипулацијата со изборите и тн.

Во втората набљудувана недела (13 – 19 февруари) ова стана убедливо најексплотираната тема (183 прилози). Продолжува негативниот однос во известувањето на Сител, Канал 5 и Алфа кон работата на СЈО и кон обвинителката Јанева, при што во дел од прилозите нејзината работа се доведува во директна спрега со лидерот на СДСМ Заев: „Титаник на Јанева заринка во калта - нема притвор за 4- ца осомничени, неаргументирани барања на СЈО“ (Алфа, 13 февруари), „Специјалната бара и предмети што не се дел од „бомбите“ (Канал 5, 17 февруари), „Ефектот од Титаник, на кој заплови специјалната обвинителка Катица Јанева во јавноста е негативен, и далеку од очекувањата на Зоран Заев“ (Алфа, 14 февруари), „Случајот Титаник освен што даде негативен ефект во јавноста, неговото реализирање е и далеку од очекувањата на Зоран Заев“ (Канал 5, 14 февруари), „Многу барања има СДСМ до Јанева, да им го расчисти патот до избори па може и да победат: да се укине ВМРО-ДПМНЕ“, (Сител, 13 февруари). Телевизијата 24 и Телма случајот го покриваат непристрасно и длабински, со анализи, со пренесување на сите реакции. МТВ1, МТВ2 известуваа врз основа на дневните информации, без оценки и коментари, додека ТВ21 и Алсат М заземаа и критички став („Досегашното постапување на судот по барањата за притвор на Јанева веќе наиде на критики во јавноста за селективна правда“ – Алсат М од 14 февруари).

Во третата набљудувана недела (20 – 26 февруари) интересот за темата речиси згасна, бидејќи беа идентификувани само 10 прилози посветени токму на специјалното јавно обвинителство и покренатите кривични постапки.

Затоа пак, во неделата потоа (27 февруари – 4 март) интересот за *работата на Специјалното јавно обвинителство* повторно се врати на медиумската агенда (вкупно 85 прилози), но сега

со повторно наметнување на тезата за „спрега меѓу СЈО и опозицијата“. Продолжува трендот на трите провладини комерцијални телевизии Сител, Канал 5 и Алфа на демонизирање на оваа институција и особено на обвинителката Катица Јанева. Овие телевизии повторно ја истакнуваат наводната спрега меѓу ова обвинителство со опозициската СДСМ (Канал 5, 29 февруари: „Насоката на Заев била по секоја цена да има вакви барања од политичката алатка на СДСМ, а тоа е СЈО, пишува Курир“; Алфа, 3 март: „ А СДСМ почна и преку медиумите јавно да ги презентира политичките нарачки на опозицискиот лидер Заев до специјалната обвинителка Јанева“; Сител, 3 март: „СЈО не е независна институција туку партиски орган на СДСМ и соросоидите, бидејќи нејзините постапки и пресови, акции и активности ги нарачуваат, а потоа и најавуваат од СДСМ, а потоа и медиумите од кампот на Сорос“). Во новинарските прилози (најголем дел без извори, или како извори имаат портали блиски до власта) има и лични напади и дисквалификации врз Јанева (Алфа, 1 март: Дали Катица Јанева е регистриран земјоделец или обвинител. Специјалната обвинителка побарала од државата да земе ниви под наем по багателна цена“, информација што ја пренесуваат и Сител и Канал 5; Сител, 3 март: „Заради приватните журки на Катица и Заев, Поткуп и Пуч судот не може да ги реши случаите. Вчера свадба, денеска приватно патување“). Кај другите телевизии во фокусот на известување беше барањето на СЈО за измени во Законот за заштитени сведоци (24 вести, 3 март: „Министерот за правда реши да молчи за најновото барање за законски измени на Јанева. Без коментар останаа и од Владата, дали планираат да и излезат во пресрет на СЈО“). Кај телевизиите кои емитуваат програма и на албански и на македонски јазик, главно се известуваше се сведочењето на лидерот на ДУИ Ахмети во СЈО за случајот Космос, но без заземање каков било став.

(3) Проекти и остварувања на партијата на власт

Во текот на цел февруари провладините медиуми продолжија со интензивно промовирање на проектите и остварувањата на ВМРО-ДПМНЕ како партија на власт (288 прилози), при што Груевски редовно се појавуваше во улога на „фактички“ премиер, иако после оставката е само лидер на главната опозициска партија. Другите телевизии или многу малку известуваа за овие псевдо-настани исконструирани од власта или им приоѓаа со критички тон.

Во првата седмица (6 - 12 февруари) се емитувани 74 прилози, најмногу на телевизиите МТВ1 (23 прилози), Сител (18), Алфа (28) и Канал 5 (12). Притоа овие прилози не само што имаат силен фаворизирачки тон кон Владата и нејзините функционери, туку имаат повеќе политичко-пропагандни отколку новинарски елементи (Алфа: „Микро и малите претпријатија кои сакаат да го прошират и развијат сопствениот бизнис со отворање на нови работни места, може да добијат 92.000 денари државна помош за вработено лице“). Другите телевизии не ги следеа или имаа критички однос кон оваа тема.

Истата стратегија на известување продолжи и во периодот од 13 – 19 февруари (87 прилози), при што нема промена во ставовите кај провладините медиуми Сител, Канал 5, Алфа, јавниот сервис МТВ1 и МТВ 2 кои во пропагандистички стил известуваа за остварувањата на власта: „Првата домашна компанија ги удри темелите на фабриката во зоната Бунарџик-најавува 300 нови работни места“ (Сител, 16 февруари), „Адеми даваше отчет 2 милијарди евра инвестиции за околу 900 проекти“ (МТВ2, 19 февруари), „Вложувањето од 20 милиони евра треба да креира 300 работни места“ (МТВ1, 17 февруари), „Денеска седум или вкупно 27 проекти за младите“ (Алфа, 13 февруари), „Над 7.000 парцели подготвени за мега проектот Купи куќа за млади“ (Канал 5, 15 февруари). Примери на фаворизирање на владини проекти има и кај ТВ21 на македонски и на албански јазик, но тие се однесуваат на функционерите на ДУИ. Телма, 24 и Алсат М многу ретко ги пренесуваат активностите на власта, или во случаи кога се критикува поистоветувањето на партијата и државата.

Нешто помалку прилози (66) се емитувани во следната седмица од 20 – 26 февруари. МТВ1, Сител, Алфа и Канал 5, заедно објавија вкупно 55 од овие прилози. Известувањето на четирите телевизии во врска со овие теми беше со позитивен и фаворизирачки однос. Притоа се забележуваа случаи во кои беше нејасна линијата меѓу известувањето и политичкиот маркетинг (24 февруари, Алфа: „За надградбите може да се користат поволностите од

проектот „Купи куќа за млади", но и да се користат и бесплатните проекти"; 20 февруари, Сител: „Мисајловски: Преку 430 милиони евра инвестиравме во патната инфраструктура во источниот регион"; 21 февруари, Канал 5: „Со 5100 вработени и 3 производствени капацитети и на исто толку странски инвеститори во постојната индустриска зона е поттикот на општинските татковци помогнати од владата на македонија да го стартваат најголемиот градежен зафат"; 23 февруари, МТВ1: „Големи попусти за купување стан и државно земјиште за изградба на куќи. Фокусот е на проектите Купи куќа за млади и Купи куќакупи стан").

И последната седмица (27 февруари – 4 март) теми е многу застапена (61 прилози), благодарение на интензитеот на информирање кај Јавниот сервис - МТВ1 и кај трите провладини комерцијални телевизии Сител, Канал 5 и Алфа. Тонот со кој се известува наликува на политички маркетинг (МТВ 1, 29 февруари: „Со проектите на владата бизнисот на градежниците пораснал за 65,8 отсто во 2015", МТВ2 1, март: „Градежништвото е столб на економијата", Сител, 3 март "Штипската болница е најголема капитална инвестиција во здравството"). Одредени владини мерки, како регистрација на земјоделски машини (27 февруари), се следат и од останатите телевизии (24 вести), но тие се инцидентни и информативни. Телма објави три прилози за владини мерки, но сите со критички осврт (за намалување на странските инвестиции и критиката на Светската банка за македонското образование). Кај телевизиите со албански етнички предзнак, активностите на Владата се следат преку активностите на функционерите од ДУИ, при што кај ТВ21 и Алсат М на албански јазик доминира критичкиот тон.

(4) Активности на опозицијата

Трендот на засилено известување на провладините телевизии за активностите на терен на опозицијата е забележлив и во февруари (вкупно 180 прилози) и најверојатно се должи на обидот да се прикаже некаква избалансираност во известувањето и да се „оправда" интензивното известување за владините проекти и на активностите на Груевски како лидер на ВМРО-ДПМНЕ. Од друга страна, во другите прилози за секојдневните настани, опозицијата беше континуирано демонизирана и напаѓана, а власта фаворизирана. Ова води кон заклучок дека и покрај невообичаената застапеност на опозицијата во вестите, недостасува вистинска балансираност и непристрасност во известувањето.

Во првата седмица (6 – 12 февруари) за опозицијата се известуваше со најсилен интензитет (65 прилога). Таа беше најзастапена на МТВ1 (16 прилози), Сител (18 прилози) и на Канал 5 (12 прилози). Клучната разлика во известувањето беше што на телевизиите МТВ1, Алфа, Сител и Канал 5 многу почесто отколку на другите телевизии беа застапени партиските активности на опозицијата, пред се` посетите на нејзините претставници на градовите во Македонија и ветувањата што ги даваа пред локалните жители. На другите телевизии (Алсат М, Телма, 24 вести, ТВ 21) во преден план беа активностите на функционерите на опозицијата што се министри или дополнителни заменици-министри во Владата, кои речиси секојдневно имаа обраќања околу неправилности во работата на институциите чиј дел се (Љупчо Николовски, дополнителникот заменик-министер за земјоделство обвини за недостиг од контрола на безбедноста на храната, Александар Кирацовски, дополнителниот заменик-министер за информатичко општество реагираше за оценувањето на администрацијата, итн). Притоа, редовно се покриваа и нивните изјави и реакциите на другата страна (ВМРО-ДПМНЕ или институцијата), кога ги имаше. Овие телевизии не ги покриваа партиските активности и преизборни ветувања на СДСМ. Четирите провладини телевизии, пак, паралелно продолжија и со неосновано или демонизирачко напаѓање на опозицијата, користејќи мошне често цитирање виртуелно креирани содржини на интернет-портали или мислења на „провладини" аналитичари. Кога се во прашање актуелните теми (преговорите за медиумите, собраниската расправа за новиот универзитет за национална безбедност „Дамјан Груев"), овие телевизии, со исклучок на МТВ1, отворено ги напаѓаа позициите на СДСМ и ги бранеа тие на ВМРО-ДПМНЕ, што води до заклучок дека и покрај невообичаената застапеност на опозицијата во нивните информативни програми, се` уште недостасува волја за вистинска балансираност и непристрасност во известувањето.

Во втората седмица (13 – 19 февруари) овој тренд на известување бележи пад (45 прилози). Најмногу (21 прилог) објави јавниот сервис МТВ1 при што известувањето е коректно (13 февруари „СДСМ: Манчевски: Ветуваме подобар живот на граѓаните“, „СДСМ: Ревизија на поделените земјоделски површини“, 15 февруари „СДСМ вети проекти за Чашка и за регионот“). Преостананите 24 прилози се објавени на Сител, Канал 5 и Алфа: (Сител 15 февруари „Потпретседателот на СДСМ Манчевски во општина Чашка најави изградба на автопат Велес-Меџитлија по промена на власта“, „СДСМ обвинува за слабости во здравството“, 16 февруари). Канал 5 објави и интервју со министерката за труд и социјална политика (19 февруари) каде имаше обид на уредничката Лидија Богатинова да се „дискредитира“ гостинката, со тврдење дека наводно била членка на ВМРО-ДПМНЕ, односно на СМК. Кај 24 вести, Телма ТВ21 многу ретко се известуваше за работата на опозицијата, и тоа најчесто преку аналитички прилози (ТВ21 македонски јазик 14 февруари „Опозициски филибастер „Дамјан Груев“ заглави во ќорсокак“). Останатите телевизии не објавија ниту еден прилог на оваа тема.

Третата седмица (<u>20 – 26 февруари</u>) се емитувани значително помалку прилози (вкупно 19), за четвртата седмица (<u>27 февруари – 4 март</u>) тој број повторно да порасне на 49. Најголем дел од овие прилози се објавени на МТВ1, Сител, Канал 5 и Алфа и делумно на ТВ 21 на македонски јазик. Овие прилози наликуваат или на класични предизборни промоции бидејќи промовираат одредени мерки кои опозицијата ги најавува доколку би победила на избори (1 март „Предлог-мерки на СДСМ за младите“) или се посочување на нерегуларности во работењето на институциите од страна на функционерите на СДСМ (3 март: „Администрација Кирацовски: Се врши притисок врз инспекторите“ 4 март „Кривична пријава: Николовски: Цветков ја злоупотребил позицијата“). Кај истите овие медиуми, опозицијата истовремено се појавува и како субјект на демонизирање (28 февруари: „Пред неколку дена доцна во ноќта јахтата на Шекеринска конспиративно беше изнесена од хангарите, и префрлена на друга локација“, информација во сите телевизии пренесена од порталот Курир). Останатите телевизии, активностите на опозицијата ги следат во контекст на дневните настани.

(5) <u>Поставување камен темелник на крст во општина Бутел</u>

Ова беше убедливо најзастапена тема на телевизиите во последната седмица на набљудуваниот период (<u>27 февруари – 4 март</u>), со вкупно 162 прилози. Во известувањето за оваа тема забележително е дека провладините медиуми (МТВ1, Канал 5, Сител и Алфа) имаа релативно мал број прилози, за разлика од критичките медиуми на македонски јазик, како Телма (12) и 24 вести (15), кои известуваа со поголем интензитет. Но, најмногу за темата (со фокус на можен меѓуетнички проблем) известуваа телевизиите со условно кажано етнички предзнак: ТВ21 (22 прилози на македонски, и 25 прилози на албански јазик) и Алсат М (по 23 и на македонски и на албански јазик). Кај провладините медиуми се наметнуваше наративот дека се работи за поттикнување меѓуетнички судир со тоа што албански граѓани предводени од ДУИ (инаку владин коалициски патнер) протестираат против симбил на православни Македонци, во мешана етничка средина, за што вината ја лоцираа во министерот за внатрешни работи Оливер Спасовски, функционер од СДСМ кој „не успеал да ги заштити граѓаните“. (Алфа 4 март, генерална најава: „Двојни аршини, еден за крстот друг за орелот. ДУИ не се откажува од кампот во Бутел. Дали затаи полицијата?“, Сител 4 март “Спасовски да го ослободи узурпираниот простор во Општина Бутел и да работи за тоа што му плаќаат граѓаните, порача градоначалникот на Бутел“). За разлика од нив, останатите медиуми заседоа силен критички став кон обидите на партиите на власт за поттикнување меѓуетнички тензии, преку користење на верски и национални симболи (24 вести, 28 февруари: „Орли и крстови за сеење магла/Случувањата со крстот се вешто изрежирано сценарио на Груевски и Ахмети за да се дефокусира јавноста, порачуваат аналитичарите“, Телма, 28 февруари „Експертите препознаваат политички кујни“). Во таквиот начин на известување ТВ21 и Алсат М преку експертски ставови укажуваа дека се работи за политичко сценарио на партиите власт и за злоупотреба на симболите. (ТВ21 4 март „Клик Плус“, Политиката ја користи религијата за партиска мобилизација“, Алсат М 28 февруари: „Политичките актери играат на картата на предизвикување тензии и поделби по етничка и по верска основа, за да ја покријат

неспособноста во соочувањето со реалните проблеми“. МТВ1 во известувањето на оваа тема само ги нотираше изјавите на иволвираните, без фаворизирање или демонизирање на некој од субјектите.

(6) <u>Преговори за уредување на медиумската сфера</u>

Темаата за медиумските преговори, што се отвори во последната недела на јануари, продолжи да го окупира медиумското внимание и во февруари (вкупно 117 прилози). Во фокусот на интерес беше прашањето за тоа дали ќе продолжат преговорите за медиумски реформи, главно кај неутрално-критичките медиуми, односно активностите на белгискиот експерт Ван Хауте на Твитер, главно кај провладините телевизии (со изразено негативен и навредлив тон кон белгискиот експерт).

Во седмицата од 6 до 12 февруари беа емитувани (34 прилози). Телевизиите Сител (5 прилози), Алфа (4 прилози) и Канал 5 (4 прилози) ги напаѓаа позициите на СДСМ и нивниот предлог-закон за медиуми, инсинуирајќи поврзаност со олеснувачот во преговорите Питер Ванхауте и сугерирајќи дека тој е пристрасен. Исто така, ги фаворизираа ставовите на Македонската медиумска асоцијација (ММА) за регулирање на оваа сфера. Другите телевизии како Алсат М (6 прилози), известуваа неутрално до каде се преговорите за медиумите, односно дека партиите се далеку од договор, и дека се обвинуваат меѓу себе за тоа кој е виновен за застојот, а се пренесе и барањето на ДУИ Македонската радио телевизија да се преименува во Радио-телевизија на Македонија.

Следната недела (13 – 19 феваруари) се емитувани 52 прилози. 24 вести, Телма, ТВ2, Алсат М, како и МТВ1 коректно ги пренесуваа изјавите на учесниците во процесот - посредникот Ванхауте и партиските претставници и новинарските здруженија, или преку дебати на експерти (ТВ 21, 19 февруари „Замрзнати“ преговорите за медиумите. Ќе се скрши ли мразот околу медиумските реформи!?). Провладините Сител, Канал5 и Алфа на ова тема известуваа со крајно негативен став кон белгискиот експерт посебно за неговата активност на Твитер каде што тој изразува свои ставови за дневните случувања (Алфа 19 февруари „Мачкарот“ се предомисли!? Вчера беше крајниот рок, но контроверзниот белгиски љубител на мачки се предомисли и преговорите за медиумите продолжија и денеска“, Сител 16 февруари„ Ванхауте ја прегази декларираната објективност на Твитер повторно се исмева со граѓаните“).

Третата недела е емитуван 31 прилог на оваа тема, но во контекст на интензивните политички преговори и пред се` поврзани со најавата на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски дека веќе нема да се преговара за ова прашање, и реакциите на таа изјава од претставници на Европската унија или од новинарските организации. Телевизијата што најмногу ја покри оваа тема беше Алсат М, која на 24 февруари емитуваше и интервју со посредникот во преговорите за медиумите, Питер Ванхауте.

(7) <u>Иницијатива до Уставниот суд</u>

Ова беше исклучително застапена тема кон крајот на месецот (20 – 26 февруари), со вкупно 116 прилози. Со *иницијативата поднесена до Уставниот суд* се бараше да се укинат одредбите од Законот за помилување со кои на претседателот на државата му се оневозможува да помилува лица осудени за изборни нерегуларности. Се следеше нејзиното поднесување, прифаќањето од Уставниот суд со пет гласа „за“ и четири „против“, се пренесуваа реакциите на политички субјекти и на јавноста, а се известуваше и за граѓанските протести против оваа одлука на судот. Забележани се разлики во известувањето. Дел телевизии ја ставаа иницијативата во актуелниот контекст, потсетувајќи дека одредбата се оспорува токму кога против високи функционери на ВМРО-ДПМНЕ се води постапка за изборни измами (Алсат М: „Случајно или не, иницијативата дојде во време кога почна правен случај за евентуална кривична одговорност за функционери од ВМРО-ДПМНЕ“), или укажуваа на неконзистентност на уставните судии (25 февруари, 24 Вести: „Интересно е што истите уставни судии кои во 2012 година гласаа дека е уставен регистерот за педофили, овојпат го дадоа својот глас за правото на педофилите да бидат помилувани“). Други, пак

(Сител, Алфа и Канал 5) ја обвинуваа опозицијата за неконзистентност, односно дека се бунела против усвојувањето на законската одредба во 2009 година, а сега се буни против нејзиното укинување, целосно поместувајќи го фокусот надвор од актуелниот контекст (25 февруари, Сител: „СДСМ во 2009 гласал против измените во законот за помилувања , а денес имаат спротивен став“; Канал 5: „Тврделе дека измените на законот за помилување се противуставни а сега протестираат пред уставниот суд, пишува Прес 24“, Алфа: „Сегашни и екс пратеници на СДСМ прд неколку години тврделе дека измените на законот за помилување се против уставни, сега истите тие протестираат пред Уставниот суд“). Сите три телевизии емитуваа стара изјава на пратеничката од СДСМ Цветанка Иванова од 2009 година, како поткрепа за својата теза.

## АКТУЕЛНО-ИНФОРМАТИВНИ ЕМИСИИ

Во набљудуваниот период предмет на набљудување беа вкупно 38 емитувани изданија на 11 различни емисии кои се емитуваат на телевизиите на национално ниво. Од нив, предмет на подлабока анализа беа само емисиите во кои во континуитет се фаворизира конкретен политички субјект, односно се прекршува новинарското правило за професионална дистанца од политичките субјекти, како и емисиите каде е идентификуван говор на омраза или дискриминирачки и негативен говор кон поединци или групи.

Кај јавниот сервис има извесно подобрување во насока на поголема избалансираност во изборот на гостите кои се поканети во дебатните емисии. Во двете изданија на емисијата „Акцент“ на МТВ1, во набљудуваниот период како гости беа поканети, покрај провладини, и критички настроени аналитичари кон владата кои дискутираа околу можноста за организирање на избори на 24 април и работата на СЈО. Но сепак, во емисијата „Од наш агол“ тоа не беше случај. Во двете изданија емитувани во февруари (на тема преговорите за медиумите и претстојните избори) гостуваа исклучиво провладини коментатори и аналитичари. Водителите на емисиите немаат фаворизирачки или напаѓачки однос кој ниту еден субјект, иако кај гостите политичката наклонетост беше видлива. Во емисијата „Аргумент“ на емитувана на МТВ2, гостуваа новинари и аналитичари Албанци кои дискутираа на актуелните политички теми како реформите од Пржино, можноста за избори на 24 април и активноста на опозиционите партии на Албанците во Македонија. Во сите изданија не е забележан фаворизирачки или напаѓачки однос кон политичките субјекти. Битно е да се одбележи дека, иако има извесно подобрување кај јавниот сервис во смисла на неутрално настапување на водителите, сепак во општиот пристап кон организирањето на дебатните емисии, сепак изборот на гостите, отсуството на критичка обработка на темите и отсуството на истакнати претставници на опозицијата говори за тоа дека јавниот сервис се уште не обезбедува доволно простор за критичка јавна дебата за актуелните политички теми.

Провладино-ориентираните приватни телевизии (Сител, Канал 5 и Алфа) речиси не обезбедуваат политички плурализам во актуелно-информативните емисии, односно настојуваат да ги претставуваат првенствено гледиштата на владејачката структура. На опозициските актери или не им даваат можност да ги изнесат гледиштата или ги напаѓаат и демонизираат:

- Сител воопшто нема дебатни емисии во ударното време. Анализирана е само емисијата „Јади бурек“ која се емитува на Сител 3 и во која редовно се коментираат домашни политички случувања. Во набљудуваниот период се анализирани 17 изданија. Како поради содржината на дискусијата така и поради односот на водителот и на гостите, сите овие емисии се индикативни во поглед на избалансираноста на политичките ставови што се застапуваат во нив, односно начинот на кој се третираат политичките субјекти од страна на водителот. Во емисиите гостуваа седум јавни личности, сите блиски до владејачката партија ВМРО-ДПМНЕ: Александар Пандов провладин коментатор, Ивона Талевска, уредник во Сител и Вечер и претседател на МАН, Илија Димовски координатор на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, Цветин Чилиманов, новинари и провладин коментатор, Александар Климовски универзитетски професор и провладин коментатор, Едмон Темелко градоначалник на Пустец

и осомничен од страна на СЈО во случај за изборен криминал, Филип Петровски директор на Архивот на Македонија и член на ВМРО-ДПМНЕ. Во емисиите водителот во неколку случаи јавно ги кани и членовите на СДСМ, но тврди дека во опозиционата партија постои забрана за појавување во емисијата „Јади бурек“. За сите изданија е карактеристичен отворениот напаѓачки и демонизирачки однос на водителот и на гостите кон опозицијата и некритичкиот и фаворизирачки однос кон владејачката ВМРО-ДПМНЕ. Водителот во неколку случаи има критички однос кон ВМРО-ДПМНЕ, но во смисла дека владејачката партија е премногу попустлива кон барањата на опозицијата. Сличен однос во повеќе случаи изразуваат и јавувачите во емисијата, но тука може да се забележат и исклучоци односно граѓани кои ја критикуваат и владејачката партија. Водителот не се оградува од говорот на своите гости.

- Од емисиите емитувани на Канал 5, предмет на набљудување беа емисиите „Миленко Лејт најт шоу“ и емисијата „Во центар“. Беа анализирани четири изданија на емисијата „Миленко Лејт најт шоу“, од кои две беа посветени на актуелни внатрешно-политички случувања, а две на теми од меѓународната политика. Емисиите од 5 и 12 февруари се посветени на темите од домашната политика и во студиото гостуваа Драган Павловиќ Латас (на 5 февруари) и Бобан Нонковиќ (на 12 февруари). Во емисијата од 5 февруари тема која ја определува водителот е загадувањето на воздухот. Неделковски и Латас имаат напаѓачки и негативен однос кон СДСМ и позитивен кон улогата на ВМРО-ДПМНЕ кон проблемот со загадувањето. Коментирајќи го некогашното работење на големите индустриски комплекси во Скопје (ОХИС, Железарница, ФАС 11 Октомври, Треска и др), Латас ги споредува со концентрационите логори Треблинка и Аушвиц за да каже какво негативно влијание имало затворањето на овие фабрики и дека вината за тоа ја носи СДСМ. Во емисијата емитувана на 12 февруари Неделковски и новинарот Бобан Нонковиќ имаат негативен и напаѓачки однос кон СДСМ, но и кон поедини новинари и невладини организации (ЗНМ, МИМ и др.) кои имаат критички однос кон власта. Во емисијата се забележува повторно хомофобична реторика од страна на Неделковски на адреса на ЛГБТ заедницата што всушност претставува имплицитен говор на омраза против оваа група граѓани.

> **Пример:** *„Треба да се лечат, треба да се ограничат со закон, треба да се заштитат семејните вредности, нашата црква и религија“*, Неделковски.
>
> **Пример:** *„Доколку победи СДСМ на изборите, предлагам овој хомосексуалецот од Крива Паланка да биде министер за евроинтеграции бидејќи таму најлесно ќе може да се интегрира и со своето тело и умствено доколку му додржува“*, Неделковски.

Треба да се издвои и продолжувањето на праксата на Неделковски да објавува приватни фотографии на лица кои не се јавни личности и нив да ги коментира во негативен или навредлив контекст (објавува фотографија на синот на јавна личност, прегрнат со друго момче со навредлив коментар).

- Од емисијата „Во Центар“ на новинарот Васко Ефтов во набљудуваниот период се анализирани четири изданија. Емисијата емитувана на 15 февруари посветена на иницијатива да се создаде албанска православна црква во Македонија изобилува со стереотипизација врз етничка основа и демонизирање на ‘Албанците’. Од страна на водителот и на гостите, чии изјави се пренесуваат во емисијата, Албанците се прикажуваат како напаѓачи на македонското православие. Според начинот на кој се формулирани речениците во оваа емисија ова може да се категоризира говор на омраза.

> **Пример:** *Најагресивна популација што ја родила човечката цивилизација се Гегите“ „Тоските не се агресивни како Гегите, тие се благородна бела раса“* Петар Поповски.
>
> **Пример:** *„Гледате драги гледачи како се сака да се удира во срцето на македонштината, а тоа е македонската вера и македонската црква.“* Васко Ефтов.

Во емисијата на 22 февруари Ефтов како тема ја поставува тезата дека опозицијата ја

предводи американскиот амбасадор Џес Бејли. Притоа односот кон СДСМ е негативен и напаѓачки и партијата се означува како „извршител на странски интереси“ кои сакаат „да ги урнат темелите на македонската државност, црквата, името, и институциите. Во емисијата на 29 февруари исто така се забележува негативен, напаѓачки, но и демонизирачки однос кон СДСМ и кон нејзиниот лидер Зоран Заев. Ефтов констатира дека Заев манипулирал со случајот Смилковско езеро и со роднините на убиените и прави паралела меѓу настаните од Диво насеље и Смилковско езеро притоа преку шпекулации инсинуира дека СДСМ стои зад настаните.

Другата група приватни телевизии (Телма, 24 вести, ...) во континуитет настојуваат во дебатните емисии да опфатат што е можно повеќе политички субјекти и да отвораат различни теми:

- Од емисијата „Топ тема“ на <u>Телма</u> во набљудуваниот период се анализирани шеснаесет (16) изданија на различни политички теми. Во две од овие изданија е забележан напаѓачки однос на гостите кон владејачката партија ВМРО-ДПМНЕ, но од страна на водителите е задржан критички и неутрален однос кон политичките субјекти. Во емисијата во набљудуваниот период гостуваа претставници на СДСМ, ДУИ, а во неколку изданија водителите потенцираа дека се поканети и претставници на ВМРО-ДПМНЕ, но дека никој не се одѕива на поканите. Водителите на емисиите внимаваат на застапеноста на коментатори и аналитичари кои ги поддржуваат ставовите на владата и такви кои се критични кон овие политики. Беа отворени сите релевантни теми од актуелните политички случувања: можноста за одржување на избори на 24 април, пржинските реформи, работата на СЈО, одлуките на Уставниот суд, бегалската и мигрантска криза итн.

- Од емисијата „24 Анализа“ на <u>24 вести</u> во набљудуваниот период беа анализирани девет изданија на кои беше дебатирано за следните теми: изборите на 24 април и опциите за нивно одложување, политичката криза, акцијата Титаник на СЈО, избирачкиот список, поставувањата на споменици кои предизвикуваат етнички превирања и др. Во емисиите не е забележан фаворизирачки или напаѓачки однос од страна на водителите на емисијата кон политички субјекти, позитивно или негативно врамување на политички субјекти, ниту елементи на говор на омраза.

  Во набљудуваниот период беа анализирани и четири изданија на емисијата „Вин-вин“. Во емисиите не гостуваат претставници на политички субјекти туку новинари, аналитичари, уметници и универзитетски професори кои се осврнуваат на политичката состојба. Притоа не е забележан неаргументиран напаѓачки, или фаворизирачки однос кон политичките субјекти.

- На <u>Алсат М</u> се анализирани емисиите „Патот кон“, „360 степени“ и „200“. Во трите анализирани изданија на емисијата „Патот кон“ гостуваа претставници на ДПА, ДУИ, СДСМ и БЕСА, како и новинари и претставници на медиумски организации. Теми на дискусија беа: преговорите за медиумите, СЈО и акцијата Титаник, случаите Сопот и Монструм и актуелните меѓуетнички превирања во Бутел и Чаир. Анализирани се единаесет изданија на емисијата „360 степени“. Во емисиите гостуваа претставници на ДУИ, СДСМ, невладини организации и амбасадорите на САД, Франција и посредникот во преговорите Питер Ванхауте. Во емисиите гостуваа аналитичари, коментатори и новинари кои дискутираа за актуелните политички настани како: гласањето во Собранието за одложување на изборите, работата на СЈО и акцијата Титаник, прочистување на изборниот список и можностите за предизборни коалиции на партии од македонскиот и албанскиот политички блок. Од страна на водителите на трите емисии не е забележан фаворизирачки или напаѓачки однос кон политички субјекти.

- На телевизијата <u>ТВ 21</u> беа анализирани четири изданија на емисијата „Клик“. Гости во овие изданија беа членови на партиите СДСМ, ДУИ, ДПА и БЕСА, а темите беше околу актуелните политички случувања и односи. Во сите изданија не беше забележан фаворизирачки или негативен однос кон политичките субјекти.

## **<u>VI. МЕТОДОЛОГИЈА</u>**

**1) Теоретско - концептуална рамка**
Методот што се применува во ова истражување се потпира на теоријата за врамувањето (framing) која објаснува на кој начин медиумите ги врамуваат темите од општествениот и политичкиот живот за кои известуваат. Рамката на известување (news frame) е „централната идеја“, или „линијата на приказната“ која го организира новинарскиот текст и им дава значење на настаните што во него се редат. Таа е централна организирачка идеја во информативната содржина, која обезбедува контекст и сугерира во што се состои прашањето, преку селектирање, нагласување, исклучување и елаборирање.

Рамката на известување содржи четири аспекти: (1) *Темата* на информативниот прилог – што е вклучена во рамката; (2) *Презентација* – обем и место на прилогот; Покрај овие аспекти, елементи кои се оценуваат од аспект на презентацијата се и фотографиите, цитатите, насловите и поднасловите; (3) *Когнитивни обележја* – детали за тоа што е вклучено во рамката; (4) *Афективни обележја* - тонот на известувањето.

Собирањето податоци за квантитетот на известувањето посветено на различни политички субјекти не дава целосна слика за плурализмот што го претставуваат медиумите. Јавната претстава за политичките партии, кандидати или лидери не се обликува само преку обемот на времето што им се доделува, туку и преку начинот на кој тие се претставени. Оценката на приодот или ’тонот’ на известувањето покажува каков е ставот или приодот на медиумот кон конкретниот политички субјект. Меѓутоа, ова не е доволно за да се оцени дали медиумот известува објективно и точно. Континуираното неточно известување е еден од најсериозните недостатоци во медиумското покривање на политичките настани што може да се утврди само со помош на сеопфатна квалитативна анализа, која подразбира посложени методолошки постапки (на пример, споредба на известувањето со реалните настани или следење на известувањето на еден ист настан на повеќе медиуми).

**3) Методолошки приод применет во истражувањето**
Ова истражување има за цел да утврди дали медиумите ги почитуваат професионалните стандарди во известувањето за политичките актери утврдени во Кодексот на новинарите на Македонија и во кодексите на меѓународните организации. Анализата треба да одговори на следниве <u>истражувачки прашања</u>:

- Колку во вестите се изнесуваат коментари и оценки со кои се фаворизира, односно се напаѓа одредено политичко гледиште (неаргументирано или на начин со кој новинарот самиот зазема страна)?
- Кои се најизразените примери на фаворизирање односно демонизирање на политичките субјекти во вестите?
- Кои се најчестите примери на манипулирање со изворите? Дали мислењата на изворите што се наведуваат во вестите се најчесто спротивставени или застапуваат во основа едно исто гледиште?
- Кои политички субјекти се најчесто застапени со директни обраќања во вестите? Дали одделни политички гледишта се премногу застапени, а други се исклучени?
- Дали во вестите се користи манипулативна аудиовизуелна презентација? Кои се нејзините најчести форми?
- Дали во вестите и актуелно-информативните емисии има експлицитни повици на насилство, негативен говор и стереотипизација кон групи?
- Дали во актуелно-информативните емисии се води грижа адекватно да бидат претставени различни и спротивставени гледишта за темата која е предмет на дебата? Дали има фаворизирање односно демонизирање на политичките субјекти од страна на водителите/новинарите?

За да се одговори на овие три истражувачки прашања треба најпрво јасно да се <u>дефинираат концептите</u> “непристрасно“ и „балансирано“ известување кои всушност тесно се испреплетуваат. Во овој сегмент од анализата, се користат дефинициите и методолошките насоки дадени во *Насоките за медиумска анализа во текот на мисиите за набљудување на изборите* изработени во 2005 година од страна на Канцеларијата за демократски институции и човекови права на ОБСЕ (ОДИХР),

Директоратот за човекови права и Комисијата за демократија преку правото (Венецијанска комисија) на Советот на Европа и Европската комисија. Квантитативниот аспект на балансираноста е поврзан со обемот или времето што радиодифузерот го одвојува во вестите за известувањето на активностите на некој кандидат или организатор на изборна кампања, а квалитативниот со приодот или 'тонот' на известувањето.

Предмет на оваа анализа не е квантитативниот, туку пред се квалитативниот аспект на балансираноста – приодот или начинот на кој медиумите ги „врамуваат" политичките актери за време на изборната кампања. Покрај тоа, предмет на анализа се и сите вести и информативни емисии каде се среќава говор што поттикнува и засилува стереотипи дискриминирачки говор или говор на омраза кон групи и поединци?

Методот што се применува за да се одговори на прашањата за начинот на врамивање на политичките субјекти е *анализа на содржина* која се дефинира комбиниран приод што се фокусира и на квалитативни и на квантитативни аспекти на медиумските прилози/текстови. Дополнително за да е утврди дали во некои содржини има говор на омраза или дискриминирачки говор кон групи и поединци е *критичка дискурзивна анализа*. Тоа е квалитативен приод кој става нагласок на функцијата и значењето на медиумските текстови во конкретниот општествен и политички контекст

Рамката на известувањето на медиумот за конкретниот политички субјект се утврдува откако во прилогот што се анализира ќе се кодира присуството на неколку елементи: употребата на експлицитни оценки на новинарот/редакцијата за релевантниот субјект; манипулативната употреба на филмови, слики и звуци; присуството и селекцијата на директното обраќање на политичкиот субјект; бројот и позицијата на изворите; и главната тема што доминира во прилогот.

**3) Примерок и период на реализација**

Се анализираат сите централни информативни изданија и дел од информативните емисии на телевизиите емитувани во периодот од 19 декември 2015 до 29 јануари 2016 година.

Во примерокот медиуми вклучени во анализата се: МТВ 1, МТВ 2, Сител, Алсат М, Телма, Алфа, Канал 5, 24 вести, ТВ 21.

**4) Истражувачки тим**

Во истражувачкиот тим се вклучени 15 аналитичари и тројца истражувачи од Институтот за комуникациски студии.

**ДЕТАЛНА АНАЛИЗА**
**од следењето на медиумските содржини преку Механизмот**
**за набљудување и реакција при Институтот за комуникациски студии**
**(период: 6 февруари – 4 март 2016)**

## 1. Македонска телевизија – Прв сервис

### Прва недела (6 – 12 февруари 2016)

МТВ 1 во мониторираниот период од 6 до 12 февруари објави вкупно 111 прилози кои се однесуваат на политички настани. Најмногу се известуваше за владините проекти (18 прилози), потоа за работата на Специјалното јавно обвинителство (12 прилози), за активностите на опозицијата (16 прилози), проекти на владејачката ВМРО - ДПМНЕ (5 прилози), за ситуацијата со бегалците (9 прилози), а преостанатите прилози за повеќе различни теми.

Во 31 прилог забележителен е фаворизирачки однос кон власта и кон владејачката ВМРО-ДПМНЕ, додека само во еден прилог преовладува тенденциозен негативен новинарски став и тоа кон Специјалната јавна обвинителка (12 февруари „Анкета на Брима Галуп: Мнозинство испитаници немаат доверба во Јанева").

Коментари и оценки во вестите: Позитивниот став на новинарот е во сите промотивно- пропагандни прилози во полза на власта и владејачката партија ВМРО- ДПМНЕ. Продолжува трендот, при известувањето од ваквите настани, да не се прави дистинкција што е владин, а што партиски проект: „Спортски објекти: ВМРО-ДПМНЕ подготвува нови проекти" (6 февруари), „Тркалезна маса: Продолжува вложувањето во капитални проекти" (12 февруари). Она што последниве недели е забележливо е следењето на сите активности (посебно промотивните) на лидерот на ВМРО - ДПМНЕ Никола Груевски со истиот интензитет и фреквентност на појавување во вестите како кога беше премиер („Груевски за То Вима: Нема да дозволиме загрозување на идентитетот" од 7 февруари, „Работен состанок: Биланс на инвестициите во земјава" од 9 февруари).

Иако демонизирачкиот став во известувањето на Јавниот сервис беше со намален интензитет, оваа недела тој целосно отсуствува и наместо тоа, во вестите се емитуваат информативни прилози за активностите на опозицијата, главно преку актвностите на функционерите од СДСМ во власта, но и преку редовно емитување на реакциите и соопштенијата од опозицијата („СДСМ: Заев: Сакаме слободни и независни медиуми", „Пониква: Спасовски ги посети децата на загинатите бранители" од 6 февруари, „Оценување на администрративците: Кирацовски: Спречив казни за 1.700 службеници" од 7 февруари, „Безбедност на храната: Николовски бара одговорност" од 9 февруари, „МВР: Градење интегритет на полицијата" од 10 февруари)

Користење извори: Во најмногу од прилозите (55) емитувани во вестите на МТВ1 е користен само еден извор, во 17 се користени два извори, најчесто (во 13 прилози) тие се со ист став, додека само во 4 прилози двете мислења се спротивставени. Најмалку се користени 3 (или повеќе ) извори (во 11 прилози), при што во 9 тоа се ставови на исто стојалиште, а само во 2 тие се спротивставени.

Директни обраќања: Во анализираниот период емитувани се вкупно 7 обраќања од лидери на политички партии. На лидерот на ВМРО - ДПМНЕ Груевски му е отстапен најголем простор во вестите (3 обраќања), додека на лидерот на СДСМ Заев, на ДС Трајанов, на ДОМ Поповска, на ДУИ

Ахмети и на ЛДП Величковски по едно. Сепак, за разлика од претходно таа неизбалансираност е поблага.

Аудиовизуелна презентација: Во 26 прилози објавени во вестите во анализираниот период има малициозна аудиовизуелна манипулација.

Една од алатките е вистинската информација да се презентира на крајот, откако преку визуелни ефекти ќе се претстави „позитивната слика" за темата, како што во случајот на "ФЗОМ: Нема конзилијарно мислење за лекување во странство" (9 февруари), за на крајот да се дознае дека се работи за протест пред Обвинителството за смртта на малата Тамара. Или, кога насловот упатува на веќе познат став со цел да се одвлече вниманието од новата информација во прилогот („СДСМ: Прочистен список, реформа на медиуми па избори"). Друг тип на користење на визуелната презентација во пропагандна цел е кога се отстапува повеќе визуелен простор на една партија, во случајот ВМРО- ДПМНЕ (28 секунди) во споредба со 13 секунди видео-покривање на делот што се однесува на СДСМ („Средби на чешкиот министер со ВМРО ДПМНЕ и СДСМ од 10 февруари).

Малициозна манипилација има и во прилогот од 12 февруари „Анкета на Брима Галуп: Мнозинство испитаници немаат доверба во Јанева", што всушност е дел од анкета емитувана неколку дена претходно, но се емитува токму на денот кога СЈО објави почеток на постапка против бивши функцинери на ВМРО- ДПМНЕ.

Примери на фаворизирање или демонизирање политички субјекти:

- (6 февруари) Спортски објекти: ВМРО-ДПМНЕ подготвува нови проекти
- (6 февруари) Купи куќа за млади: До банките пристигнаа првите апликации за проектот
- (7 февруари) Туризам: Македонија на светската туристичка мапа
- (9 февруари) Образование: Ќе се отворат 3 нови читални
- 10 февруари) Анкета на Брима Галуп: ВМРО-ДПМНЕ со двојна предност пред СДСМ
- (10 февруари најава) 180 милиони денари за 28 проекти Државата го одврзува ќесето . Со 180 милиони денари ќе се финансираат 28 проекти
- (12 февруари форшпан) 127.139 вработени во јавниот сектор за еден процент помалку од лани
- (12 февруари) Тркалезна маса: Продолжува вложувањето во капитални проекти
- (12 февруари) Анкета на Брима Галуп: Мнозинство испитаници немаат доверба во Јанева

**Втора недела (13 – 19 февруари 2016)**

МТВ 1 во известувачкиот период од 13 до 19 февруари објави вкупно 109 прилози во врска со актуелните политички настани. Најголем број од прилозите се за: владините проекти (23 прилози), за активностите на функционерите од опозицијата и нивни реакции (21 прилог), за состојбата со бегалците (11 прилози), за случајот Титаник (10 прилози), за преговорите со медиумите (5 прилози) и за активностите на лидерот на владејачката ВМРО ДПМНЕ Груевски (5 прилози). Во најголем број прилози (26) забележан е фаворизирачки однос кон власта и владејачката партија, додека во ниту еден нема експлицитен негативен став кон ниту еден политички субјект или поединец.

Коментари и оценки во вестите: Централниот дневник на МТВ1 во анализираниот период и во овој седумдненвен период го следи трендот на поблаг тон на фаворизирање, карактеристичен за последните недели. Доминираат афирмативните прилози за работата на Владата и владејачката ВМРО-ДПМНЕ: „Договор: Електронска проверка на податоци", „ВМРО-ДПМНЕ: Груевски: До доверба со работа, а не со деструкција" (13 февруари), „УМС на ВМРО-ДПМНЕ: Детали за проектите за младите" (14 февруари), Купи куќа за млади: Општините почнаа со реализација на проектот" (15 февруари), „Образование: Ќе се градат 10, ќе се реконструираат 60 училишта" (19 февруари). Но, видливо е зголемен и бројот на информациите за активностите на функционерите од СДСМ: „СДСМ: Манчевски: Ветуваме подобар живот на граѓаните (13 февруари), „СДСМ: Ревизија на поделените земјоделски површини" (14 февруари), „Наумов: Утрешната аукција без моја согласност" (15 февруари), „Оглас на Агенцијата за вработување: Грант за отворање приватни градинки" (15 февруари), „Заев: Наема да дозволам нерегуларни избори" (16 февруари), „СДСМ: Во здравството се

водат лоши политики“ (16 февруари), „СДСМ: Младите не му веруваат на Груевски“ (18 февруари). Во дневникот е објавена и една анализа, која иако благ има критички тон кон владина политика („Туризам: Лани во земјава 10,9 проценти повеќе туристи, но се намалите приходите“ д 15 февруари).

Користење извори: И во овој период во прилозите на МТВ1 најчесто се користи еден извор (57 прилози). Во 24 прилози се презентираат два, но истомислечки става, додека во 17 прилози се презентирани три или повеќе мислења за темата, но во само 6 тие се спротивставени. Во 4 прилози новинарот јасно не презентира извор на информацијата, но содржината не во манипулативни цели, туку е информативна.

Директни обраќања: Во анализираниот период видлив е мал број директните обраќања на лидерите на политичките партии – 6. Од нив три изјави се на лидерот на ВМРО ДПМНЕ Груевски, додека две на лидерот на СДСМ Заев и едно на лидерот на партијата ГРОМ Јакимовски, дел од владината коалиција.

Аудиовизуелна презентација: Во 10 прилози има елементи на манипулација. Најголем број од нив се пропагандните, кога преку визуелна манипулација се фокусира темата на одреден субјект (“Купи куќа за млади: Општините почнаа со реализација на проектот“ од 15 февруари), кога при промоција на владин проект приматот се става на лидер на политичка партија (во случајот Груевски). Друг тип на манипулација е со презентирање на информација базирана само на исказ на претставник на владејачката партија ВМРО- ДПМНЕ (16 февруари „Собрание: Мониторинг мисија од Советот на Европа), или кога не му се споменува името на претставникот на опозициската партија (18 февруари „СДСМ: Руинирана е амбулантата во Ѓорче Петров“). Прилогот „Проект: Граѓаните се информираа за Купи куќа за млади“ од 17 февруари, е пример на некритичко пренесување на информацијата, додека манипулативно е и промоцијата на чисти активности во вести на јавен сервис („Програма: ВМРО-ДПМНЕ по идеите на бизнисот“ и „УМС на ВМРО-ДПМНЕ: Промоција на мерки за младите“ од 19 февруари), иако не се работи ниту за предизборен период ниту за кампања.

Примери на фаворизирање или демонизирање во аудиовизуелните содржини:

- (16 февруари) Инвестиции: Босанска компанија влегува во Македонија
- (16 февруари )Економија: Над 150 иницијативи од бизнисот до Владата
- (17 февруари оценка на новнар) Вложувањето од 20 милиони евра треба да креира 300 работни места
- (17 февруари) Проект: Граѓаните се информираа за Купи куќа за млади
- (17 февруари) Нова мерка: Финансиска помош за приватни домови за стари лица
- (17 февруари генерална најава) Инвестиции: Прва македонска компанија во Бунаџик - вложувањето од 20 мил.евра треба да отвори 300 работни места
- (18 февруари) ВМРО-ДПМНЕ: Нови 7 проекти за млади
- (18 февруари) Рудници Злетово и Тораница: Владата ќе го финансира одржувањето до продажбата
- (19 февруари оценка на новинар) Предлозите за подобрување на економскиот амбиент бизнис еснафот во Сојузот на коморите ги дискутираше со врвот на ВМРО-ДПМНЕ

**Трета недела (20 – 26 февруари 2016)**

МТВ 1 во известувачкиот период од 20 до 26 февруари објави вкупно 70 прилози кои се однесуваат на политички настани. Најголем фокус имаше на изборите (25 прилози), на владините проекти и инвестиции (14 прилози), на Уставниот суд и Законот за помилување (4 прилози), за бегалската криза и поврзаноста со политичката криза (3 прилози), за преговорите за медиумите (3 прилози), како и по 2 прилози за активностите на опозицијата и на екс премиерот Груевски, сега лидер на ВМРО ДПМНЕ Груевски.

Пропагандно апологетскиот став во вестите на јавниот сервис е забележан во 17 прилози, и сите се однесуваат на промоција на владини активности – проекти и инвестиции. Во ниту еден прилог нема демонизирачки став кон ниту еден субјект.

Коментари и оценки во вестите: Најголем дел од информативниот простор во централните вести на МТВ1 е пополнет со промотивни прилози за Владата и за активностите на владејачката ВМРО-ДПМНЕ. Тоа се прилози за економските достигнувања (20 февруари „Економија: ФИЧ го потврди ББ+ кредитниот рејтинг на земјава", 25 февруари „Дебата: Ефекти од странските инвестиции"), за владини мерки (20 февруари „Властите стимулираат вработување преку обуки", 22 февруари „АВРМ: Оглас за бесплатни обуки за 2.000 млади лица",22 февруари „Ресен: 18 семејства добија државни станови", 24 февруари „Олеснета процедура за надградба на куќите", 25 февруари „Поддршка:Грантови до 10 илјади евра за микро и мали фирми"),за инвестиции (20 февруари „Здравство: Нов апарат на Торакална хирургија",22 февруари „Општина Петровец: Пункт на Итна медицинска помош",25 февруари „Болница 8 Септември: Ќе се реконструира базенот за хидротерапија") и промоции (20 февруари „Образование: Промовирани 12 книги од светската литература", 22 февруари „Образование: Македонските дипломи ќе имаат европски предзнак", 23 февруари "Саем за градежништво: Општините со парцели за Купи куќа за млади").

Во споредба со минатонеделната анализа, забележително е намален бројот на прилози во кои се презентираат ставовите на опозицијата за актуелните проблеми (26 февруари „СДСМ: Заев: Имаме програма со решенија за младите", 26 февруари „Реакција: СДСМ: Партиски инсталации во Уставниот суд", 20 февруари "СДСМ: Амбуланта во Лисиче е нефункционална").

Лидерот на ВМРО- ДПМНЕ Груевски, чии активности јавниот сервис ги следеше на невообичаено интензивно ниво, оваа недела се застапени само во два прилози (25 февруари „Политичка академија: Груевски: На изборите решава народот", 26 февруари „Гази Баба: Надзор на започнатите ветени реконструкции"), но главно поради неговаат неактивност на терен.

Користење извори: Во 43 прилози емитувани во централните вести на МТВ1 има само еден извор на информирање. Во 9 прилози се дадени две мислења, но во 8 од нив, тие не се разликуваат, додека во 9 прилози се консултирани и соочени три или повеќе ставови, но во 5 тие се на исто стојалиште.

Директни обраќања: Во анализираниот период емитувани се 10 директни обраќања на политичките лидери. Најмногу, 4 изјави се на лидерот на ВМРО - ДПМНЕ Груевски, потоа на лидерот на СДСМ Заев 3, и по едно на лидерите н ДУИ Ахмети, на ДПА Тачи и на ГРОМ Јакимовски.

Аудиовизуелна презентација: Во 23 прилози забележителна е манипулативна видео или аудио содржина. Видео манипулацијата е застапена во сите прилози за владините активности како прикриен политички маркетинг (20 февруари „Образование: Промовирани 12 книги од светската литература", 22февруари „Општина Петровец: Пункт на Итна медицинска помош", 23 февруари Култура: Нови проекти во македонската Опера и Балет"), но и во маскирање на промотивни партиски активности (на Груевски) во новинарски прилог (25 февруари "Гази Баба: Надзор на започнатите ветени реконструкции").

Примери на фаворизирање или демонизирање политички субјекти:

- (20 февруари) Здравство: Нов апарат на Торакална хирургија
- (20 февруари) Властите стимулираат вработување преку обуки
- (20 февруари најава) ФИЧ по 11ти пат ја потврди бб+ оценката за земјава. Според агенцијата, среднорочните владини политики, капиталните инвестиции во инфраструктурата и зголемувањето на социјалните надоместоци ќе придонесат за раст на потрошувачката на домаќинствата
- (22 февруари) Ресен: 18 семејства добија државни станови
- (23 февруари најава) Големи попусти за купување стан и државно земјиште за изградба на куќи. Фокусот е на проектите Купи куќа за млади и Купи куќакупи стан
- (24 февруари новинар) Инаку, за надградбите можат да се користат поволностите на проектот Купи куќа за млади и бесплатните проекти

**<u>Четврта недела (27 февруари – 4 март 2016)</u>**

МТВ 1 во мониторираниот период од 27 февруари до 4 март објави 101 прилог кои се однесуваат на политички настани. Во вестите, најмногу се известуваше за проектите на Владата (15 прилози), за предвремените парламентарни избори (14 прилози), за тензиите околу поставувањето на крстото во Чаир (11 прилози). Останатите теми во фокусот на Јавниот сервис беа за активностите на опозицијата (13 прилози), за бегалската криза (10 прилози), за работата на СЈО (5 прилози) и за активностите на лидерот на ВМРО- ДПМНЕ Груевски (4 прилози).

Најголем дел од известувањето (24 прилози) на овие теми забележан е фаворизирачки однос кон власта и ВМРО – ДПМНЕ, додека негативен став (во случајот кон опозицијата) на оваа телевизија е емитуван во два прилози кои се соопштенија од ВМРО- ДПМНЕ (29 февруари „ВМРО-ДПМНЕ: Заев е крал на лагите", 3 март "ВМРО-ДПМНЕ: Саздов: Спасовски вработува партиски кадри").

<u>Коментари и оценки во вестите</u>: Во централниот Дневник на МТВ1 најголем простор е отстапен за промоција на владините проекти, при што тој повеќе наликува на Економско – пропаганда програма („Проект: Над 3000 плацеви за Купи куќа за млади", „Презентации: Карвани за проектите во 30 општини" од 27 февруари, „Клиника за детски болести: Воведен нов тип алерголошки тестови" од 28 февруари, „Битола: 500 локации за градба", „ФЗОМ: Промовирани три нови електронски услуги", "Здравство: Ехо на стомак и на тироидна жлезда во Драчево", „Шест премиери и нов објект на Драмскиот театар", од 29 февруари). Оваа недела за разлика од претходното забележителен е зголемен интензитет на следење на активностите на опозицијата, дури и на промотивните налик на предизборни партиски активности (27 февруари "Шуто Оризари: Ременски ветува зголемена социјална помош", 1 март „Предлог-мерки на СДСМ за младите", 3 март „Прилеп: Домот за стари лица ќе се реновира", 3 март „Администрација; Кирацовски: Се врши притисок врз инспекторите"). МТВ1 интензивно ги следи и активностите на лидерот на ВМРО- ДПМНЕ во стилот на политички маркетинг (27 февруари „Посета: Груевски на средби со жителите на кратовско", 28 февруари „Посета: Груевски: Бесплатни стипендии на наставниците", 2 март „Посета: Груевски и Јакимовски за проектите во Карпош"), а новинарот ја промовира неговата улога во владините проекти, наместо да направи дистинкција меѓу државната и партиската функција (27 февруари оценка на новинар „Груевски изврши увид и во изградбата на спортската сала").

<u>Користење извори:</u> Во најмногу од прилозите (62) емитувани во вестите на МТВ1 е користен само еден извор, во 13 се користени два извори, најчесто (во 10 прилози) тие се со ист став, додека само во 3 прилози двете мислење се спротивставени. Во 14 прилози се цитирани три или повеќе извори, но само во 2 прилози тие се спротивни. Во еден прилог, не е посочен изворот на информацијата.

<u>Директни обраќања:</u> Од вкупно објавени 10 обраќања, најмногу изјави се објавени од лидерите на ВМРО ДПМНЕ и СДСМ – по 4. По едно од обраќањата се на главниот актер во случајот со крстот во Бутел лидерот на СМК Тодор Петров и на лидерот на ГРОМ, дел од владината коалиција Јакимовски.

<u>Аудиовизуелна презентација:</u> Во 21 прилог има манипулативни елементи. објавени во вестите во анализираниот период има малициозна аудиовизуелна манипулација. Визулена и аудио манипулација е присутна во сите промотивни прилози за владините проекти: фокусот е на промоторот- владин функционер (28 февруари „Клиника за детски болести: Воведен нов тип алерголошки тестови", 29 февруари "Шест премиери и нов објект на Драмскиот театар", 1 март „Образование: Кембриџ настава и во средните училишта"), или се истакнува улогата на лидерот на ВМРО ДПМНЕ - неговите разговори со локалното население кои треба да наликуваат на спонтани (27 февруари „Посета: Груевски на средби со жителите на кратовско", 2 март „Посета: Груевски и Јакимовски за проектите во Карпош"). Има и примери каде изјавите на меѓународни претставници се контекстуализираат во полза на став на владејачката партија, во случајот датумот 24.април како најдобар датум за избори (29 февруари „Европски парламент: Вајгел: Консензус меѓу партиите за влез во ЕУ").

Примери на фаворизирање или демонизирање политички субјекти:

- (28 февруари ) „Посета: Груевски: Бесплатни стипендии на наставниците“
- (29 февруари оценка новинар) „Решавањето на суштинските прашања е силен фокус на владеачката партија,а напредокот и развојот на државата основен приоритет, напиша на својот фејсбук-профил лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски за новата германска инвестиција, која ја најави неодамна на партиски соби“
- (29 февруари оценка новинар) „Со проектите на владата бизнисот на градежниците „ пораснал за 65,8 насто во 2015. Очекуваат реализацијата на најавените владини проекти дополнително да го засили градежниот бран“
- (1 март оценка новинар) „Младите до 27 години ќе можат бесплатно да го користат железничкиот превоз преку еден викенд наместо секој трет во месецот“
- (4 март) „Мерка за вработување млади: Досега вработени над 12 илјади лица до 27 години“

## 2. Македонска телевизија – Втор сервис

**Прва недела (6 – 12 февруари 2016)**

Вториот канал на Македонската телевизија емитуваше 57 прилози во врска со политички актери, процеси и состојби во неделата од 6 до 12 февруари. Има 10 фаворизирачки прилози за активностите на ДУИ, 9 прилози за одржувањето на предвремените парламентарни избори, 6 прилози за преговорите за медиумите, 4 прилози за Специјалното јавно обвинителство и тн.

Коментари и оценки во вестите: Телевизијата оскудно известуваше за главниот настан на неделата, поднесените кривични пријави од Специјалното јавно овбвинителство (12 февруари: „СЈО подготвено за првиот случај “Титаник“. Се бара апсење на 8 лица“). Се пренесуваат и реакциите на политичките партии, и другите информации, како таа дека ќе се отвори предистражна постапка и за „Маѓар телеком“.

Со следењето на активностите на ДУИ, вестите на телевизијата личат на неделна хроника на партијата. Во прилог емитуван на 7 февруари се вели „ДУИ дава отчет во Тетово, 200 милиони евра инвестиции во Полог“, потоа на 9 февруари „ДУИ пред дебарските граѓани: ги реализиравме ветувањата, продолжуваме со работа“, на 10 февруари истото, „ДУИ во Кичево. Бесими: ги реализиравме ветувањата“, каде што новинарот во прилогот додава „Функционерите на централната власт ги презентираа реализираните проекти, кои не се малку“. Се емитуваат и ветувања на партијата (10 февруари: „Лирим Шабани: во 2016 година над 256 милиони евра за еднаков рурален развој), а фаворизирањето се врши и со прилози за исполнување на обврските на локалната самоуправа (8 февруари: „Училиште во Чаир се поврзува со централното греење“). Сето тоа се надополнува и со серија изјави од лидерот Али Ахмети (10 февруари: „Да се почитува договорот меѓу партиите“; 7 февруари: „24 април е датум што се договараше три дена во присуство на Хан“; 6 февруари: „Да има закон по европски стандард за медиумите“). Овој пат има и позитивен прилог за ДПА, за асфалтирање на пат во општина Студеничани.

Користење на изворите: Има 19 прилози со еден извор и 15 прилози со два и повеќе извори, но со единствена позиција, а преостанатите се со повеќе и спротивставени избори.

Директни обраќања: Емитувани се 5 директни обраќања од лидерот на ДУИ Али Ахмети, и едно од првиот човек на СДСМ Зоран Заев. Лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски се споменува во врска со неговото интервју за грчкиот весник “То вима“.

Аудиовизуелна презентација: Забележана е манипулативна аудиовизуелна презентација во генералната најава од 6 февруари, додека се зборува за Зоран Заев и за СДСМ, стои снимка од Али Ахмети.

**Втора недела (13 – 19 јануари 2016)**

Во вестите на МТВ2 во овој период објавени се вкупно 55 прилози за политички актери и актуелни случувања. На тема избори објавени се 13 прилози, за работата на Специјалното јавно обвинителство 11 прилози, за активностите на Владата со посебен акцент на функционерите од ДУО 10 прилози, за преговорите за медиумите 4 и за активностите на ВМРО ДПМНЕ 2 прилога. Позитивен тон во известувањето е забележан во прилозите за проектите на Владата, посебно оние каде што во фокусот се функционерите од ДУИ.

Коментари и оценки во вестите: Телевизијата известувачки ги проследува главните настани поврзани со политичката криза. „Апелација: Јанакиевски и Темелко да се бранат од слобода " е генералната најава од 13 февруари, во врска со случајот Титаник на СЈО. Во останатите прилози на оваа тема МТВ2 известува дека "Специјалката е незадоволна од одлуката на судот", а се пренесува и изјава од Груевски кој "ги охрабрува правосудните органи да не стануваат жртви на притисоци"(13 февруари). Се пренесуваат и ставовите на ЛДП (13 февруари) и на БЕСА (16 февруари) кои бараат да се формира специјален суд за предметите на СЈО, за што во дебатната емисија од 17 февруари се констатира дека "за формирање на специјално судство треба да се промени уставот"(17).

Големо внимание се посветува на датумот на изборите . Во прилогот од 16 февруари се пренесува ставот на еврокомесарот Хан дека "Изборите на 24 април зависат од извештајот на ОБСЕ/ОДИХР и ДИК". Коректно се соочуваат и ставовите на ВМРО ДПМНЕ и СДСМ (16 февруари) при што се констатира дека дека "ВМРО инсистира за избори на 24 април, СДСМ прво бара спроведување на реформите". Во прилогот од 18 февруари се пренесува изјавата на Груевски дека "СДСМ и Заев се плашат од избори бидејќи нивниот главен страв е одговорот на граѓаните" . Во прилог од 19 февруари, оваа телевизија бара одговор на дилемата "Дали ќе има избори на 24 април? ", со завршна констатација дека "Брисел и Вашингтон ја оценуваат подготвеноста" . Неколку прилози оваа телевизија посвети и на поставувањето на споменикот на УЧК во Чаир. Притоа се пренесува изјавата на лидерот на ДУИ Ахмети "Денес го сакам Скопје, сакајте го и вие повеќе, затоа што е со Скендербег, таму кај што е најстариот центар на Скопје, Дардан", од 16 февруари). Со пофален тон се известува за работата на функционерите на ДУИ, при што во прилогот од 19 февруари се вели дека "ова деценија и го врати достоинството на Скопје", дека " силно Скопје помага на сите Албанци" (16 февруари) и дека „основно за Македонија е почитување на Охридскиот договор" (16 февруари). Позитивен тон во новинарското известување се забележува и во прилозите за владините проекти (2): " Државата дава 10 илјади евра за отварање на приватни градинки" (15 февруари) и "Клиниката за очи со нова служба. Почна новата метода „Крослинкинг" (19 февруари).

Користење на изворите: Во анализираниот период, во 19 прилози известувањето е на основа на еден извор, додека во 6 прилози има два и повеќе извори, но со единствена позиција.

Директни обраќања: Од вкупно објавени 9 обраќања на лидери на политички партии, емитувани се по 4 изјави на Груевски и Ахмети, додека лидерот на СДСМ Заев е застапен во информативниот дел со само една изјава.

Аудиовизуелна презентација: Не е забележана манипулативна аудиовизуелна презентација.

Примери на фаворизирање или демонизирање во аудиовизуелните содржини:

- (14 февруари) "Огласот на Министерството за одбрана, 31 места предвидени за Албанците"
- (16 февруари) "Прва инвестиција од Босна во Македонија, почнува со работа „Џој Маркетинг Груп"
- (17 февруари) "Арифи пречека претставници од Советот на Европа"
- 19 февруари) „Адеми даваше отчет 2 милијарди евра инвестиции за околу 900 проекти"
- (19 февруари) "Сарај, Владата инвестира за канализација"

**<u>Трета недела (20 – 26 февруари 2016)</u>**

Вториот канал на Македонската телевизија во известувачкиот период емитуваше 48 прилози во врска со политичките субјекти, процеси и случувања. Доминантна тема се предвремените парламентарни избори (19 прилози), иницијативата пред Уставниот суд за помилување на осудените за изборни измами (5 прилози), преговорите за медиумите (4 прилози), подигнувањето крст во општината Бутел (3 прилози), како и фаворизирачките прилози за партијата ДУИ (7 прилози).

<u>Коментари и оценки во вестите:</u> Телевизијата неутрално известува за настаните околу поместувањето на датумот за предвремените парламентарни избори (21 февруари: „Се чека оценката на меѓународните претставници"), пренесувајќи ги ставовите и на власта (21 февруари: „ВМРО-ДПМНЕ бара отворена седница на ДИК"), и на опозицијата (22 февруари: „Заев: фер избори на 24 април не може да има"), на партиите на Албанците (23 февруари: „Дали ќе се распушти Собранието? ДУИ најавува иницијатива за повлекување на одлуката") итн.

Во врска со иницијативата пред Уставниот суд се известува неутрално, со умерен критички тон (24 февруари: „Уставниот суд одлучи, манипулаторите на изборите во рацете на претседателот") и се пренесуваат изјавите на опозицијата (26 февруари: „Шилегов: ВМРО-ДПМНЕ има фамилијарна врска во Уставниот").

За крстот во Бутел се пренесуваат реакциите според кои тој е антиалбанска и антиисламска провокација (26 февруари: „ДУИ против нелегитимната одлука за крстот во Бутел").

Емитувани се повеќе позитивни и фаворизирачки прилози за партијата ДУИ, во повеќе денови од известувачкиот период (20 февруари: „Чаир промовира возило за чистење; 21 февруари: „Отчет на ДУИ во Гостивар. Бесими: две милијарди евра инвестиции во 365 проекти"; 23 февруари: „Адеми во Словенија"; 23 февруари: „Чаир инвестира во водовод во Серава" итн.

<u>Користење на изворите:</u> Емитувани се 17 прилози со еден извор, и 16 прилози со два и повеќе извори, но со единствена позиција на изворите, и 8 прилози во кои изворите имаат различни или спротивставени ставови.

<u>Директни обраќања:</u> По две директни обраќања се емитувани од лидерите на ДУИ и на СДСМ, Али Ахмети и Зоран Заев, а по едно од претседателите на ВМРО-ДПМНЕ и ДПА, Никола Груевски и Мендух Тачи.

<u>Аудиовизуелна презентација:</u> Не е забележана манипулативна аудиовизуелна презентација, со исклучок на фаворизирачките прилози за ДУИ, каде што исполнувањето на обврските на општините раководени од нејзините кадри се претставуваат како заслуги и достигнувања на нејзините функционери.

**<u>Четврта недела (27 февруари – 4 март 2016)</u>**

Во овој период,  во вестите на албански јазик на МТВ 2 има 53 анализирани прилози за политички субјекти и случувања. За тензиите во Бутел има 12 прилози, за политичката криза и изборите има 10 прилози, за СЈО има 7 прилози, додека во 11 прилози се известува за теми кои ја тангираат албанската етничка заедница. Во најголем број од темите новинарите с еобидуваат за известуваат избалансирано. Во 7 прилози има нагласен фаворизирачки наратив и тоа 5 од прилозите се однесуваата на активности на владејачката ДУИ и нејзините функционери, додека два се промотивни прилози за владините активности.

<u>Коментари и оценки во вестите:</u> Телевизијата во најкголем дел известува за тензиите околу потавувањето темели за крстот во Бутел: "Камен темелник за изградба на гигантскиот крст во Бутел", "Албанците протестираат. Меџити: Местото на крстот е во црква" (27 февруари),  "Тодор Петров,  физички нападнат од непознати лица", "ВМРО: СДСМ не ги уапси напаѓачите на Петров" (28 февруари). Наративот во оваа чувствителна тема е сведен само на пренесување на дневно

актуелните настани и регистрирање на изјавите на сите инволвирани субјекти, без коментаторски елементи на новинарот: „Спасовски: Немаше етнички инцидент туку кафанска тепачка“, „Груевски: „Тоа што вчера го видовме, тоа е насилство, насилството е кривично дело, полицијата и судството треба да си ја завршат работата“, „ ДУИ: Крстот во Бутел ги нарушува меѓуетничките и меѓуверските односи“(1 март), „Тачи: Тензиите се игра на ВМРО и ДУИ“ (3 март).

Во однос на известувањето за политичката криза, се следи посетата на високопт претставник на американскиот Стејт Департмент Брајан Хојт Ји (3 март) и се цитираат изјави на меѓународни претставници: “Вајгл: Кредибилните избори се услов и за препораката од ЕУ“(29 февруари). Во Дневникот на МТВ 2 се известуваше и за протестото против Уставниот суд (“Граѓаните со тоалетна хартија против судството“ , од 29 февруари), за реформите во медиумите („Селмани: Прашањето на медиумите не е прашање на желба, туку обврска од 27 февруари), како и за работата на СЈО. Кај оваа тема, освен што се известува за сведочењето на Ахмети за случајот “Космос“, има и прилог со обвинувања од ВМРО ДПМНЕ за „сорботка на Јанева со Заев“(2 март).

Позитивниот известувачки став се забележува во прилозите каде субјект се функционери на ДУИ (“Чаир ја почна неделата на наставниците“ од 2 март, “Денот на општина Тетово. Се одбележува со различни активности“ (3 март) и “ФЗОМ со три нови електронски служби“(29 февруари). Како фаворизирачки се оценети и прилозите во кои се промовираат владини проекти: „Градежништвото е столб на економијата“ (1 март).

<u>Користење на изворите:</u> Во 19 прилози има само еден извор, додека во 20 прилози се цитираат два и повеќе извори, но со единствено гледиште.

<u>Директни обраќања:</u> Вкупно се објавени 10 обраќања на лидери на политички партии. Три се на Заев, по две Ахмети и Тачи и едно директно обраќање од Груевски, Острени и Величковски.

<u>Аудиовизуелна презентација.</u> Не е забележана манипулативна аудиовизуелна презентација.

## 3. СИТЕЛ

### <u>**Прва недела (6 – 12 февруари 2016)**</u>

Сител во анализираниот период објави 103 прилози на актуелни политички теми. Теми за кои најмногу се известуваше во централниот Дневник се: работата на Специјалното јавно обвинителство (13 прилози), активностите на опозицијата (18 прилози), владините проекти (9 прилози), изборите (8 прилози), активностите на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Груевски и за партиските промоции (9 прилози) и преговирите за медиумите (5 прилози).

Експлицитен став на новинарот има во 71 прилог, од кои 40 се позитивни или апологетски во однос на власта и владејачката ВМРО-ДПМНЕ, додека во 30 преовладува крајно негативен, демонизирачки став кон опозицијата - во овој период главно насочен кон работата и првиот човек на СЈО и на лидерот на опозицијата Заев.

<u>Коментари и оценки во вестите:</u> Хибридните форми на известување како најава/коментар и анализа /коментар се застапени во сите изданија на Дневникот, секој ден од анализираниот период (вкупно 20). Позитивниот до апологетски тон во известувањето е карактеристичен за прилозите што се однесуваат на проектите на Владата. Но, со оставката на Груевски од премиерската функција фокусот и натаму останува на него. Иако сега е само партиски лидер, оваа телевизија неговите настапи ги следи како и претходно, додека актуелниот премиер во овој период е застапен само во два прилози. Преку известувањето на оваа телевизија гледачот не добива слика дали се работи за владин или партиски проект, бидејќи дури и кога се промовираат проекти финансирани од Владата се истакнува во преден план улогата на Груевски („Амфитеатарот во Скупи-грандиозен објект единствен од таков тип“, „Груевски: 6 нови бесплатни проекти за изградба на куќи“ од 6 февруари, „МОН продолжува со парично стимулирање на учениците кои ќе освојат награда на натпревар“ од 8 февруари, „Работен

состанок: во 2016-та повеќе инвестиции и нови работни места"од 9 февруари, „Груевски: 20 те проекти за младите што ги најави ВМРО-ДПМНЕ се одговор на нивните барања и потреби" од 11 февруари).

За разлика од досега кога за опозицијата најчесто се известуваше без поткрепа со докази и со навредлива реторика како демонизирана страна, во овој период активностите на нејзините функционери во Владата како и реакциите и соопштенијата се застапени во изненадувачки број (18 прилози): „Кирацовски ветува укинување на оценувањето за администрацијата", „СДСМ: Локалните патишта низ Македонија се дупка до дупка" (7 февруари), "„Активни и младите социјалдемократи од Велес за исто така младите и нивниот статус" (8 февруари), „Заев: Ќе се отворат фабрики со владина помош" (9 февруари), „Спасовски во Велес: Секој кој што направил криминал ќе одговара" (11 февруари).

Како таргет на негативно новинарско известување во овој период се појавуваат Специјалната обвинителка Катица Јанева и лидерот на СДСМ Заев, за кои во новинарските прилози, без аргументи и со повикување на експерти кои по ставовите се етаблирани во јавноста како провладини, се конструира спрега против власта и лични дисквалификации: „Молкот на Јанева за изјавите на Заев е доказ за мастер планот за содејство со СДСМ, сметаат експертите" (6 февруари), „Не запираат заканите и притисоците од Специјалното обвинителство, кое на ваков начин се обидува да изнуди лажни искази од сведоци" (7 февруари), „Барала државен стан, а поседува милионски имот. Што открива имотниот лист на Катица Јанева?" (8 февруари), „Курир: Лажна изјава или лакомост на Катица Јанева" (9 февруари), „Заев најави-Катица Јанева испорача: Сценариото кое го објавија медиумите пред два дена, денес доби своја реализација" (12 февруари).

Содржината што предизвика најголем интерес кај оваа телевизија е емитуваното интервју со лидерот на опозицијата Зоран Заев на 10 февруари, прво негово гостување како претседател на СДСМ. Интервјуто се карактеризираше со силен напаѓачки и омаловажувачки тон на водителот на вестите Драган Павловиќ Латас кон гостинот, од почетокот до крајот, дури и со елементи на говор на омраза („Имате во раце криминално стекнат материјал , влегувате во приватност на луѓе, криминално го објавувате бидејќи во закон е забрането да го објавувате и е кривично дело", „Кој е Зоран Заев, вие имате фалсификувани евра во џеб и сакате да купувате политички поени со фалсификувани пари", „Дали сте вие со здрава памет? Ми објавувате мои разговори, разговори на директор на телевизија", „Но со вас имаме проблем вие не сте СДСМ, вие сте изрод").

<u>Користење извори:</u> Во речиси половина од емитуваните прилози (50) е користен само еден извор на информирање. Во 20 прилози се посочени два става, но во 14 од нив тие се со единствено гледиште. Во 6 прилози се консултирани три или повеќе страни за темата, но тие се со единствени стојалиште, а само во еден прилог тие се спротивставени. Во 5 прилози новинарот не с еповикува на ниту еден извор и тоа се хибридните форми на известување анализа/коментар.

<u>Директни обраќања</u>: Сител во Дневникот оваа недела објави вкупно 17 обраќања, најмногу од сите телевизии што се предмет на мониторинг. Најмногу обраќања има на лидерот на опозицијата Заев (8) што се должи на интервјуто за оваа телевизија, чии делови потоа се повторуваа во различен контекст следните денови. Лидерот на ВМРО-ДПМНЕ има 7 изјави, додека Трајанов од ДС и Величковски од ЛДП по едно.

<u>Аудиовизуелна презентација:</u> Во 20 прилози има елементи на манипулација од аудио и визуелен аспект.

Во овој период, карактеристични се три начини на кои на гледачот не му се презентира вистинската, туку креирана слика за настаните:

- преку стари изјави кои се врамуваат во нов контекст („Пратениците реагираат на изјавата на Заев. Притисок врз СЈО" од 7 февруари, „Фирмите на фамилијата на Заев за десет години направиле обрт од над 200 милиони евра" од 11 февруари);

- преку цитирање некредибилни извори како провладини портали (Журнал: Првиот човек на МОСТ инвеститор на згради од 9 февруари, „Инфомакс:Тензично со расправии на Бихахќа по

интервјуто на Заев“ и „Погрешниот политички пристап на СДСМ е причина за нискиот рејтинг во анкетата на Брима Галуп“ од 11 февруари;

- прилози без извори со дикредитирачка реторика („Јанева и натаму молчи зошто и се плаќа кирија кога има станови од синовите во Скопје“, од 11 февруари);

- стари видео-снимки кои се користат за поткрепа на тезата со цел да се прикаже негативна слика за субјектот („Ски центарот „Кожув“ демантира дека Латас има имот и бара извинување од Заев“ и „СДСМ бара интерпелација, ВМРО ДПМНЕ обвинува за предизвикување инциденти“ од 11 февруари);

- изјави на меѓународни претставници извадени од контекст („Тајани - Изборите се решение за кризата - Македонија испорача резултати и заслужува влез во ЕУ“ и „Курц бара почитување на договорот и фер и демократски избори“ од 12 февруари).

Примери на фаворизирање или демонизирање:

- (6 февруари новинар) Македонија ќе добие грандиозен отворен амфитеатар како Колосеумот во Рим. Амфитеатарот во Скупи ќе биде единствен од ваков тип во регионот.
- (7 февруари новинар) Груевски очекува годината да биде рекордна. Од 2007-та до 2014-та има стопроцентен раст на туристите кои доаѓаат од странство.
- (7 февруари новинар) „До гуша си заглавен во кал и ако не соработуваш ти следи затвор“. Не запираат заканите и притисоците од Специјалното обвинителство, кое на ваков начин се обидува да изнуди лажни искази од сведоци.
- (12 февруари најава) Освен политичарите од Златна зора, Европа не памети појавување на политичар кој наместо проекти во својата папка носел навреди кон новинарот кој го поканил на интервју.
- (25 јануари генерална најава): Вчерашниот говор на Никола Груевски оценет како силен поттик кон враќање на демократските процеси во политиката и политиката на одговорност пред граѓаните наспроти создавањето кризи, корупција и барање победа на избори надвор од законот, надвор од волјата на граѓаните а со помош на странски фактори“.
- (26 јануари новинар): Истиот новинар на соросовиот Фокус повторно доби фалсификувани документи. Но, полицијата и обвинителството си ја завршија работата. СДСМ не можеше да ја скрие вмешаноста во скандалот.
- (27 јануари новинар): Целта на мастер-планот на Заев била компромитација на владеачката партија по секоја цена, со монтирање на случаи, односно преземање на улогата на Чауш од Катица Јанева“.
- (12 февруари новинар) СЈО во ист ден без срам и перде го побара и случајот Поткуп, кој нема никаква поврзаност со работата на СЈО. Со ова Катица Јанева по којзнае којпат потврди дека работи по диктат на Зоран Заев.

**<u>Втора недела (13 – 19 февруари 2016)</u>**

Сител во набљудуваниот период објави 97 прилози за политичките актери и случувања. Најголем број од прилозите беа за: случајот Титаник на СЈО (15 прилози), за случувањата околу датумот за изборите (15 прилози), за активностите на опозицијата (15 прилози), за активностите на лидерот на ВМРО ДПМНЕ Груевски (8 прилози), за владини проекти (6 прилози), прилози посветени на Специјалната обвинителка Јанева (5), за случајот со првиот човек на Дајнерс Македонија (4), за преговорите за медиумите (4) и за ситуацијата со бегалците (3 прилози). Исклучително нагласено позитивно, апологетско и пропагандно известување во анализираот период има во сите прилози кои се однесуваат на работата на власта и на владејачката ВМРО- ДПМНЕ (26 прилози), додека силен негативен, демонизирачки став има во прилозите (29) кои се однесуваат на субјекти кои не се на линија на владејачката политика: пред се лидерот на СДСМ Заев, специјалната обвинителка Јанева и беглискиот експерт Питер Ванхауте.

<u>Коментари и оценки во вестите:</u> Централните вести на Сител и натаму имаат силен пропагандистички и/или демонизирачки тон. Во 18 анализи и најави новинарот/водителот изразува експлицитен

коментаторски став (13 февруари најава /коментар: „Се сеќавате вчера гледаме една театрална, оскаровска глумачка претстава на СЈО, каде што политички актери излегоа и како да најавуваат Оскар, се сеќавате на онаа задршка на Катица Јанева: А сега, за првпат, во Македонија, се најавува - Титаник!", "Граѓаните знаат кој работи за нивна корист и тоа ќе го потврдат по десетти пат на претстојните избори")

Продолжува трендот на објавување информативни прилози кои главно се однесуваат на дневите активности на функционерите од СДСМ во Владата, но и за партиски промотивни кампањи („Потпретседателот на СДСМ Манчевски во општина Чашка најави изградба на автопат Велес-Меџитлија по промена на власта" и „Спасовски во посета на полициска станица Кисела Вода" од 15 јануари, „СДСМ обвинува за слабости во здравството" 16 февруари).

Во прилозите за случајот Титаник забележителен е негативен став кон постапките на СЈО (13 февруари, најава „Јанева и Спасовски без судска наредба на своја рака одлучиле да го спроведат Едмонд Темелко", 15 февруари „Без никаков судски налог, со дрско однесување полицијата го уапсила единствениот македонски градоначалник во Албанија Едмонд Темелко", 17 февруари „Експерти: Постапките на СЈО имаат само политичка функција"), и фаворизирачки во однос на политиката на власта (16 февруари „Панчевски:„Судиите во Кривичниот суд се апсолутно независни" 18 февруари „Кривичниот суд одлучи-неосновани се жалбите на Катица Јанева"). Притоа наргументирано, без повикување на каков било извор се посочува на постоење на наводна врска на Обвинителката Јанева со лидерот на СДСМ Заев (13 февруари „Многу барања има СДСМ до Јанева, да им го расчисти патот до избори па може и да победат: да се укине ВМРО-ДПМНЕ, треба да се укинат медиуми, треба да се апсат новинари, треба да се апсат бизнисмени што е малку широк фронт" , 14 февруари "Курир: Јанева во обид да му помогне на Заев да не излезе на избори", 16 февруари„ Катица Јанева во „спасувачка акција": ги бара предметите за малиот и големиот Верушевски за порнографија и оружје").

Користење извори: Најмногу од новинарските прилози се со еден извор на информација (61 прилози). Во 14 прилози се користени повеќе од две мислења, а во 8 тие се на иста линија. Во 11 прилози се цитираат два извори, но во 8 од нив тие се истомислечки. Во 7 прилози, новинарот не се повикува на ниту еден извор: „Дознаваме дека во ноќните часови,кога увиделе дека не ги држат конците во раце, тимот на Јанева збеснал и кулминирале со нападот врз Едмонд Темелко" (13 февруари), „Дознаваме дека Јанева го побарала предметот за незаконското поседување оружје за Зоран Верушевски, како и за случајот на детска порнографија, за која е осомничен неговиот син иако овие предмети немаат никаква врска со материјалите од незаконското прислушкување за кои е таа единствено надлежна" (16 февруари).

Директни обраќања: Вкупно 13 директни обраќања на политички лидери се објавени во вестите на Сител во овој период. 6 од нив се изјави на лидерот на ВМРО - ДПМНЕ Груевски, додека 3 се на Заев, едно на лидерот на ДУИ Ахмети, едно на лидерот на ГРОМ Јакимовски и две се изјави на Едмонд Темелко, лидер на партијата на Македонците во Пустец, Албанија.

Аудиовизуелна презентација: Во 37 новинарски прилози има изразени елементи и на визуелна и на аудио манипулација. Најчеста манипулација е со видео материјалот во промотивните (пропагандните) прилози за власта (Соопштение на ВМРО ДПМНЕ од 16 февруари), каде информацијата е проследена со видео материјал од масовниот контрапротест на владеачката партија пред Собранието на 18 мај минатата година, „Каде испарија 2 милијарди евра со кои СДСМ ги задолжи граѓаните? од 16 февруари, информација висуелно надополнета со снимки од партиски митинг и стари изјави на деполнителниот заменик министер за финансии Наумов). Малициозна презентација е каратеристична за поголемиот број од прилозите за еден од осомничените во случајот Титаник, градоначалникот на Пустец Едмонд Темелко, при што процесот против него се прикажува како атак врз македонскиот идентитет (13 февруари „Со свеченост дочекан Темелко во Пустец",14 февруари „И јас сум Македонец, и ја сум од Пустец - огромна поддршка за Едмонд Темелко", 15 февруари „Темелко:Однесувањето на полицијата беше како однесувањето на грчките полицајци кон Македонците"). Друг вид на манипулација е несовпаѓање на информацијата што ја добива гледачо преку телопот и презентерот и онаа што ја дава субјектот во прилогот (16 февруари "Заев бара ослободување од притвор на сите осомничени меѓу нив се терористите од Диво Насеље"). Во

прилозите кои се однесуваат на активностите на опозициските функционери често нема телоп, или се наведува само функцијата (“Техничкиот министер за внатрешни работи од СДСМ во посета на полициските станици од охридско-струшкиот регион“ од 16 февруари).

Примери на фаворизирање или демонизирање аудиовизуелни содржини:

- (13 февруари најава /коментар) Се сеќавате вчера гледаме една театрална, оскаровска глумачка претстава на СЈО, каде што политички актери излегоа и како да најавуваат Оскар, се сеќавате на онаа задршка на Катица Јанева: А сега, за првпат, во Македонија, се најавува - Титаниииик!
- (13 февруари оценка на новинар) Многу барања има СДСМ до Јанева, да им го расчисти патот до избори па може и да победат: да се укине ВМРО-ДПМНЕ, треба да се укинат медиуми, треба да се апсат новинари, треба да се апсат бизнисмени што е малку широк фронт
- (14 февруари оценка новинар) Младите задоволни од најавените проекти за подобрување на нивниот стандард, трибина на УМС на владеачката партија
- (16 февруари најава )Првата домашна компанија ги удри темелите на фабриката во зоната Бунарџик-најавува 300 нови работни места
- (17 февруари оценка на новинар) Ваквото противење на Алексов може да се очекува бидејќи Алексов е маша во рацете на СДСМ и Сорос, кои се негови главни финансиери
- (18 февруари оценка на новинар) Нови мерки за младите најави лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски, међу нив и 50% помала партиципација за студирање на деца на самохрани родители
- (19 февруари оценка на новинар) Скопје и Штип според Фајнешл Тајмс се градови на иднината и се најдоа на врвот на листата според стретагијата за привлекување странски инвеститори
- (19 февруари оценка на новинар) Покрај реализацијата на проектите “ Купи куќа купи стан “и “ Купи куќа” за млади со кои се решава станбеното прашање на одредени категории, Владата и со овој проект им помага на лицата кои потешко доаѓаат до сопствен дом

**<u>Трета недела (20 – 26 февруари 2016)</u>**

Сител во набљудувачкиот период објави 88 прилози за актуелни политички случувања, актери и процеси. Најмногу се известуваше за пред и по одлуката за поместувањето на датумот за избори (27 прилози), промотивните прилози за владините активности (17), за ситуацијата со бегалците (6 прилози), се следеа и активностите на лидерот на ВМРО- ДПМНЕ Груевски (5 прилози), како и опозициските функционери (5 прилози), како и за темите поврзани со Законот за помилување (4 прилози) и со преговорите за медиумите (3 прилози).

Фаворизирањето на власта и владејачката партија (33 прилози) и негативен до демонизирачки поодное кон опозицијата (26 прилози) и натаму е тренд во известувањето на оваа телевизија.

Коментари и оценки во вестите: Во 11 најави/анализи има коментаторска содржина и тие главно се со негативен тон кон одреден политички актер или субјект. Освен лидерот на опозицијата Заев и специјалната обвинителка Катица Јанева (20 февруари „Кривичниот совет одлучи- Катица Јанева незаконски го привела Едмонд Темелко“) , во овој анализиран период таргет на негативно информирање се и белгискиот експерт Питер Ванхојте (21 февруари „Курир:Ванхауте впери пиштол во државата“), претседателот на ДИК (21 февруари „Чичаковски недостапен за одговор на барањето на ВМРО ДПМНЕ“, 22 февруари „Има ли претседател Државната изборна комисија“), при што новинарот или како извор се повикува на провладини портали(20 февруари „Журнал: Од што се плаши и што сака да скрие Алексов со префрлањето на имотот со кој располага“),или не се повикува на никаков извор. Трендот на следење на активностите на опозицијата продолжи и оваа недела, но со намален интензитет (20 февруари „СДСМ денеска обвини за лоши услови во здравството“, 21 февруари „Генералниот секретар на СДСМ во посета на Берово“, 26 февруари „Претседателот на СДСМ Зоран Заев синоќа учествуваше на дебата со младите од Штип“), додека паралелно се објавуваат и прилози со напаѓачки тон (26 февруари „Ако СДСМ не се појави на изборите на 5 јуни,

на партијата и се заканува распаѓање“, „СДСМ заедно со медиумите и интелектуалците блиски до нив со неконзистентни и манипулативни напади против Уставниот Суд“).

Прилозите за владините активности и натаму имаат ударно место во Дневникот на оваа телевизија, со препознатлив пропагандно – маркетиншки стил карактеристичен за изборна кампања (20 февруари „Мисајловски: Преку 430 милиони евра инвестиравме во патната инфраструктура во источниот регион“,

22 февруари „2000 невработени лица бесплатно ќе учат компјутери и странски јазици“,23 февруари „Владата наградена за најдобра поддршка на претприемништвото во Југоисточна Европа“, 25 февруари „По 13 години затворени врати, комплетно ќе биде реновиран одделот за хидротерапија во општата болница 8-ми Септември“). Во ист тон се известуваше и за активностите на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Груевски, во стилот на ветено – остварено, без да се разграничи дека се работи за партиски промоции (25 февруари „Се бара компанија што ќе ги гради двата нови студенстки дома“ 26 февруари „Груевски и пратеничката Олга Најденовска за универзитеот Даме Груев“, 26 февруари „Ветено-остварено- нова пешачка патека во Дојран, објави на ФБ Никола Груевски“).

Оваа телевизија во известувањето досега го фаворизираше датумот 24.април за предвремени избори, но по промената на датумот се забележува и промена во наративот во прилозите (24 февруари генерална најава "Голем исчекор кон демократско решавање на политичката криза која ја наметна СДСМ. Изборите поместени за околу еден месец подоцна за 5 јуни, но нов елемент договорен со ЕУ и САД е дека сега нема условеност на изборите и дека тие ќе се случат без оглед дали СДСМ ќе ги бојкотира или не“, 24 февруари „Вчерашниот договор за одложување на изборите беше единствен начин за одржување на договорот од Пржино во живот- експертите се согласни дека компромисот на владејачката партија покажува кој е конструктивниот партнер кој работи во интерес на граѓаните. Но сметаат дека ова ќе биде последната отстапка на Груевски“).

Телевизијата објави и седум аналитички прилози, со експертски ставови, но сите цитирани експерти или партиски членови без исклучок се оние кои јавно застануваат во поддршка на владината политика: Васко Ефтов и Љубомир Цуцуловски (22 февруари „Политичката криза мора да заврши со избори“), Коле Манев и Жидас Даскаловски (23 февруари „Интелектуалната јавност се буди: Граѓаните а не амбасадорите го имаат последниот збор“, Ѓорѓи Наумов и Ѓорѓи Боев (23 февруари „Поранешни министри:СДСМ го гази суверениетот на државата“, Иванка Додовска Сашо Клековски (24 февруари „Ќе бега ли СДСМ од избори на 5-ти јуни?“).

<u>Користење извори:</u> Новинарските прилози доминантно се со еден извор на информација (50 прилози), додека во 21 се користени две, но идентични мислења. Во 9 прилози се цитираат повеќе од два извори, но тие, освен во два случаи, се секогаш истомислечки. Два прилози се без никакви извори, а во два се користени некредибилни извори како провладини портали (Курир, Журнал), кои се без импресум.

<u>Директни обраќања</u>: Вкупно 13 директни обраќања на политички лидери се објавени во вестите на Сител во набљудуваните 7 дена. Седум од нив се изјави на Груевски, што е забележителна неизбалансираност во споредба со објавените 4 изјави на Заев и по една изјава на Ахмети и Јакимовски.

<u>Аудиовизуелна презентација</u>: Петнаесет (15) прилози имаат елементи на манипулација во презентацијата. Тоа во најголем дел се промотивните прилози каде владините функционери се во фокусот на отворање фабрики, болници, промоција на книги, сечење ленти за инвестиции. Манипипулација со видео изразот е направена во неколку прилози кои се однесуваат на владејачката партија ВМРО- ДПМНЕ (20 февруари “ВМРО-ДПМНЕ:Наместо нова опрема во здравството СДСМ трошеше пари на скапи бисери, слики, очила и липицанери“, 22 февруари „ВМРО ДПМНЕ:Не е точно дека нема услови за фер и демократски избори -СДСМ не се подготвени“) при што кај сите аудио презентацијата е проследена со видое материјал од последниот голем митинг на партијата. Спротивно на тоа, во прилозите каде се напаѓа опозицијата, видео материјалот се главно празни сали и столчиња (22 февруари „Експерти: Опозицијата се бори за спас на своите политички кариери“).

Врамување стари изјави во нов манипулативен контекст е уште еден тип на извртување на содржината забележан во овој период, при што кога станува збор за власта тие се поставени во контекст на ветено- остварено (25 февруари „Се бара компанија што ќе ги гради двата нови студенстки дома. Огласот е отворен до април"- изјава на Груевски од 20.12. 2015г.), додека кога станува збор за опозицијата тие се користа како „доказ" за непостојаност во ставовите (26 февруари „Фабриката за пропаганда работи. СДСМ организира протести пред Уставен суд за закон чиј автор е СДСМ", стари изјави на Фрчковски и Иванова).

Манипулативна презентација има и во прилозите кои изразуваат ставои на меѓународни експерти, кои се врамуваат во одбрана на владејачката политика (20 февруари „Катз: Време е конгресот да ја убеди ЕУ дека Македонија ги исполнува сите услови за членство во ЕУ и НАТО", 21 февруари „Гордон: САД мора да и помогне на Македонија").

<u>Примери на фаворизирање или демонизирање аудиовизуелни содржини:</u>

- (20 февруари новинар) Веќе нема сомнение дека Дарко Алексов преку неговата МОСТ ќе напише таков извештај за изборите каков што од него Заев и СДСМ ќе побара, без оглед на фактите и аргументите, пишува порталот. Според Журнал сметката на неговата МОСТ, а и неговиот имот се одговорот за сервилноста и одработувањето за СДСМ
- (20 февруари новинар) Скопје на врвот на листата по Ценовна ефикасност и меѓу најдобрите 10 за Стратегијата за странски директни инвестиции во категоријата мали европски градови, Штип прв во групата микро градови. Потврда за добрата бизнис клима денеска стигна и од меѓународната рејтинг агенција ФИЧ.
- (21 февруари новинар) Чичаковски како да пропадна во земја иако тој е платен од граѓаните да ги спроведе изборите кои што партиите се договорија да се одржат на 24 април
- (23 февруари генерална најава) „Техничките министри и заменици од СДСМ поднесоа оставки. Зад себе оставаат обиди за блокада и партизација"
- (23 февруари новинар) СДСМ за свои политички поени ја продава душата на Република Македонија. Македонците кои беа вклучени во создавањето на државата со остра осуда за однесувањето на македонската опозиција.
- (26 февруари новинар) Новиот универзитет за национална безбедност, одбрана и мир Даме Груевски, не е наменет за какви било партиски вработувања туку тоа ќе биде високо образовна институција на која ќе предаваат реномирани универзитетски имиња од странство.

## <u>**Четврта недела (27 февруари – 4 март 2016)**</u>

Сител во анализираниот период објави 113 прилози за актуелни политички случувања и процеси. Во најголем број од новинарските прилози е известувано за Проектите на Владата (17 прилози), но и за активностите на опозицијата (17 прилози), потоа за промотивните активности на лидерот на ВМРО ДПМНЕ Груевски (16 прилози), за работата на СЈО (14 прилози), за теми поврзани со изборите (9 прилози), за слулувањата во Бутел (7 прилози) и со бегалската криза (6 прилози). Во речиси сите новинарски прилози на оваа телевизија има одреден став на новинарот (или уредникот). Во 35 прилози на овие теми забележан е фаворизирачки став кон ВМРО - ДПМНЕ (и Владата), додека во 26 прилози, има негативен став кон СДСМ (опозицијата), со изразен интензитет, конкретно во однос на работата на СЈО.

<u>Коментари и оценки во вестите</u>: Во периодот од 27 февруари – 4 март во Дневникот на оваа телевизија се објавени 14 најави/анализи во кои има изразен новинарски став. Во најголем дел од нив тоа е негативен, дмеонизирачки став кон лидерот на опозицијата и специјалната обвинителка Катица Јанева, каде новинарот/уредникот говори со неаргументирана критика (29 февруари „Катица Јанева добила задача да ја топи големата разлика во рејтинзите меѓу ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ. Партиски извори од Бихаќка брифираат дека Заев и дал наредба на специјалната обвинителка во периодот до 5 јуни да излезе со што е можно повеќе барања за истраги за да се компромитираат кадрите на владејачката партија без разлика на тоа дали за нив ќе може да обезбеди докази", 3 март „Заради приватните журки на Катица и Заев , Поткуп и Пуч судот не може да ги реши случаите"). Како парадигматичен, треба да се издвои Дневникот од 3 март, каде во 8 прилози (генерални најави, најави

и анализи/коментари) со крајно негативен демонизирачки став се прави неаргументирана спрега меѓу Јанева и Заев, и притоа со наратив кој е непознат во новинарско известување бидејќи се употребува крајно навредлив говор:

„СЈО не е независна институција, туку партсики орган на СДСМ и соросоидите бидејќи нејзините постапки и пресови, акции и активности ги нарачуваат, а потоа и најавуваат од СДСМ а потоа и медиумите од кампот на Сорос", „Вчера свадба, денеска приватно патување. Судските рочишта против Зоран Заев се одложуваат од банални причини", "Случајно или не и онака спорното Специјално јавно обвинителство нема углед во јавноста и нема авторитет", „Е затоа странците толку инсистираат да и се верувало, да било помогнато, да се соработувало со СЈО, тоа е толку дури грубо кога се инсистира од странска држава бидејќи обвинителството нема авторитет, прашање е дали има и стручност", „Е тоа е смоквите , па јавно обвинителство, па становите , па јавно обвинителство и потоа не оди работата, епа не оди. Не може да стане збор ниту за демократија ниту за правен систем кога обвинето лице, шеф на партија бара да му испорачаат, го цитирам Заев, да ми испорачаат од СЈО тоа, тоа и тоа").

Позитивниот став на новинарот кон власта и ВМРО ДПМНЕ е најизраен е промотивно - пропагандните прилози кои се граничат со триумфализам: 27 февруари „Компаниите и општините масовно се вклучуваат во проектите за куќа и стан за млади", 1 март „ Рекордна понуда: Над 3000 плацеви за куќи и уште 3000 станови достапни со субвенции", 3 март „Ќе биде најголема капитална инвестиција во македонското здравство и според здравствените власти ќе ги помести стандардите во регионот", 3 март „Вистинска ренесанса доживува градежниот сектор во моментов. Механизацијата е целосно ангажирана на терен - се градат патишта, згради и други капитални проекти".

Во анализираниот период, Сител продолжи со голем број промотивни прилози и за функционерите на опозицијата, но тие истовремено се и предмет на негативно или напаѓачко информирање, кога станива збор за актуелните случувања: 29 февруари "Дали поради јахтата на Шекеринска не се урива хангарот во Кисела вода?", 1 март „Спасовски го вработил партискиот функционер Едмонд Адеми како советник во МВР"), Министерот Спасовски посебно е цел на напади во контект на поставувањето на крстот во Бител, каде се посочува како директно одговорен што наводно не пружил заштита на граѓаните.

<u>Користење на изворите:</u> Во вестите на оваа телевизија доминираат прилозите со по еден извор (62 прилози) или со еднострани извори (26 прилози), независно дали се два (10 прилози) или три или повеќе извори (16 прилози). Во само пет прилози изворите што се посочени застапуваат различни гледишта. Во пет прилози новинарот не посочува на кој извор се повикува и тоа главно се хибридните форми на извесување коментаторски анализи (27 февруари „Продолжуваат манипулациите на опозицијата за Уставниот суд", 29 февруари „СДСМ очекува СЈО да ги интензивира пријавите за функционери на власта", 1 март „СЈО и Јанева се последниот адут во рацете на Заев и СДСМ", 2 март "Молк во МВР за партиските вработувања во кабинетот на Спасовски").

<u>Директни обраќања:</u> Сител во анализираниот период објави вкупно 26 обраќања на лидери на политичките партии поврзани со актуелните настани. И тука е забележлива неизбалансираност, односно фаворизирање на лидерот на ВМРО- ДПМНЕ Груевски со 16 изјави, додека лидерот на СДСМ има 6. Две обраќања се на лидерот на ДУИ Ахмети, и по едно на лидрот на ДПА Тачи и на Гром Јакимовски.

<u>Аудиовизуена манипулација:</u> Во 32 прилози аудио или визуелната содржина се манипулативни. Најмногу од нив се економско пропагадните прилози со кои се фаворизираат владините проекти (инвестиции, промоции): 27 февруари „Најдоцна до јуни ќе почне изградбата на две гасификациски мрежи", 28 февруари "2.400 вработувања во странските компании во јануари", 2 март "Ново намалување на лековите, два пати и оваа година", 3 март "Штипската болница е најголема капитална инвестиција во здравството", прилог од типот ветено-остварено, поткрепено со изјава на Груевски од предизборен митинг.

Манипулативни елементи има и во политичко- маркетиншките прилози за лидерот на ВМРО ДПМНЕ каде тој без исклучок се јавува во улога на економски промотор на проекти кои се со потпис на

државата: 28 февруари „Груевски на терен во Чучер- Сандево: нов пат, нова градинка и спортска сала“, 28 февруари „Земјоделците задоволни- Груевски го оствари ветеното (стара изјава на груевски 4 април 2015г.), 29 февруари „Германската СТС Текстаил најави инвестиција за 1000 вработувања во Демир Хисар“ (најава на Фејсбук), 1 март „Груевски:Бесплатна железница за младите секој 1 и 3 викенд во месецот, Кембриџ и во средно од 2017 година“.

Манипулација со изјави (изјави на неименувани граѓани и стари изјави) се забележува во прилозите каде тие се врамуваат во новинарскиот демонизирачки став кон специјалната јавна обвинителка Јанева (прилози од 3 март, каде се емитувани изјави на граќани кои исклучиво не ја одобруваат работата на Јанева, како и стари изјави на лидерот на СДСМ, со кои наводно се потврдува нивна наводна координираност). Аналитичко- репортажниот прилог од 3 март„Сител на терен во гостиварско:иселени се нашите, ама не треба да им се забрани да гласаат“, содржи манипулативни прашања на новинарот/репортер, кој г наведува соговорниците на потврда на неговата теза.

<u>Примери на фаворизирање или демонизирање аудиовизуелни содржини:</u>

- (27 февруари оценка новинар) Спортската сала се гради според европски стандарди а ќе биде опремена со најсовремена опрема. Груевски во Кратово ја сретна и жената која даде предлог за проектот за субвенционирање на самохрани мајки.
- (27 февруари оценка новинар) Класична манипулација на СДСМ е темата за Уставниот суд. Експертите велат дека на Бихаќка сфатија дека Катица Јанева нема никакви докази а нејзиниот Титаник потона уште пред да го напушти пристаништето.
- (28 февруари оценка новинар) Ова беше ветување кое Груевски како премиер им го даде на земјоделците во Тетово лани. Со измени на потребните закони минатата недела мерката се исполни
- (29 февруари оценка новинар) Катица Јанева добила задача да ја топи големата разлика во рејтинзите меѓу ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ. Партиски извори од Бихаќка брифираат дека Заев и дал наредба на специјалната обвинителка во периодот до 5 јуни да излезе со што е можно повеќе барања за истраги за да се компромитираат кадрите на владејачката партија без разлика на тоа дали за нив ќе може да обезбеди докази
- (2 март оценка на новинар) Ова е втор пат СЈО да даде невистинита изјава пред државните органи. Неодамна беше обелоденето дека Јанева побарала државен стан тврдејќи дека нема имот во Скопје, иако била сопственик на два стна во центраот на градот. До денеска нема одговор ни за оваа афера.
- (3 март најава) "По посетата на Груевски на Кратово итно започна санацијата на свлечиштето на Радин мост "
- (3 март оценка на новинар)СЈО не е независна институција туку партсики орган на СДСМ и соросоидите бидејќи нејзините постапки и пресови, акции и активности ги нарачуваат а потоа и најавуваат од СДСМ а потоа и медиумите од кампот на Сорос.

## 4. ТЕЛМА

### <u>Прва недела (6 – 12 февруари 2016)</u>

Телма во изминатите седум анализирани денови во вестите објави вкупно 49 прилози за настани поврзани со политички субјекти, при што фокусот во анализираниот период беше на: најавата за предвремени избори (8 прилози), активностите на опозицијата (8 прилози), работата на Специјалното Јавно Обвинителство и дневни настани поврзани со владиното задолжување (2 прилози), судењето за Диво насеље (2 прилози) и активностите на екс премиерот Груевски (2 прилози). Во ниту еден од прилозите нема експлицитен став на новинарот ниту на презентерот кој би го навел гледачот на апологетски или демонизирачки став кон одреден политички субјект.

<u>Коментари и оценки во вестите:</u> Прилозите објавени на оваа телевизија се главно известувачки, со јасно повикување на извор, додека аналитичките прилози содржат неутрална, аргументирана критика („Скопје 2014 не заврши. Државата ќе гради нова зграда во која ќе се смести Народната банка на

Република Македонија. За новиот објект ќе се платат 35 милиони евра“, „Кредити за децата да учат во странство“ од 7 февруари, „Само Косово може да одбие екстрадиција заради национална припадност“ од 11 февруари), со користење повеќе различни мислења.

Во известувачките прилози за дневни настани, постои јасна дистанца на новинарот од она што го соопштува изворот на информацијата („Претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, Никола Груевски ги седна, како што беше наведено, на работен партиски состанок, вицепремиерите, министрите и раководителите на државни институции, надлежни за привлекување странски инвеститори“ од 9 февруари).

Користење извори: Најголем број од прилозите во вестите на оваа телевизија се базираат само на еден извор на информација (18 прилози). Во прилозите во кои се користат 3 или повеќе извори (16 прилози), најголем број се со единствено гледиште (10). Онаму каде што се повикуваат на два извори (8 прилози), преовладуваат оние кои се на иста линија (5 прилози).

Директни обраќања: Во анализираниот период Телма објави 8 директни обраќања од лидерите на ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ, ДС, ЛДП, ДОМ, ФРОДЕМ и ПДНЕТ. И тука преовладува трендот на балансираност, имајќи предвид дека Груевски има две обраќања, додека Заев, Трајанов, Величковски, Поповска, Кекеновски и Сарач по една изјава, сите во конктекст на актуелните настани, а не во пропагандни цели.

Аудиовизуелна презентација: Оваа телевизија во анализираниот период нема прилози со малициозна аудивизуелна презентација.

**Втора недела (13 – 19 февруари 2016)**

Телма во овој период објави вкупно 57 прилози за настани на актуелни политички теми. Најголем фокус ова телевизија во вестите стави на: случајот Титаник (13 прилози), на изборите (12 прилози), на преговорите за медиумите (4 прилози) и на поставувањето на споменик во чест на УЧК во скопската населба Топаанско поле. Пристапот во прилозите на оваа телевизија е неутрален, критички, аргументиран и во ниту еден прилог или најава нема изразен став на новинарот/презентерот.

Коментари и оценки во вестите: Избалансираноста во известувањето е натаму доминира во вестите на оваа телевизија. Во анализираниот период прилозите се или известувачки или се аналитички (3 прилози), кои произлегуваат од дневните теми, но надополнети со експертски ставови 13 февруари „Самсоненко почесен конзул во Битола“, 14 февруари „Идејата за специјален суд е задоцнета“, 15 февруари „Инспекторатот ќе оценува дали ќе се урива обележјето двоглав орел“). Единствено во аналитичкиот прилог „Обвинетите за Монструм барале азил на Косово“ од 14 февруари (што е вовед за авторската емисија КОД) има коментаторски елементи, но не со интентзитет на пропаганда или демонизирање на некој политички субјект.

Користење на изворите: Она што е различно во споредба со претходниот период во прилозите на оваа телевизија е токму во користењето на изворите. Во целиот изминат период од почетокот на мониторирањето, најголем број од прилозите на Телма с ебазираа на смао еден извор. Во оваа седмица, најмногу од прилозите имаат по три или повеќе извори (26), од кои во 16 тие се со различни гледишта, додека во 10 се истомислечки. Во 14 прилози е користен само еден извор, додека во 10 тоа се два извори, од кои во 7 тоа е соочување на две различни гледишта.

Директни обраќања: Во анализираниот период објавени се вкупно 11 обраќања на лидери на политички партии. Најмногу објавени изјави во вестите (4) се на лидерот на СДСМ Заев, потоа на ВМРО ДПМНЕ Груевски (3), додека по една на лидерот на ДС Трајанов, на ДОМ Поповска, на Унитети Острени и на ДУИ Ахмети.

Аудиовизуелна презентација: Ниту еден новинарски прилог не е со малициозна манипулација за демонизирање или во партиска пропаганда.

**Трета недела (20 – 26 февруари 2016)**

Телма во периодот од 20 до 26 февруари објави вкупно 64 прилози за настани на актуелни политички теми. Најмногу прилози беа за случувањата околу изборите (17 прилози), за иницијативата пред Уставниот суд за укинување на измените во Законот за помилување (10 прилози), за ситуацијата со бегласката криза (6 прилози), за преговирите за медиумите (3 прилози). Во известувањето на оваа телевизија изостанува заземањето став во новинарските извештаи. Карактеристично е објавувањето голем број анализи на дневно- актуелни теми (8 прилози).

Коментари и оценки во вестите: Известувањето на Телма и во овој период е избалансирано, без нагласено пропагирање или демонизирање на некој политички субјект. Во анализираниот период Телма секојдневно објавуваше анализи, во кои преку соочување на релевантни спротивстваени експертски гледишта ги анализираше дневно актуелните настани: 22 февруари „Состојба по оценката",

22 февруари „Политичките аналитичари, сепак очекуваат дека партиите ќе се договорат во кусиот рок што им преостанува дали изборите ќе се одржат во април или ќе се одложат", 23 февруари „Герасимовски: За прочистен избирачки список треба попис", 24 февруари „Законот од 2009 е уставен за уставен суд", 25 февруари „Експерти: Да не се укинува законот за помилување".Само еден од прилозите е со негативна критика кон владината политка (23 февруари "Државата повторно се задолжи повеќе од сумата која треба да се врати следната недела"), но тој не содржи став на новинарот кој би бил демонизирачки кон одреден политички субјект. Само еден прилог е посветен на партиските активности на опозицијата што е во насока на критика на власта (23 февруари „Се шири барокот во Скопје").

Користење извори: Во новинарските прилози на Телма доминираат најмалку три, но и повеќе ставови, и тоа спротивставени (22 прилози), додека во 8 прилози тоа се повеќе соговорници но со исти мислења за одредена проблематика. Во 16 прилози информацијата доаѓа од еден извор, додека во 9 случаи тоа се двајца соговорници – во 4 прилози се со спротивни мислења, а во 5 се на исто стојалиште.

Директни обраќања: Во вестите се емитувани многу малку директни обраќања – 3, и тоа по една изјава на лидерот на СДСМ Заев, на ВМРО ДПМНЕ Груевски, и на лидерот на ДУИ Ахмети.

Аудиовизуелна презентација: Во ниту еден прилог во анализираниот период нема манипулатививна ниту аудио, ниту видео презентација.

**Четврта недела (27 февруари – 4 март 2016)**

Телма во вестите објави вкупно 71 прилог на политички теми, при што фокусот во анализираниот период беше поставувањето темели на крстот во скопската населба Бутел (12 прилози), за активностите околу изборите (12 прилози), за работата на Специјалното јавно обвинителство (8 прилози), ескалацијата на ситуацијата со бегалската криза (8 прилози), како и случувањата по одлуката на Уставниот суд да ја разгледа иницијативата во врска со Законот за помилување (3 прилози). Во ниту еден од прилозите нема изразен позитивен или негативен став кон политички субјект.

Коментари и оценки: Телма во мониторираниот период продолжува како и претходно да известува неутрално и избалансирано, без фаворизирање или демонизирање на некоја страна или политички субјект. Аналитичкиот пристап во известувањето телевизијата го прави преку анализи на дневно - актуелни теми (4 анализи: 28 февруари „Експертите препознаваат политички кујни", 29 февруари „Се намалуваат странските инвестиции НБРМ објави дека лани во РМ влегле помалку инвестиции за разлика од 2013 и 2014 година", 29 февруари „Светска банка го критикува и образованието. Мерено со меѓународни тестови, ниту основното ниту средното не се поквалитетни", 2 март „Урбанизмот средство за политичка манипулација"). Телевизијата оваа недела објави и 3 прилози посветени на

проекти на Владата, но во сите нив беше забележителен критичкиот став: намалување на странските инвестиции, критиката на Светската банка за македонското образование и за формирањето совет на евроинтеграции во МАНУ.

Во 4 прилози во фокусот е лидерот на ВМРО- ДПМНЕ Груевски, но тоа се изјави кои се однесуваат на актуелните теми, како случајот Титаник на СЈО, или пакс е критика на неговите промотвини активности (3 март "Премиерот Димитриев и денеска се појави со претседателот на неговата партија, Груевски. Предност при фрлањето на лопатите имаше Димитриев, а претходниот премиер, сега само лидер на партијата која е на власт мораше да почека и овој чин да го направи меѓу последните функционери").

Користење извори: Најголем број од прилозите во вестите на оваа телевизија се базираат само на еден извор на информација (23 прилози), по што следуваат прилозите во кои се користа 3 или повеќе извори (19 прилози), од кои со спротивставено гледиште (10), потоа прилози каде се соочуваат два става но на исто стојалиште (11) и три прилози каде се користени два спротивставени извори.

Директни обраќања: Во анализираниот период Телма објави 11 директни обраќања од лидерите на четирите најголеми партии ВМРО- ДПМНЕ, СДСМ, ДУИ и ДПА и само едно на лидер на помала политичка партија. Најмногу - 4 изјави се на лидерот на ВМРО ДПМНЕ Груевски, три лидерот на СДСМ Заев, две изјави се на лидерот на ДУИ Ахмети, а по едно на лидерот на ДПА Тачи и на Достоинство, Ангелов.

Аудиовизуелна презентација: Во анализираниот период нема елементи кои би сугерирале манипулативна аудиовизуелна содржина.

## 5. ТВ21 (на македонски јазик)

### Прва недела (6 – 12 февруари 2016)

TV21 во вестите на македонски јазик објави вкупно 79 прилози на теми во врска со политичката ситуација. Најголем број од нив (12 прилози) се за работата на Специјалното јавно обвинителство, потоа за ситуацијата со бегалците (9 прилози), за активностите на опозицијата (7 прилози), за владините проекти (4 прилози) и за активностите на лидерот на ВМРО- ДПМНЕ Груевски (2 прилога). Од објавените прилози во 2 има позитивистички став („Груевски најавува нови инвестиции: Годинава нови 3.610 вработувања" од 9 февруари и „Фонд за здравство Три нови електронски услуги" од 10 февруари) и ниту еден со негативе став.

Коментари и оценки во вестите: Во вестите на ТВ21 на македонски, објавени се и шест аналитички прилози на актуелни теми во кои на официјалните изјави на функционерите се спротивставуваат експерсти мислења („Универзитети „како печурки по дожд" Експерти: Формирањето е неоправдано" од 7 февруари, „Кога ќе профункционира Белановце- Станчиќ? Македонската страна доцни со изградбата на патот" од 9 февруари, „Кумановските настани, политика или правда" од 10 февруари). Телевизијата со ист интензитет како и претходно ги следи активностите на функционерите од опозицијата, информативно, без новинарски став.

Користење извори: Како и во претходнио анализиран период, така и овојпат, ТВ21 и натаму, најголем број од извештаите (28) ги темели на само еден извор. Во 15 прилози, темата е презентирана преку два извора, но со идентичен став, во 8 прилози има по два извора со контра – став. Во 6 прилози се консултирани по три или повеќе извори, со спротивставени гледишта (5) и со идентичен став (12 прилози).

Освен во два прилози, во сите останати, изворите во прилозите на ТВ21 се стриктно наведени, без нивно користење надвор од контекстот за што се кажани.

Директни обраќања: Во седумте мониторирани денови, објавени 5 обраќања на политички лидери, сите со по една изјава: Груевски, Лилјана Поповска, Ердоган Сарач и лидерите на Партијата за движење на Турците и Демокраската партија на Турците, сите во контекст на актуелните настани.

Аудиовизуелна презентација: Во анализираниот период забележан е само еден прилог кој може да биде сметан за прилог со манипулативна видео презентација. Во прилогот „Заоралек со порака: Навремени избори и легитимна влада“ од 10 февруари, информацијата за средбите на државни и партиски претставници, во поголем дел од видео материјалот што го следи прилогот се појавува лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Груевски.

Примери на фаворизирање или демонизирање аудиовизуелни содржини:

- (9 февруари најава) Груевски најавува нови инвестиции Годинава нови 3.610 вработувања
- (10 февруари) Фонд за здравство: Три нови електронски услуги

**<u>Втора недела (13 – 19 февруари 2016)</u>**

ТВ 21 во вестите на македонски јазик во периодот од 13 до 19 февруари објави вкупно 90 прилози за политичките настани. Најголем број прилози се објавени за: изборите (21 прилог), за случајот Титаник (17 прилози), владини роекти (8 прилози), за ситуацијата со бегалците (7 прилози), за преговорите за медиумите (5). Во ниту еден од прилозите нема нагласен апологетски или демонизирачки став на новинарот, иако во два од прилозите видео презентацијата има манипулативни елементи.

Коментари и оценки во вестите: Телевизијата неделава покриваше многу различни теми, главно актуелни настани, генерално избалансирано без нагласен новинарски став, ниту во прилозите, ниту во најавите. Во овој период објавени се голем број анализи (13) кои произлегуват од дневните настани (13 февруари „ Кекеновски: Можно е апсење на политичари Никовски: СЈО работи во функција на опозицијата“, 14 февруари „ Опозициски филибастер „Дамјан Груев“ заглави во ќорсокак“, 15 февруари „ И треба ли на Македонија Специјален суд? Експертите со различни проценки“) со соочување на спротивставени мислења на експерти. Телевизијата во континуитет објавува прилози во кои се промовираат одредени владини проекти. Но во нив нема експлицитна оценка на новинарот, дури во некои од нив има и критички став кон одредени прашања: 18 февруари „Јавна расправа за трансплантација Отворање на Центар за извонредност!?“, 19 февруари „ Министерот најавува реконструкција Учениците се жалат на недостиг на учебници“).

Користење извори: Во 36 прилози користен е само еден извор. Во 23 прилози се соочуваат три или повеќе мислења, но само во 15 од нив тие се спротивставени. Во 21 прилог има по две мислења, од кои во 14 од нив тие се на различни стојалишта. Во шест прилози не се презентира изворот на информацијта, но содржината и реторикјата наведуваат на соопштенија од различни институции.

Директни обраќања: Во вестите на македонски јазик на оваа телевизија, во анализираниот период се објавени вкупно 8 обраќања. По две изјави се на лидерот на СДСМ Заев и на ДУИ Ахмети, додека Груевски (ВМРО ДПМНЕ), Касами (БЕСА), Трајанов (ДС) и Острени (Унитети) по едно.

Аудиовизуелна презентација: Во два прилози емитувани во овој период има манипулативни елементи, односно видео презентацијата во дел не ја следи содржината. Во прилогот од 17 февруари “Камен темелник во ТИРЗ Фабриката Хај Тек, прва домашна инвестиција“, соопштението е проследено со видео материјал каде во фокусот е екс премиерот Груевски, кој сега е лидер на ВМРО ДПМНЕ. Во прилогот од 19 февруари „Зелено светло од град Скопје Сарај ќе добие средно училиште“, содржината е проследена со видео снимки на кои повеќекратно се појавува министерот за образование Абдулаќим Адеми, функционер на ДУИ, дури и кога таа не кореспондира со текстот.

**<u>Трета недела (20 – 26 февруари 2016)</u>**

ТВ 21 во вестите на македонски јазик во набљудуваните 7 дена објави 82 прилози за политички настани и субјекти. Најголем број од објавените прилози се за изборите и очекувањата од нив (32 прилози), за ситуацијата со бегалците (9 прилози), за реакциите што ги предизвика одлуката на

Уставниот суд да расправа за укинување на измените во Законот за помилување (8 прилози), за преговирте за медимските реформи (6 прилози), а известуваше и за проекти на Владата (3 прилози).

Известувањето на ТВ21 на македнски јазик во овој период е балансирано, се отстапува простор за изразување на различни ставови за актуелните теми. Во само еден прилог (23 февруари „Контраодговор на орелот?! 50 метарски крст ќе биде поставен во Бутел") има негативен став кон актуелен проблем, но во смисла на критика, а не на демонизирање.

Коментари и оценки во вестите: Три прилози објавени во овој период можат да се одбележат како хибридни форми на најави/анализи коментар, каде новинарот, презентирајќи ја дневната информација изразува свој коментар (22 февруари „ВМРО-ДПМНЕ против амбасадорите СДСМ: Груевски на 24 април се обидува да ја спаси главата", 23 февруари „Пишман" Собрание Ахмети и Тачи потпишаа против избори на 24. април"). Во анализираниот период на Т21 објавени се 13 анализа на актуелни теми, во кои се застапени спротивставени гледишта на професори, професионалци во конкретна област, политичари, актуелни и поранешни функционери: (20 февруари) "Дебата: „Клик Плус" Тактизира ли меѓународната зедница?", (20 февруари) „Медиуми без влијанија? Политичари одлучуваат за медиумски реформи", (22 февруари) „Аналитичарите за „Пржино" Дали договорот е жив или мртов?", (23 февруари) „Местенка или тактизирање? Преуранета ли беше оставката на Груевски?!", (24 февруари) „Ќе се врати ли Груевски на позицијата премиер? Аналитичари: Техничката Влада треба да продолжи", (25 февруари) „Наков: СЈО има широко поле за постапување Ивановски: Одлуката на Уставен е напад на работата на СЈО", (26 февруари) „Аналитичарите за „средните прсти" на Пишев Политичка (не)култура во Македонија?!" (26 февруари) „Реагираат советниците на ДУИ во Бутел Поставувањето на крстот може да ја ескалира состојбата". Прилозите за извештајот на кредитната агенција ФИЧ, соработката на владите на Косово и Македонија и информацијата за новото задолжување кои се однесуваат на владината политика, не содржеа изразен позитивен или негативен новинарски став, исто како и прилото од 21 февруари „Љупчо Николовски обвинува Земјата не се доделува на вистински земјоделци", кој само е нотиран став на опозицијата.

Користење извори: Во 36 прилози на оваа телевизија е користен само еден извор. Во 19 прилози за одредено прашање со соочуваат два спротивни става, во 8 слушаи тоа се мислење на единствено стојалиште, додека во 16 прилози, се користат три или повеќе различни ставови – во 13 тие се спротивставени.

Директни обраќања: Во вестите на македонски јазик објавени се 12 обраќања вкупно. Од нив 4 изјави се на лидерот на СДСМ Заев, по три се на лидерот на ДУИ Ахмети и на на ВМРО - ДПМНЕ Груевски, додека по едно се на лидерот на ДС Трајанов и на ДПА Тачи.

Аудиовизуелна презентација: Во анализираниот период во ниту еден прилог нема манипулативни елементи.

**Четврта недела (27 февруари – 4 март 2016)**

Во анализираниот период, телевизија ТВ21 во вестите на македонски јазик објави 102 прилози на теми во врска со политичката ситуација. Повеќе од нив беа за поставувањето на темелите за крстот во Бутел (22 прилози) и за предвремените избори (15 прилози), потоа за ситуацијата со бегалската криза (14 прилози), за работата на СЈО (8 прилози) и за активностите на опозицијата (4 прилози). Во ниту еден од прилозите и 19 -те анализи што во овој период ги објави телевизијата нема експлицитен став на новинарот или презентерот.

Коментари и оценки во вестите: Најголем број од прилозите на телевизијата се информативни, без новинарска (или уредничка) оценка на политички субјект или настан. Убедливо најмногу прилози телевизијата објави за поставувањето на крст во населбата Чаир, настан кој доби меѓуетнички предзнак. Телевизијата во дневните прилози известуваше неутрално и избалансирано, регистрирајќи ги сите случувања дсо подеднаков третман на обете спротивставени страни (2 март „Меџити: Крстот „будалаштина" на ВМРО-ДПМНЕ Груевски: Изјавата на Меџити предизборна кампања", 4 март „Латиновски: Полицијата да ги отстрани узурпаторите Незири: Протестот е демократско право").

Преку анализите, кои во овој период веа токму на оваа тема, телевизијата, преку изборот на темите и ставовите на гостите- експерти го артикулираше ставот дека настани како овие се политичко сценарио, злоупотреба на верата во апртиски цели (2 март "Дебата во „Клик Плус" Симболи кои ја расипуваат работата Опасно е да се злоупотребуваат верата и националните симболи", 4 март „Игра" со верски и етнички обележја Според аналитичарите ова е политичко сценарио", 4 март „Клик Плус" Политиката ја користи религијата за партиска мобилизација").

<u>Користење на извори:</u> ТВ21 и натаму, најголем број од извештаите ги темели на само еден извор (42). Во 30 прилози, темата е презентирана преку три или повеќе извори, од кои 16 се со различни ставови, додека во 14 тие ставови се синхронизирани. Во 23 прилози има по два извори, од кои во 15 со единствено гледиште. Во 12 прилози не се наведува изврот на информацијата, но тоа се прилози кои новинарите се јавуваат „во живо" од терен, или според содржината наведуваат на партиски или институционални соопштенија.

<u>Директни обраќања:</u> Во 7–те мониторирани денови, во вестите се објавени 17 обраќања на политички лидери. Лидерот на СДСМ Заев има најмногу објавени изјави – 5, по што следува лидерот на ВМРО ДПМНЕ Груевски со 4, лидерите на ДУИ и ДПА Ахмети и Тачи со по 2 и по едно првите луѓе на Либералната партија, ЛДП, ГРОМ и Унитети.

<u>Аудиовизуелна манипулација:</u> Ниту еден прилог на оваа телевизија не содржи малициозна манипулација.

## 6. ТВ21 (вести на албански јазик)

**<u>Прва недела (6 – 12 февруари 2016)</u>**

ТВ21 на албаснки јазик во мониторираниот период од 6 до 12 февруари има 53 прилози во врска со политички актери, процеси или состојби. За Специјалното јавно обвинителство има 9 прилози, за предвремените избори има 8 прилози, за пресметките на министрите со нивните заменици има 7 прилози и за медиумите има 5 прилози.

<u>Коментари и оценки во вестите:</u> Не е забележан коментаторски однос во содржините на вестите. Изразен е критичкиот однос, но од етнички партикуларна позиција кај дел од темите (6 февруари: „Што добија Албанците од договорот од Пржино"). Телевизијата некритички емитуваше неколку прилози за проекти и мерки на Владата и на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски (9 февруари: „Груевски ветува нови проекти, наскоро девет нови инвеститори во Македонија"). Како позитивни за ВМРО-ДПМНЕ се забележани и прилозите за четири нови возила за ЈП „Комунална хигиена" и за потпишувањето на договорот меѓу Македонија и Косово за патување со лични карти.

Во врска со главната тема на неделата, поднесените кривични пријави од Специјалното јавно обвинителство, телевизијата ги пласира ударно, но непристрастно (12 февруари: „Катица Јанева во офанзива со „Титаник", се бара притвор за 8 поранешни функционери"; делумно со критика за односот на владејачката партија кон оваа институција (12 февруари: „ВМРО-ДПМНЕ обвинува дека Специјалното јавно обвинителство работи под влијание на СДСМ, иако и ВМРО-ДПМНЕ гласаше за него".

<u>Користење на изворите:</u> Има  дури 21 прилог со еден извор и 18 прилози со два и повеќе извори, но со единствена позиција на изворите, а преостанатите се со два или повеќе извори со спротивставени ставови.

<u>Директни обраќања:</u> Има две директни обраќања од лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски и по едно од првите луѓе на СДСМ Зоран Заев, на ДУИ Али Ахмети и на ДПА Мендух Тачи. Има директни обраќања и од лидери на помали партии.

<u>Аудиовизуелна презентација:</u> Нема манипулативна аудиовизуелна презентација.

**<u>Втора недела (13 – 19 февруари 2016)</u>**

Во вестите на албански јазик на оваа телевизија, во анализираниот период објавени се 78 прилози за актуелните политички случувања. Фокусот во најголем дел е ставен на случајот Титаник на СЈО (21 прилог), на изборите (17 прилози), на преговорите за медиумите (6 прилози), но и за активности на функционерите од ДУИ (9 прилози), и 3 прилози кои се однесуваат на проекти на Владата. Во прилозите известувањето е генерално избалансирано, со дистанца, па дури и критички (два прилози кои се однесуваат на прокети на Владата).

<u>Коментари и оценки во вестите:</u> Телевизијата критички ги проследува настаните од политичката криза и од работата на СЈО: "Судот го одби барањето на Јанева, нема притвор за Јанакиевски и Темелко", "Јанева со жалби, а Основниот суд со објаснување" , " СЈО немоќна, за притвор одлучува судот" (13 февруари). На оваа тема Телевизијата објави и неколку анализи во кои се пренесуваат експертските ставови дека "обвинетите на слобода, ги загрозуваат фер и демократските избори" (16 февруари), се изнесуваат ставови про и контра идејата за Специјален суд ( "Политичко судство, зошто не и специјално судство?" од 16 февруари), како и тоа дека помалите партии бараат формирање на специјален суд.

На темата за можниот датум на изборите, се пренесуваат различните ставови на политичките („Заев: Додека дишам нема да дозволам уште едни нерегуларни избори", од 16 февруари), на меѓународната заедница (" Во петок, оценување од ЕУ и САД за изборите" од 17 февруари, Хан бара избори врз основа на оценувањата на ДИК", „Орав констатира застој во спроведување на договорот од Пржино" од 16 февруари) и на невладиниот сектор "Нема услови за фер избори на 24 април". Во анализа од 18 февруари Телевизијата ја поставува дилемата "Во случај на одложување на изборите, дали ќе се распушти Собранието на 24 февруари?", преку соочување на есперстки ставови про и контра. Во однос на преговорите за реформи во медиумите во фокусот на известување е позицијата на МТВ како јавен сервис при што се пренесуваат ставовите на власта и на опозицијата:" За СДСМ е сервис на власта, додека за ВМРО-ДПМНЕ е столб на општеството"(15февруари), како и ставот на ЗНМ кое "е против владиното рекламирање" (17 февруари).

Во фокусот на известување во вестите на албански јазик на ТВ21 е и поставувањето на споменикот на УЧК во Топаанско поле, при што се пренесуваат реакциите на град Скопје, според кои тој е нелегален, но и ставот на албанскиот фактор дека "Се открива орелот во Чаир, момент што обединува и разделува" ( најава од 16 февруари), "Ахмети: од денеска Скопје го сакаме повеќе, Албанците ќе го сакат Скопје повеќе поради Скендербег, Хасан Приштина, што даде се од себе за да ја создаде Албанија" (14 февруари) и дека "без мајката Албанка немаше да се промени политичко-правниот статус на Албанците во Македонија".

Од промоциите на владините прокети се известува со позитивен тон при што се нагласува улогата на функционерите од ДУИ ("Агенцијата за вработување и комората на извршители, со меморандум за електронска верификација на податоците", од 13 февруари, "ФЗО со нови услуги" проекти за училиштатата од 18 февруари, "Меморандум за соработка меѓу Косово и Македонија" и „Канализација во Сарај" од 19 февруари).

<u>Користење на изворите:</u> Во 19 прилози е користен само еден извор, додека во 20 прилози се цитираат два или повеќе извори, но со единствена позиција.

<u>Директни обраќања:</u> Во анализираниот период има 5 обраќања на политичките лидери, од кои по две се на лидерот на ДУИ Ахмети и на СДСМ Заев имаат по две директни обраќања, и една изјава на лидерот на ВМРО ДПМНЕ Груевски.

<u>Аудиовизуелна презентација.</u> Не е забележана манипулативна аудиовизуелна презентација.

.

**<u>Трета недела (20 – 26 февруари 2016)</u>**

Во вестите на албански јазик на телевизијата 21 во текот на анализираниот период се емитувани 72 прилози во врска со политичките актери, процеси или состојби. Темата за предвремените парламентарни избори е застапена со 26 прилози, иницијативата пред Уставниот суд да се дозволи помилување за изборни нерегуларности со 7 прилози, додека поставувањето на крстот во општината Бутел со 5 прилози. Во најголем дел од известувањето на овие теми телевизијата има неутрален однос кон политичките субјекти.

<u>Коментари и оценки во вестите:</u> Телевизијата неутрално известува за сите настани од политичката криза. Се следат настаните (21 февруари: „Амбасадорите на САД и на ЕУ заедно со лидерите, отсуствува Груевски"), реакциите (22 февруари: „Од СДСМ велат дека Груевски сака да ја спаси својата кожа"), се даваат оцени од неутрална позиција (24 февруари: „Парламентарните избори на 5 јуни, сите политички партии се чувствуваат како победници"), и се консултираат аналитичари (23 февруари: „Аналитичарите се прашуваат дали беше прерана оставката на Груевски. Замка или тактика").

На иницијативата да се дозволи амнестија за осудените за изборни нерегуларности се гледа како на напад врз Специјалното јавно обвинителство (24 февруари: „Уставниот суд ги простува изборните нерегуларности, протести против оваа одлука"). Се пренесуваат ставови од експерти и од дипломати во врска со оваа тема.

Телевизијата критички се поставува кон случувањата во општините Чаир и Бутел и нивното поставување верски и национални симболи (23 февруари: „Една виртуелна тензија е создадена на границите меѓу општините Чаир и Бутел, по поставувањето на орелот во Чаир, Бутел планира да изгради крст од 55 метри"). Во вестите се најавува и дебатна емисија за оваа тема (25 февруари: „Орелот и крстот, политички фолклоризам или потреба"). Но се пренесуваат пред се` ставовите на ДУИ, на градоначалникот Изет Меџити (23 февруари: „Националниот симбол го поставивме како реализација на националните идеали"), и на советниците од ДУИ во Бутел (26 февруари: „Поставувањето на крстот може да ја влоши ситуацијата").

<u>Користење на изворите:</u> Во вкупно 19 прилози има по еден извор, во 20 прилози по два или повеќе извори, но со иста позиција, и во 26 прилози има по два или повеќе извори со различни или спротивставени ставови.

<u>Директни обраќања:</u> Најзастапен со четири обраќања е лидерот на ДУИ Али Ахмети, по три се емитувани од првите луѓе на СДСМ и на ДПА, Зоран Заев и Мендух Тачи, и две од претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, Никола Груевски.

<u>Аудиовизуелна презентација:</u> Не е забележана манипулативна аудиовизуелна презентација.

**<u>Четврта недела (27 февруари – 4 март 2016)</u>**

Во фокусот на информирање беа настаните околу поставувањето крт во Бутел (25 прилози), за политичката криза има 17 прилози, за работата на СЈО има 7 прилози. Во два прилози е забележан фаворизирачки однос кон активностите на владејачката ДУИ, додека во два прилози е наглесен кртичкиот однос кон проектот на Владата „Скопје 2014".

<u>Коментари и оценки во вестите:</u> Наративот при известувањето на оваа телевизија за тензиите во Бутел е во насока на неговиот негативен ефект врз соживотот во оваа општина ("Крстот во Бутел ги раздели граѓаните, протест на жителите и на ДУИ во Бутел" од 27 февруари), се пренесува апелот на верските лидери „да не ги злоупотребуваат симболите" и да "не се нарушува меѓуверската толеранција"(28 февруари), како и ставот на експерите дека "политиката се крие зад симболите". Во овој контекст се информира и за ставот на жителите на Сарај, по најавите дека и таму ќе се издигне јарбол и џамија, при што тие бараат „прво инвестиции, а после симболи"(29 февруари).

Во останатите прилози се нотираат дневните ставови на партиите и инволвираните субјекти: „Мециш: Крстот е лудило на ВМРО-ДПМНЕ“(2 март), “Протест за Скопје да не стане Ерусалим“ (3 март), „ Контра протест за подршка на крстот“ (4 март).

Во однос на политичката криза, се соочуваат ставовите на власта и на опозицијата за очекувањата во периодот до изборите на 5 јуни, при што за опозицијата овој период треба да се искористи за „бришење на повеќе од 100 илјади фиктивни гласачи од избирачкиот список“ (29 февруари), додека власта смета дека опозицијата „сака да ги освои сите медиуми за себе“.

Во прилог од 3 март се пренесува ставот на албанските партии кои бараат дополнителна програма на албански јазик на собранискиот канал. Промотивен известувачки тон има во прилогот со кој се најавува “Нов Бит Пазар“ (28 февруари).

Користење на изворите: Има 26 прилози со еден извор и 17 прилози со два и повеќе извори, но со единствена позиција на изворите.

Директни обраќања: Во анализираниот период објавени се вкуно 12 обраќања од лидерите на поголемите политички партии. Најмногу изјави има од лидерот на СДСМ Заев – 5, потоа од Груевски- 3, и по две изјави се од лидерите на ДУИ и на ДПА, Ахмети и Тачи.

Аудиовизуелна презентација. Не е забележана манипулативна аудиовизуелна презентација.

## 7. АЛСАТ М (вести на албански јазик)

### Прва недела (6 – 12 февруари 2016)

Во вестите на албански јазик телевизијата емитуваше 62 прилози за политичките актери, процеси и состојби. Најмногу внимание е посветено на работата на Специјалното јавно обвинителство (10 прилози), потоа на состојбите со медиумите (9 прилози) и на одржувањето на предвремените парламентарни избори (6 прилози). Во најголем број случаи при известувањето на овие теми се известува неутрално и непристрасно.

Коментари и оценки во вестите: Екстатично се пренесуваат првите конкретни чекори на Специјалното обвинителство (12 февруари: „Јанева удира. Се пишуваат обвиненијата за “бомбите“. Горде и Миле во “Титаникот“ на Јанева). Се пренесуваат и реакциите на политичките партии, осудата од ВМРО-ДМНЕ, коментарот на СДСМ и поддршката од ДУИ. Доминантен е албанскиот спектар на гледање на главните настани од политичката криза (8 февруари: „ДУИ со амандмани бара јавниот сервис да не се вика Македонска телевизија, туку телевизија на Македонија или на Република Македонија“). Тоа се однесува и на темите за предвремените парламентарни избори (9 февруари: „Прочистениот избирачки список на Албанците ќе им донесе многу повеќе пратеници. Според демографските движења, последните 14 години откако нема попис, со наталитетот на Албанците, на Македонците им остануваат само 75 пратеници“.

Емитуван е критички прилог за мерките за вработувања во администрација што ги најавува лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски (6 февруари), и за тоа колкава финансиска помош добиваат странските инвестиции. Се пренесува и размената на обвинувања меѓу министрите и нивните заменици од ВМРО-ДПМНЕ и од СДСМ.

Користење на изворите: Емитувани се 8 прилози со по еден извор, и 13 прилози со по два или повеќе извори, но со единствена позиција. Во другите прилози се користат повеќе извори, кои претставуваат различни гледишта.

Директни обраќања: Лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски е емитуван со четири директни обраќања, од кои две се кратки и отсечни одговори на новинарски прашања. Али Ахмети (ДУИ) и

Зоран Заев (СДСМ) се емитувани со по две обраќања, а од лидерот на ДПА Мендух Тачи е емитуван снимен разговор од прислушуваните материјали, кој наводно го води со Сашо Мијалков.

Аудиовизуелна презентација: Нема манипулативна аудиовизуелна презентација.

**Втора недела (13 – 19 февруари 2016)**

Во анализираниот период, во вестите на албански јазик телевизијата објави 74 прилози на актуелни политички теми. Најмногу се за работата на СЈО (21 прилози), за изборите (8 прилози), за преговорите за медиумите (6 прилози). Голем дел од информативниот простор во вестите е за темите кои третираат прашања од интерес на албанската етничка заедница (16 прилози), како што се поставувањето споменик на УЧК во Скопје, за употребата на албанскиот јазик за новиот универзитет.Известувањето е неутрално, аргументирано, ретко афирмативно, и критичко (8 прилози) кои третираат теми за проекти и инвестиции на Владата, особено во врска со задолжувањето.

Коментари и оценки во вестите: Телевизијата критички известува за настаните поврзани со политичката криза. Во врска со работата на СЈО се пренесува поранешна изјава на Груевски по повод изборот на специјалниот обвинител, во која тој ја фали Јанева како " почитуван искусен обвинител". Телевизијата соочува и експертски ставови барајќи одговор на прашањето „Што по одбивањето на Судот да одреди мерка притвор за осомничените" (14 февруари), кои констатираат дека „судството е под влијание на политиката".

За датумот за предвремени избори, се пренесуваат контрасните изјави на власта и опозицијата ("Груевски: Заев ги избегнува изборите" од 13 февруари), како и изјавите на претставниците на меѓународната заедница ("Хан: За изборите решава ДИК" од 16 февруари, „Очите кон меѓународниците за изборите" од 19 февруари).

Со фаворизирачки тон во известувањето се проследуваат темите кои се од интерес на албанската заедница во земјата, како што неделава беше поставувањето на споменикот во Топаанско поле. "Ако е ова незаконско, тогаш дали се законски високите знамиња што ги постави Коце", оценува новинарот во прилог од 15 февруари, додека критичкиот став е насочен кон ДУИ поради тоа што „ги поставува на периферија".

Благ позитивен тон на известување има во прилозите „Ременски: Компаниите ги земаат парите за хендикепираните" од 13 февруари, "Оштината Сарај ќе ги превезува учениците" од 15 февруари и "Слободно движење со лични карти со Косово", од 19 февруари, каде новинарот констатира дека во борбата за заслуги, за политички поени се бореше и македонската опозиција. Но во ниту еден од прилозите позитивното известување не е апологетско или пропагандистичко.

Користење на изворите: Во 15 прилози има само еден извор на информацијата, додека во 18 се цитираат два или повеќе извори, но истомислечки.

Директни обраќања: Од вкупно 9 изјави на политички лидери, 4 се на лидерот на ВМРО ДПМНЕ Груевски, 3 на лидерот на ДУИ Ахмети и 2 на лидерот на СДСМ Заев.

Аудиовизуелна презентација. Не е забележана манипулативна аудиовизуелна презентација.

**Трета недела (20 – 26 февруари 2016)**

Во текот на известувачкиот период од 20 до 26 февруари телевизијата Алсат М во вестите на албански јазик емитуваше 67 прилози во врска со политичките актери, процеси и состојби. Доминантна тема беше одложувањето на предвремените парламентарни избори (24 прилози), иницијативата пред Уставниот суд да се дозволи помилување на лица осудени за изборни нерегуларности (9 прилози), поставувањето крст во скопската населба Бутел (6 прилози) итн.

Во најголем дел од известувањето на овие теми телевизијата не зазема страна и ги пренесува сите релевантни информации.

<u>Коментари и оценки во вестите:</u> Телевизијата генерално не користи коментаторски елементи во својата информативна програма. Ова особено се однесува за главната тема, одложувањето на предвремените избори. Неутрално се известува за активностите на сите чинители вклучени во овој процес, за меѓународната заедница (20 февруари: „Амбасадорите ја одложија оценката за датумот за изборите), за владејачката партија (22 февруари: „ВМРО-ДПМНЕ против оценката на меѓународните претставници"), за опозицијата (24 февруари: „Заев: ништо повеќе не зависи од Груевски"), како и коментарите на аналитичарите (22 февруари: „Сефер Тахири: се знае дека држави како Македонија не може да функционираат без меѓународен мониторинг").

Критички тон е забележан кај темата за иницијативата пред Уставниот суд, на пример израз на неверување (24 февруари: „Претседателот ќе ги помилува изборните манипулатори!?").

Во врска со поставувањето на крстот во општината Бутел, се пренесуваат реакциите против неговото подигнување (24 февруари: „Крстот е против соживотот, и Македонците покажуваат дека не сакаат соживот, се дел од реакциите"), но и тврдењата дека сето тоа е местенка меѓу владините коалициски партии („24 февруари: „ДПА смета дека тоа е игра на ДУИ со ВМРО-ДПМНЕ").

<u>Користење на изворите:</u> Емитувани се 26 прилози со по два или повеќе извори со различни или спротивставени ставови, 18 прилози со по два или повеќе извори, но со единствени позиции на ставовите, и 16 прилози со по еден извор.

<u>Директни обраќања:</u> Најмногу директни обраќања има од лидерот на СДСМ Зоран Заев (4), потоа од претседателот на ДУИ Али Ахмети (3), на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски (2) и на првиот човек на ДПА Мендух Тачи (1), сите во врска со актуелните политички настани.

<u>Аудиовизуелна презентација:</u> Телевизијата не користи манипулативна аудиовизуелна презентација.

### <u>**Четврта недела (27 февруари – 4 март 2016)**</u>

Во анализираниот период, во вестите на албански јазик на Алсат М објавени се 76 анализирани прилози со политички субјекти. Тензиите за крстот доминираат со 23 прилози, политичката криза со 14 прилози, за работата на СЈО има 7 прилози и 10 прилози се теми кои се однесуваат само на една (албанската) етничка заедница. Во сите прилози забележително е критичко известување, без новинарски или уреднички став за некој политички субјект.

<u>Коментари и оценки во вестите:</u> Телевизијата критички ги следи тензиите околу поставувањето на крстот во Бутел. "Во Бутел се става камен темелник на гигантски крст", "ДУИ во Чаир протестира против крстот" и "Власта против Власта за крстот" се насловите од 27 февруари . Се пренесуваат и партиските ставови на оппозицијата дека "Крстот е сценарио на ВМРО и ДУИ" и дека "Власта разгорува етнички поделби" (28 февруари), како и оние на власта: „Груевски: Тоа не е игра на ВМРО и на ДУИ" (29 февруари), „Меџити: демократски протест против провокација, која е ризична за Бутел и за Македонија" (3 март). За лидерите на опозицијата Заев и Тачи, сметаат дека ова се веќе видени игри на власта за разгорување на тензии пред избори. Телевизијта го пренесува и ставот на првиот човек на Исламската верска заедница, според кого "Груевски е автор на сите крстови", но и се критикуваат потезите на локалните самоуправи бидејќи "Во Топана касни изградбата на џамијата"(27 февруари), и се најавуваат нови зафати како „ знаме во Сарај и на џамија во Матка"(29 февруари).

Вообичаено критички се известува за настаните од политичката криза. "Заев: изборите клучни за земјата" ( 29 февруари) со изјава од Заев дека " граѓаните треба да изберат помеѓу мафиашката власт и демократска РМ". Во континуитет критички се известува и за новите задолжувања на Владата (29 февруари и 4 март).

Користење на изворите: Има 23 прилози со еден извор и уште 23 прилози со два и повеќе извори, но со единствено гледиште.

Директни обраќања: Има вкупно 13 директни обраќања и тоа од лидерите на четирите поголеми партии. Пет од нив се на лидерот н СДСМ Заев, 4 на Груевски и по 2 директни обраќања од Ахмети и Тачи.

Аудиовизуелна презентација: Не е забележана манипулативна аудиовизуелна презентација.

## 8. АЛСАТ М (на македонски јазик)

### Прва недела (6 – 12 февруари 2016)

Во известувачкиот период од 6 до 12 февруари 2016 година телевизијата Алсат М во вестите на македонски јазик емитуваше вкупно 63 прилози што се однесуваат на политичките актери, процеси или состојби. Најмногу внимание телевизијата посвети на: Специјалното јавно обвинителство (10 прилози), преговорите за медиумите и медиумските состојби (6 прилози), обвинувањата и реакциите меѓу членовите на Владата од СДСМ и од ВМРО-ДПМНЕ (5 прилози). Во најголем дел од известувањата за овие теми телевизијата имаше неутрален однос кон засегнатите субјекти.

Коментари и оценки во вестите: Не е забележано фаворизирање, демонизирање или коментаторски однос во информативната програма на телевизијата, кон ниту еден политички субјект. Главниот настан на неделата, поднесените кривични пријави од Специјалното јавно обвинителство, беше покриен сеопфатно, со сите релевантни информации, со јавување во живо од пред Основниот суд Скопје 1 каде што обвинетите даваа исказ, и со реемитување репортажа од селото Пустец, релевантна за темата.

И во овој мониториран период телевизијата го задржа критичкиот однос кон проектите на Владата (7 февруари: „За изградба на гасоводот од Клечовце до Неготино Македонија плаќа 76 милиони долари, иако во физибилите студии нарачана од Владата утврдено е дека треба да чини 21 милион евра“), за ветувањата на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски (6 февруари: „Ветувањата дека најдобрите студенти ќе се вработуваат во администрацијата е партиски говор на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски за добивање на гласовите на студентите“), како и за задолжувањата (10 февруари: „Владата вчера повторно се задолжи двојно повеќе од планираното. Зеде 15,5 милиони евра“).

Се задржува етничкиот фокус, не само со тоа што поголем дел проблемски теми што ги обработи телевизијата се однесуваат на етничките Албанци (9 февруари: „Во Статутот на Град Скопје се вели дека освен македонскиот јазик и кириличната азбука во службена употреба е и албанскиот јазик, но, ова постојано се прекршува од разни институции“), туку и со тоа што во дел прилози за Специјалното јавно обвинителство од пред 12 февруари се разгледува неговиот однос кон судски случаи што се посебно интересни за Албанците („Сопот“ и „Монструм“).

Користење на изворите: Во речиси идентичен број прилози телевизијата користи по еден извор (20 прилози), два или повеќе извори со спротивставени позиции (20 прилози) или два или повеќе извори кои не се судираат (17 прилози). Не е забележано неправилно или манипулативно користење на изворите, на ниеден начин.

Директни обраќања: Емитувани се три обраќања од лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски, од кои две се негови отсечни одговори на новинарски прашања (за гасоводот и за поднесените кривични пријави од Специјалното јавно обвинителство).

Аудиовизуелна презентација: Не е забележана класична манипулативна аудиовизуелна презентација. Но критичкиот однос кон Владата во еден случај беше засилен со подредувањето на прилозите. На 6 февруари прво беше емитуван прилог дека се` уште не се обезбедени пари за лекување болно дете од

Делчево, а веднаш потоа следуваше најавата за следниот прилог, која гласеше: „А државната помош што по разни основи ја добиваат странските инвеститори во земјава се држи во најголема тајност“.

**<u>Втора недела (13 – 19 февруари 2016)</u>**

Во известувачкиот период од 13 до 19 февруари 2016 година телевизијата Алсат М во вестите на македонски јазик емитуваше вкупно 79 прилози што се однесуваат на политичките актери, процеси или состојби. Најмногу внимание телевизијата посвети на: работата на Специјалното јавно обвинителство (17 прилози за случајот „Титаник“ и уште 5 други прилози), предвремените парламентарни избори (11 прилози), преговорите за медиумите (4 прилози), најавениот универзитет „Мајка Тереза“ (4 прилози), задолжувањата на Владата (3 прилози), поставениот споменик од двоглав орел во општината Чаир (3 прилози) и други теми. Во најголем дел од известувањето за овие теми, телевизијата има неутрален однос кон засегнатите актери, со повремена аргументирана критика.

<u>Коментари и оценки во вестите:</u> Телевизијата не изразува фаворизирачки или напаѓачки однос кон ниту еден политички субјект, и не користи коментаторски елементи во информативните програми.

(1) Случајот „Титаник“, во кој поранешни високи функционери се обвинети за изборни измами, беше доминантна тема во речиси сите изданија на вестите во мониторираната недела. Се пренесуваа сите информации и ставовите на сите засегнати страни. Во неколку случаи телевизијата зазеде критички став кон случувањата околу оваа афера: во врска со неизрекувањето притвор за осомничените (14 февруари: „Досегашното постапување на судот по барањата за притвор на Јанева веќе наиде на критики во јавноста за селективна правда“), коментарите на претседателот на Републичкиот судски совет (15 февруари: „ Според Ушковски, кој и е познат на македонската јавност и по опозициските бомби во кои беше посочено дека партиски е избран...“), одбивањето на жалбите на СЈО околу одлуката да не се изрече притвор (19 февруари: „Судот зазеде страна. Вакви се коментарите по вчерашната одлука на Кривичниот совет, кој ги одби жалбите на СЈО за притвор на осомничените во случајот Титаник“) итн.

(2) Во врска со темата за предвремените парламентарни избори, се пренесуваат сите ставови околу тоа дали тие треба да се одржат на 24 април или да се одложат, без да се фаворизира ниту една опција.

(3) Иако бројот на прилози на темата задолжување беше помал од вообичаено, сепак се задржа силниот критички однос кон постапките на власта (18 февруари: „Од почетокот на годинава, министерството за финансии преку 5 аукции на државни хартии од вредност се задолжи со вкупно 91,4 милиони евра или 50,8 милиони повеќе од планираното“).

(4) Останува албанскиот етнички фокус во презентирањето на темите. Тој најмногу се огледува во сториите за граѓански проблеми, кои најчесто се однесуваат на места претежно населени со Албанци (13 февруари: „Во Струга пропаѓаат спортските сали“; 18 февруари: „Протести за завршување на регионалниот пат во Милетино“ итн). Тоа се огледува и во интересот за универзитетот „Мајка Тереза“, за кој не се известува на другите телевизии (17 февруари: „ Алсат неофицијално дознава дека Азис Положани ќе биде ректор на новиот универзитет „Мајка Тереза“, тоа е спротивно на сите најави на високи функционери до ДУИ, како и на поранешниот премиер Груевски кои рекоа дека ректорот ќе биде странец“). Сепак, и покрај таквиот фокус, телевизијата имаше воздржан однос кон поставувањето на споменикот од двоглав орел во Чаир, пренесувајќи ги и ставовите дека тоа е политички маркетинг (15 февруари: „Остри обвинувања за орелот во Чаир“), и дека не се исполнети ветувањата на ДУИ (16 февруари: „Во Чаир се обзнани двоглавиот орел, ама се уште не се знае каде се паметниците на албанските личности во Скопје 2014“).

<u>Користење на изворите:</u> Во речиси идентичен број прилози телевизијата користи по еден извор (22 прилози), два или повеќе извори со спротивставени позиции (22 прилози) или два или повеќе извори кои не се судираат (21 прилог). Телевизијата често користи мислења од експерти и аналитичари, кои иако генерално даваат аргументирани ставови, ретко се забележуваат спротивставени позиции. Во пет такви прилози експертот е единствен извор или единствен што дава аналитичко мислење, во три

има по двајца или повеќе аналитичари кои не се спротивставуваат, и во еден прилог овие извори настапуваат од различни позиции.

Директни обраќања: Најмногу директни обраќања се емитувани од лидерот на ДУИ Али Ахмети (4), потоа од лидерите на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски (2), на СДСМ Зоран Заев (2), на Унитети Гзим Острени (1) и на Беса Билал Касами (1).

Аудиовизуелна презентација: Не е забележана класична манипулативна аудиовизуелна презентација. Но во два случаја се користат стари изјави од Никола Груевски, со јасна назнака на кој датум се дадени, за да се укаже на недоследност во ставовите што тој ги искажал.

**Трета недела (20 – 26 февруари 2016)**

Во известувачкиот период од 20 до 26 февруари телевизијата Алсат М во вестите на македонски јазик емитуваше вкупно 70 прилози што се однесуваат на политичките актери, процеси или состојби. Најмногу внимание телевизијата посвети на: одложувањето на предвремените парламентарни избори (30 прилози), иницијативата до Уставниот суд за да се овозможи помилување на изборни престапници (9 прилози), поставувањето 55-метарски крст во скопската општина Бутел (6 прилози), медиумите (4 прилози) итн.

Во најголем дел од известувањето за овие теми, телевизијата има неутрален однос кон засегнатите актери, со повремена аргументирана критика.

Коментари и оценки во вестите: Телевизијата не изразува фаворизирачки или напаѓачки однос кон ниту еден политички субјект, и не користи коментаторски елементи во информативните програми.

(1) Најголем дел од времето во вестите е одвоено за одложувањето на предвремените парламентарни избори. Се пренесуваат сите информации и реакции, а се емитуваат и јавувања во живо и анализи, без фаворизирање на ниту едно гледиште.

(2) Посилен критички однос е изразен кон темата за иницијативата пред Уставниот суд. Се укажува на можна политичка позадина (24 февруари: „Случајно или не, иницијативата дојде во време кога почна правен случај за евентуална кривична одговорност за функционери од ВМРО-ДПМНЕ“).

(3) Уште поизразен е критичкиот однос кон поставувањето на 55-метарскиот крст во општината Бутел, кој се поврзува со откривањето на споменикот од двоглав орел во соседната општина Чаир од претходната недела, и се укажува на можна манипулација од владејачката коалиција (24 февруари: „Крстот се чини како да е одговор од ВМРО-ДПМНЕ за поставувањето на орелот од ДУИ во населбата Топанско Поле во Чаир“)

(4) Надвор од главните политички теми, забележителен е албанскиот етнички фокус при изборот на темите за секојдневните проблеми на граѓаните: нема сала за учениците Албанци во Куманово (20 февруари), населба во Тетово има проблеми со фекалната канализација (22 февруари), учениците Албанци и понатаму учат од учебници со навредлива содржина (26 февруари) итн.

Користење на изворите: Во 17 прилози се користи по еден извор, во 21 прилог по два или повеќе извори со различни или спротивставени позиции, и во 20 прилози по два или повеќе извори чии ставови се судруваат. Во седум прилози се користени мислења на по двајца или повеќе аналитичари. Иако тие ги аргументираат своите ставови, а телевизијата не ги користи за да создаде генерализирана претстава за јавното мислење, сепак во ниту еден прилог не се сретнуваат аналитичари со спротивставени позиции.

Директни обраќања: Најмногу директни обраќања се емитувани од лидерот на СДСМ Зоран Заев (4), потоа од лидерот на ДУИ Али Ахмети (3), од претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски (2) и од првите луѓе на ДПА Мендух Тачи (1) и од Движењето за реформи на ДПА Зијадин Села (1).

Аудиовизуелна презентација: Забележани се три случаи на манипулативна аудиовизуелна презентација.

(1) Во два телопа во истиот ден стои ДПМНЕ наместо ВМРО-ДПМНЕ (22 февруари: „ДПМНЕ против меѓународната одлука“; „Отпорот на ДПМНЕ е последен нивен обид“. Користењето на само вториот дел од акронимот на партијата се смета за навреда и е употребувано во навредлив контекст со години. Фактот дека тоа се повторува во два прилога остава простор за сомнеж дека не станува збор за ненамерна грешка.

(2) Се емитува изјава на пратеникот Влатко Ѓорчев од 2009 година, каде што тој ги брани законските измени што сега Уставниот суд почна процедура да ги укине. Иако ова е соодветно аргументирано, сепак има елементи на антикампања (25 февруари).

(3) Прикажана е смс-порака со која се тврди, но не се докажува дека ВМРО-ДПМНЕ го мобилизира членството за поставување камен-темелник на крстот во Бутел (26 февруари). Истата порака беше презентирана и претходниот ден, но во тој прилог невладината организација Цивил стоеше зад тврдењето дека е испратена од партијата ВМРО-ДПМНЕ.

**Четврта недела (27 февруари – 4 март 2016)**

Во известувачкиот период од 27 февруари до 4 март телевизијата Алсат М во вестите на македонски јазик емитуваше вкупно 75 прилози што се однесуваат на политичките актери, процеси или состојби. Најмногу внимание телевизијата посвети на: случувањата околу изградбата на крст во општината Бутел, која следуваше по поставувањето двоглав орел во општината Чаир (23 прилози), работата на Специјалното јавно обвинителство (11 прилози), предвремените парламентарни избори (7 прилози), активностите на македонските политички актери во врска со мигрантската криза (4 прилози), иницијативата пред Уставниот суд во врска со Законот за помилување (3 прилози) итн. Засилен критички однос е забележан кон владините партнери ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ во врска со темата за поставувањето на орелот и крстот. Во најголем дел од известувањето за другите теми, телевизијата има неутрален однос кон засегнатите актери, со повремена аргументирана критика.

Коментари и оценки во вестите: Телевизијата не изразува фаворизирачки или напаѓачки однос кон ниту еден политички субјект, и не користи коментаторски елементи во информативните програми.

(1) Телевизијата екстензивно ги следеше случувањата околу поставувањето камен-темелник на 55-метарскиот крст во Бутел, кој го поврза со претходното откривање споменик на двоглав орел во соседната општина Чаир. Преку изјави на аналитичари, граѓански активисти, граѓани и други субјекти, силно се критикуваше праксата на натпревар во поставување верски и етнички симболи, и се истакнуваше дека преку неа владејачката коалиција меѓу ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ се обидува да го подобри својот рејтинг, притоа ризикувајќи да ги влоши меѓуетничките односи и да создаде тензии ((28 февруари: „Политичките актери играат на картата на предизвикување тензии и поделби по етничка и по верска основа, за да ја покријат неспособноста во соочувањето со реалните проблеми. Ова е оценката на граѓанските активисти“). Меѓу сите субјекти што беа емитувани со критики кон овие случувања, имаше и етнички Македонци и Албанци.

(2) Другите главни настани се следеа редовно, со неутрален и умерен критички тон. Темите поврзани со одржувањето на предвремените парламентарни избори беа меѓу позастапените, вклучувајќи и критички прилози за прочистувањето на избирачкиот список (4 март: Опцијата за проверка на податоците во Избирачкиот список што може да се направи на веб-страната на ДИК изнесе на површина серија грешки. Меѓу нив има и адреси каде се наоѓаат над 10 лица“), посетата на американскиот дипломат Хојт Ји итн.

(3) Работата на Специјалното јавно обвинителство се следеше редовно, со сите партиски и други реакции околу повикот за сведочење на лидерот на ДУИ Али Ахмети, одложувањето на судењето за случајот „Пуч“ итн. Немаше изразување експлицитен однос од медиумот кон вклучените субјекти.

(4) Посебен критички однос беше изразен кон однесувањето на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски, околу неговото избегнување да одговори на новинарски прашања поврзани со

најактуелните теми (1 март: „Груевски со кусо „не“ одговара на прашања клучни за државата, а дава екстензивни одговори за пофални владини проекти“).

Користење на изворите: Во 30 прилози се користи по еден извор, во 27 по два или повеќе извори чии позиции се меѓусебно усогласени или неутрални, а во 12 по два или повеќе извори со спротивставени гледишта. Во 9 прилози беа користени мислења на аналитичари и експерти, од кои во 3 прилози тие беа или единствен извор или единствен аналитичар, а во 6 прилози по двајца или повеќе експерти чии позиции беа блиски. Иако презентираните ставови беа аргументирани, сепак не беше забележан прилог со спротивставени аналитички гледишта.

Директни обраќања: Најзастапен со директни обраќања беше лидерот на СДСМ Зоран Заев (5 обраќања), потоа лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски (4 обраќања) и претседателите на ДУИ Али Ахмети и на ДПА Мендух Тачи (по 2 обраќања).

Аудиовизуелна презентација: Не се забележани примери на манипулативна аудиовизуелна презентација.

## 9. 24 ВЕСТИ

**Прва недела (6 – 12 февруари 2016)**

Во текот на известувачкиот период од 6 до 12 февруари телевизијата 24 Вести објави 97 прилози што се однесуваат на политичките актери, процеси или состојби. Најзастапени беа темите поврзани со работата на Специјалното јавно обвинителство (11 прилози), одржувањето на предвремените парламентарни избори (10 прилози), и задолжувањата на државата (5 прилози). Во најголем дел од известувањата за овие теми телевизијата имаше неутрален однос кон засегнатите субјекти, со повремен критички однос кон задолжувањата.

Коментари и оценки во вестите: Не се користат коментаторски елементи во информативната програма, ниту се изразува експлицитен позитивен или негативен однос кон политичките субјекти. Умерен критички пристап се забележува во неколку прилози: односот на Никола Груевски кон специјалната обвинителка Јанева (9 февруари: „По ваквата порака, екпремиерот и лидер на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски, кој на партиски настан ги смести Јанева и белгискиот посредник Питер Ванхауте во колоната „продавачи на магла“, излезе со реакција“), политиката за привлекување странски инвестиции (7 февруари: „ По основ на државни субвенции и даночни ослободувања за само седум странски инвеститори досега од буџетот се потрошни речиси 56 милиони евра“), задолжувањата (12 февруари: „Економистите алармираат: Македонија ја напушта зоната на умерена задолженост“), како и за односот на уредникот на ТВ Сител Драган Павловиќ-Латас кон лидерот на опозицијата Зоран Заев, во неговото интервју (11 февруари: Агенцијата за медиуми го осуди однесувањето на уредникот Сител и порачаа дека гледачите виделе непримерен начин на комуникација, кавга и навреди без професионална дистанца и почитување на достоинството на соговорникот)

Користење на изворите: Во 26 прилози се користи по еден извор, во 25 по два или повеќе извори со спротивставени гледишта, а во 20 по два или повеќе извори чии позиции се меѓусебно усогласени или неутрални. Не е забележана манипулација со користењето на изворите.

Директни обраќања: Телевизијата продолжува да емитува директни обраќања од лидерите на голем број политички субјекти, без оглед на нивниот статус или влијание на политичката сцена. Три обраќања беа емитувани од лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски, од кои едно беше негово одбивање да одговори на прашање поврзано со поднесените кривични пријави од обвинителката Катица Јанева. Две обраќања имаше лидерот на СДСМ Зоран Заев, од кои едно беше краток извадок од неговото гостување на телевизијата Сител. Од другите лидери, две обраќања беа емитувани од првиот човек на ГРОМ Стевчо Јакимовски, и по едно од претседателите на ДС Павле Трајанов, на ЛП

Ивон Величковски, на ДОМ Лилјана Поповска, на ФРОДЕМ Јове Кекеновски и на Движењето за национално единство на Турците, Ердоган Сарач.

Аудиовизуелна презентација: Не е забележана класична манипулација со аудиовизуелната презентација. Содржините се покриени со соодветна слика и тон..

**Втора недела (13 – 19 февруари 2016)**

Во текот на известувачкиот период од 13 до 19 февруари телевизијата 24 Вести објави 97 прилози што се однесуваат на политичките актери, процеси или состојби. Најзастапени беа темите поврзани со работата на Специјалното јавно обвинителство (21 прилог за случајот „Титаник“ и уште 3 други прилози), одржувањето на предвремените парламентарни избори (11 прилози), задолжувањата на државата (7 прилози), преговорите за регулирање на медиумите (6 прилози), состојбата со бегалската криза (5 прилози) и други теми. Во најголем дел од известувањата за овие теми телевизијата имаше неутрален однос кон засегнатите субјекти, со исклучок на темата за задолжувањата, каде што е забележан силен критички однос кон власта.

Коментари и оценки во вестите: Телевизијата не користи коментаторски елементи, ниту изразува експлицитен фаворизирачки или напаѓачки однос кон политичките субјекти во својата информативна програма. Изборот на темите и нивното покривање беа соодветни со актуелните случувања во општеството, кои беа од јавен интерес.

(1) Развојот на настаните околу случајот „Титаник“ доминира во целиот период, понекогаш со дури седум прилози дневно. Се информира коректно и непристрасно за сите случувања, одговорите на барањата за притвор, одговорите на жалбите, партиските реакции, изјавите од засегнатите итн. Умерен критички однос е изразен само кон преседанот на Кривичниот суд за сите жалби да се одлучува одеднаш (17 јануари, извештај: „Додека се чека таа одлука, дел од правните експерти реагираат дека судот постапува спротивно на Законот за кривична постапка и прави преседан, па наместо да одлучува за секоја жалба поединечно, однесува наеднаш по решенија донесени во различни денови“).

(2) Како што изминуваше неделата, темата за предвремените парламентарни избори го преземаше приматот, во очекување на најавената препорака на САД и ЕУ дали има услови тие да се одржат. Се пренесуваа различните ставови за датумот за избори и се анализираа различните сценарија ако тие се одржат или ако се одложат.

(3) Убедливо најсилен критички тон телевизијата изразува кон темата за задолжувањата, со информации, анализи (14 февруари: „Јавниот долг од 2006 до 2011 просечно годишно се зголемувал за 10 отсто, а од 2011 до лани јавниот долг речиси е дуплиран. Растот на бруто-домашниот производ изнесувал во просек три отсто, а според бруто надворешната задолженост, Македонија е високозадолжена земја“), како и со експертски мислења (16 февруари: „Владата го крие јавниот долг. Екомостите тврдат дека тој изнесува 55 проценти од БДП. Според нив Македонија живее во фискална темница“).

(4) Телевизијата многу ретко ги пренесува партиските активности на власта и на опозицијата, и тоа пред се` кога се критикува врската меѓу партијата и државата (19 февруари: „Работниот состанок помеѓу бзинисмените и партиските функционери се реализираше во работно време и во присуство на актуелни министри“), иако е забележан и редок случај на фаворизирање, кога е пренесено обвинување од СДСМ-Штип кон градоначалникот Илчо Захариев, без да се побара одговор од него.

Користење на изворите: Во 32 прилози се користи по еден извор, во 26 по два или повеќе извори со спротивставени гледишта, а во 18 по два или повеќе извори чии позиции се меѓусебно усогласени или неутрални. Во шест прилози се користат експертски мислења, од кои во еден тие се спротивставени. Не е забележана манипулација со користењето на изворите.

Директни обраќања: Во мониторираниот период телевизијта емитуваше мал број директни обраќања на лидерите на политичките субјекти, и тоа по две на првите луѓе на СДСМ и на ВМРО-ДПМНЕ,

Зоран Заев и Никола Груевски, како и по едно на лидерите на ДУИ Али Ахмети и на Левица, Здравко Савески. Сите обраќања се од актуелниот период и во врска со актуелните случувања.

<u>Аудиовизуелна презентација:</u> Не е забележана класична манипулација со аудиовизуелната презентација. Содржините се покриени со соодветна слика и тон.

**<u>Трета недела (20 – 26 февруари 2016)</u>**

Во текот на известувачкиот период од 20 до 26 февруари телевизијата 24 Вести објави 98 прилози што се однесуваат на политичките актери, процеси или состојби. Најзастапени беа темите поврзани со одложувањето на предвремените парламентарни избори (28 прилози), потоа со иницијативата пред Уставниот суд да се овозможи помилување на осуденици за изборни нерегуларности (11 прилози), задолжувањето на државата (5 прилози) итн.

Во најголем дел во известувањето за овие теми телевизијата имаше неутрален однос кон политичките субјекти. Умерен критички тон е забележан кај темата за задолжувањето.

<u>Коментари и оценки во вестите:</u> Телевизијата не користи коментаторски елементи, ниту изразува експлицитен фаворизирачки или напаѓачки однос кон политичките субјекти во својата информативна програма. Изборот на темите и нивното покривање беа соодветни со актуелните случувања во општеството, кои беа од јавен интерес.

(1) Темата за одложувањето на предврмените парламентарни избори од 24 април на 5 јуни беше доминантна во поголемиот дел од мониторираниот период. Интензивно и непристрасно се пренесуваа сите релевантни информации за случувањата, реакциите од политичките и од другите субјекти, анализи, и со јавувања во живо. Повремен критички однос беше изразен не кон конкретни политички субјекти, туку кон општата состојба на неизвесност, која остана и по политички драматичната недела ((24 февруари: „Изборите се одложија, дилемите и недореченостите останаа“).

(2) Иницијативата до Уставниот суд го презема приматот во вестите во вториот дел од известувачкиот период. Се пренесуваат основните информации, реакциите, мислењата на аналитичари, и се известуваше од протестите против прифаќањето на иницијативата. Пристапот кон темата е делумно критички (25 февруари: „Инаку интересно е што истите уставни судии кои во 2012 година гласаа дека е уставен регистерот за педофили, овојпат го дадоа својот глас за правото на педофилите да бидат помилувани“).

(3) И покрај силниот интензитет на случувањата поврзани со предвремените парламентарни избори, телевизијата продолжи редовно и критички да ја обработува темата за задолжувањата (25 февруари: „Од 308,6 милиони евра на располагање за цела година, Владата за 1 месец влегла во минус од 27,5 милиони евра“) и за економската состојба (20 февруари: „Стандардот на македонскиот граѓанин е околу 36 отсто од просекот во Европската унија“).

(4) Засилен критички однос беше изразен кон два настани што не се поврзани со главните политички случувања: гестот на пратеникот Васил Пишев, кој според објавени фотографии и` покажал среден прст на опозицијата (24 февруари: „ Културата на народните избраници во Собранието се изразува не преку зборови, туку преку срамни гестикулации“), како и однесувањето на градоначалникот на Вевчани кон екипата на телевизијата која правела сторија во општината (21 февруари: „Наместо одговор во неговата канцеларија бевме сведоци на неговиот вулгарен речник, но и низа дисквалификации упатени на сметка на новинарската екипа на 24 вести“).

<u>Користење на изворите:</u> Во 32 прилози се користи по еден извор, во 25 по два или повеќе извори со спротивставени гледишта, а во 21 по два или повеќе извори чии позиции се меѓусебно усогласени или неутрални. Во шест прилози се користат мислења на аналитичари, од кои во пет тие се или единствен извор или единствен аналитичар, а во еден прилог се емитувани спротивставени мислења.

Директни обраќања: Три обраќања беа емитувани од лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски, од кои две во еден прилог (се укажува дека го потврдил ставот од претходниот ден), потоа две од лидерот на СДСМ Зоран Заев и едно од претседателот на „Достоинство“ Стојанче Ангелов.

Аудиовизуелна презентација: Редок пример на манипулативна аудиовизуелна презентација беше прилогот во кој се критикува однесувањето на пратеникот Васил Пишев (24 февруари). Во прилогот се зборува и за имотната состојба на пратеникот, дека најголемиот дел од бизнисите му се лоцирани во бугарскиот град Благоевград, иако тоа не е поврзано со темата.

## Четврта недела (27 февруари – 4 март 2016)

Во текот на известувачкиот период од 27 февруари до 4 март телевизијата 24 Вести објави 101 прилог што се однесуваат на политичките актери, процеси или состојби. Најзастапени беа темите поврзани со поставувањето 56-метарски крст во општината Бутел (15 прилози), иницијативата пред Уставниот суд во врска со Законот за помилување (8 прилози), предвремените парламентарни избори (9 прилози, од кои два за посетата на американскиот дипломат Хојт Ји), работата на Специјалното јавно обвинителство (7 прилози), активностите на политичките актери во врска со мигрантската криза (6 прилози) итн. Во најголем дел во известувањето за овие теми телевизијата имаше неутрален однос кон политичките субјекти. Умерен критички тон е забележан кај темата за случувањата околу поставувањето на крстот.

Коментари и оценки во вестите: Телевизијата не користи коментаторски елементи, ниту изразува експлицитен фаворизирачки или напаѓачки однос кон политичките субјекти во својата информативна програма. Изборот на темите и нивното покривање беа соодветни со актуелните случувања во општеството, кои беа од јавен интерес.

(1) Доминираше темата околу поставувањето крст во општината Бутел, кое следуваше по откривањето споменик на двоглав орел. Се следеа сите случувања и реакции, и се пренесуваа мислења на политичките субјекти и на аналитичари. Телевизијата изразуваше засилен критички тон кон темата, тврдејќи дека владините коалициски партнери ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ предизборно се обидуваат да ги зголемат меѓуетничките тензии (27 февруари: „Орли и крстови за сеење магла/Случувањата со крстот се вешто изрежирано сценарио на Груевски и Ахмети за да се дефокусира јавноста, порачуваат аналитичарите“). Овој однос се задржа во текот на целата недела (1 март: „Продолжуваат ли етнички провокации, сарај најави 50-метарски јарбол со албанско знаме“).

(2) Телевизијата изразуваше повремен критички однос кон повеќе различни теми, главно преку консултирање експерти, и тоа околу воведувањето Кембриџ-систем во образованието (4 март: „Кембриџ програмата - за тендерски ќар или поквалитетно образование“), изборот на проект за Драмски театар (3 март: „Тендер во четири очи за новиот изглед на драмскиот театар“), за парламентарната расправа околу основањето нов државен универзитет (4 март:„Политиката поважна од расправата за формирање на новиот универзитет Дамјан Груев“) итн.

(3) Засилена критика беше изразена кон избегнувањето на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски да одговори на новинарски прашања (1 март: „Тој освен што кусо ги отфрли обвинувањата за сметка на неговата партија, за останатите прашања поврзани со преговорите на медиумите, и одлуката на Уставниот суд за Законот за помилување, Груевски беше без конкретен одговор. Од друга страна, на прашања поврзани со владините проекти, Груевски се пофали дека од март стартува мерката бесплатен викенд со железнички превоз за млади лица“), како и за неговото однесување во целиот период (4 март: „Владата и нејзиниот поранешен премиер Никола Груевски не престануваат да водат популистичка политика во очи на предвремените парламентарни избори, покажува извештајот за корупција во февруари на НВО Транспарентност Македонија“). Дел од интензивните теренски активности на Груевски сепак беа пренесувани (27 февруари: „Груевски: технички преглед на трактори и комбајни ќе се врши на секои две години“).

Користење на изворите: Во 38 прилози се користи по еден извор, во 27 по два или повеќе извори со спротивставени ставови, а во 18 по два или повеќе извори чии позиции се едногласни или неутрални едни кон други. Во 8 прилози беа користени мислења на аналитичари и експерти, од кои во 4 прилози тие беа или единствен извор или единствен аналитичар, и во исто толку прилози по двајца или повеќе експерти чии позиции беа блиски. Иако презентираните ставови беа аргументирани, сепак не беше забележан прилог со спротивставени аналитички гледишта.

Директни обраќања: Лидерот на СДСМ Зоран Заев беше најзастапен (4 обраќања), а по него беа лидерите на ДПА Мендух Тачи (2 обраќања) и на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски (2 обраќања, од кои една стара изјава од изборната кампања во 2014 година), а првите луѓе на ЛДП Горан Милевски, на ДУИ Али Ахмети, и на Достоинство Стојанче Ангелов, беа емитувани со по едно обраќање.

Аудиовизуелна презентација: Исклучително редок пример на манипулативна аудиовизуелна презентација беше дел генералната најава на 4 март во врска со одржана јавна трибина, кога презентерката вели „тврдат од граѓанскиот сектор", а во кадарот е Кире Наумов од СДСМ, кој исто така беше присутен на настанот. Не се исклучува можноста дека станува збор за ненамерна грешка.

## 10. АЛФА ТВ

### Прва недела (6 – 12 февруари 2016)

Во известувачкиот период од 6 до 12 февруари 2016 година на телевизија Алфа се објавени вкупно 77 прилози кои се однесуваат на политичките актери, случувања или состојби. Најмногу внимание телевизијата им посвети на: новите мерки и проекти на Владата и локалните институции раководени од ВМРО-ДПМНЕ (28 прилози), од кои дел се активности на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски (5 прилози), потоа на работата на Специјалното јавно обвинителство (10 прилози), како и напаѓачки прилози за активностите на опозицијата (6 прилози). Во најголем број случаи при известувањето за првата тема телевизијата покажува силен фаворизирачки однос кон ВМРО-ДПМНЕ, а кај другите две теми е нагласен демонизирачкиот однос кон специјалната обвинителка Катица Јанева и партијата СДСМ, со обиди да се прикаже врска меѓу нив.

Коментари и оценки во вестите: Според бројот на прилози, во вестите на телевизијата во мониторираниот период доминирале прилозите со позитивна и фаворизирачка содржина за ВМРО-ДПМНЕ (42 прилози) пред тие во кои се искажувал негативен и демонизирачки однос кон СДСМ (15 прилози). Во 7 прилози е вклучена коментаторска содржина кога се напаѓа опозициската партија (7 февруари: „Опозициската партија продолжува свесно да сценира инциденти во собранието. Слично како и во минатото, СДСМ сега не сака да се донесе одлука за формирање на универзитетот Дамјан Груев), а дел од нив се придружени и со фаворизирачки коментари за власта (7 февруари: „Со безмалку 1.000 амандмани без какви било аргументи и издржаност свесно се блокира една благородна идеја и проект на Владата, со цел да се предизвика нова политичка криза, реагира владејачката партија").

Телевизијата емитуваше 10 прилози за Специјалното јавно обвинителство, од кои 4 пред прес-конференцијата на 12 април, и 6 на денот на прес-конференцијата, повеќето со напаѓачка и демонизирачка содржина за институцијата и за обвинителката Катица Јанева. Во вестите таа се обвинува за поврзаност со СДСМ (6 февруари: „Специјалната јавна обвинителка се` уште е без реакција на изјавите на Зоран Заев кој практично потврди дека со Јанева имаат заеднички план за делување"), за наводно малтретирање сведоци, како и за станот што го изнајмува во Скопје (9 февруари: „Според познавачите допрва треба да се утврди дали станува збор за давање на лажен исказ што е кривично дело или обид да се искористи функцијата за која беше назначена". Истиот однос се задржа и при известувањето од прес-конференцијата на која се објавија првите кривични пријави од ова обвинителство (12 февруари: "Овој чекор на Катица Јанева доаѓа откако во јавноста со недели се зборува за можен план и координација со Зоран Заев за нарушување на угледот и рејтингот на владеачката партија непосредно пред изборите").

Опозицијата се напаѓа на повеќе теми, меѓу кои се нејзините позиции во врска со основањето нов државен универзитет „Дамјан Груев“ (8 февруари: „Индикативна какафонија и разногласие во СДСМ во нелогичниот обид да спречат отворање на факултет за безбедност“), како и во врска со преговорите за регулирање на медиумите (9 февруари: „Ставени еден до друг, предлог законте на СДСМ и оној на Ванхауте за медиуми се идентични во многу точки и членови“.

Но најсилно нагласена тема во вестите на телевизијата во мониторираниот период беа промотивните прилози за Владата и за партијата ВМРО-ДПМНЕ, кои често ја преминува границата на медиумско известување и преминуваа во политички маркетинг. Меѓу големиот број прилози од овој тип, имаше примери кога претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски ја коментираше состојбата во земјата (12 февруари: „Пад на невработеноста, раст во стопанството. Инвестиции во патишта, железници и аеродроми.Македонија има најдобри економски резултати кога ВМРО ДПМНЕ е на власт рече претседателот на партијата“), кога се промовираа нови мерки на централната власт (9 февруари: „Микро и малите претпријатија кои сакаат да го прошират и развијат сопствениот бизнис со отворање на нови работни места, може да добијат 92 000 денари државна помош за вработено лице“), кога се прикажуваат резултати од мерките (9 февруари: „ Кочани стана рекордер во проектот Македонија вработува“), па дури и кога се извршуваат редовни активности на локалната самоуправа предводена од кадри на ВМРО-ДПМНЕ (12 февруари: Ппштина Кисела вода почна реконструкција на тротоарите во населбата Црниче“).

<u>Користење на изворите:</u> Во најголем дел од прилозите (41 прилог) има само по еден извор, а во повеќето од нив (27 прилози) тој извор е претставник на Владата или на партијата ВМРО-ДПМНЕ. Потоа следуваат прилозите со два или повеќе извора чии ставови не се судираат (16 прилози), а во дел од нив (7 прилози) станува збор за двајца или повеќе функционери од ВМРО-ДПМНЕ кои меѓусебно се поддржуваат или се надополнуваат. Најмалку има прилози во кои се среќаваат спротивставени позиции (7 прилози). Телевизијата продолжува да користи други медиуми (3 прилози) како извори во прилози со кои жестоко ја напаѓа опозицијата или специјалната јавна обвинителка.

<u>Директни обраќања:</u> Беа емитувани шест директни обраќања од лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски, две од претседателот на СДСМ Зоран Заев и едно од првиот човек на Либералната партија, Ивон Величковски. Изјавите на Заев во врска со Специјалното јавно обвинителство беа користени како компромитирачка содржина против него (6 февруари: „Експертите тврдат дека Заев врши притисок врз Јанева, а таа молчи“).

<u>Аудиовизуелна презентација:</u> Речиси единствен тип на манипулативна аудиовизуелна презентација беше емитувањето промотивни прилози за активностите на Владата и на ВМРО-ДПМНЕ како дел од вестите.

<u>Примери на фаворизирање или демонизирање аудиовизуелни содржини:</u>

- (6 февруари, најава на прилог): Нови бесплатни проекти за типски куќи најави лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски поради големиот интерес од граѓаните. Владиниот проект обезбедува заштеда од најмалку 2000 евра за проектна изведба
- (7 февруари, најава/коментар): А додека ВМРО-ДПМНЕ постојано реализира нови проекти, СДСМ свесно го опструира Собранието.Спречуваат формирање на универзитет за национална безбедност.
- (9 февруари, најава на прилог): 3.600 нови работни места и 90 милиони евра за само 40 дена. Странските инвестиции се мотор двигател на македонската економија. Трендот ќе продолжи вели лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски“.
- (10 февруари, анализа/коментар): Целосно спротивни искази и барања на специјалната обвинителка. Уште во септември минатата година Катица Јанева побарала од Владата стан во главниот град иако веќе поседува два.
- (12 февруари, извештај): Владеачката партија дури и предупреди дека е можно Јанева во овој период да излезе во јавноста и да повлече потег во координација со СДСМ, само за да се одложат изборите. Насмевката за најавата на првиот случај не можеше да ја сокрие.

**<u>Втора недела (13 – 19 февруари 2016)</u>**

Во известувачкиот период од 13 до 19 февруари 2016 година на телевизија Алфа се објавени вкупно 96 прилози кои се однесуваат на политичките актери, случувања или состојби. Најмногу внимание телевизијата им посвети на: новите мерки и проекти на Владата и локалните институции раководени од ВМРО-ДПМНЕ (19 прилози), промотивните и другите активности на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски (8 прилози), како и работата на Специјалното јавно обвинителство (15 прилози за случајот „Титаник“ и уште два други прилога), одржувањето на предвремените парламентарни избори (12 прилози), бегалската криза (6 прилози), аферата со становите на Божидар Јанковски, сопругот на Радмила Шекеринска (4 прилози), преговорите за медиумите (3 прилози) итн. Во најголем број известувања за овие теми телевизијата изразуваше позитивен и фаворизирачки однос кон ВМРО-ДПМНЕ, и негативен и демонизирачки не само кон СДСМ, туку и кон Специјалното јавно обвинителство и кон посредникот во политичките преговори Питер Ванхојте.

<u>Коментари и оценки во вестите:</u> Според бројот на прилози, во вестите на телевизијата во мониторираниот период доминирале прилозите со позитивна и фаворизирачка содржина за ВМРО-ДПМНЕ (33 прилози) пред тие во кои се искажувал негативен и демонизирачки однос кон СДСМ (15 прилози). Во 14 прилози е вклучена коментаторска содржина, од кои во 4 се напаѓа опозициската партија (13 февруари: „ Скандал се одвива во Кисела Вода, индициите велат дека верувале или не, техничката министерка Фросина Ременски го затворила ни помалку ни повеќе дневниот центар за деца со оштетен вид во општината“), во 8 Специјалното јавно обвинителство (17 февруари: „Специјалното јавно обвинителство со апсурдни и неиздржани сомневања кои наместо правна поткрепа имаат политичка функција направи јавен циркус од целиот случај“), и во 2 посредникот Питер Ванхојте („Мачкарот се предомисли!? Вчера беше крајниот рок, но контроверзниот белгиски љубител на мачки се предомисли и преговорите за медиумите продолжија и денеска“).

(1) Во покривањето на случајот „Титаник“, прилозите со напаѓачка содржина кон Специјалното јавно обвинителство беа диркетни, без никаква ограда, и со јасно заземена страна (13 февруари: „Титаник на Јанева заринка во калта - нема притвор за 4ца осомничени, неаргументирани барања на СЈО“). Како и во минатите недели, демонизирањето на оваа институција се врши преку нејзино директно поврзување со СДСМ (14 февруари: „Ефектот од Титаник, на кој заплови специјалната обвинителка Катица Јанева во јавноста е негативен, и далеку од очекувањата на Зоран Заев“). Посебен осврт има кон улогата на градоначалникот на Пустец Едмонд Темелко во случајот, кој се користи за наметнување националистички наратив дека СЈО е антимакедонски орган, штом поднело пријава против единствениот Македонец градоначалник во Албанија, а тој е претставен како жртва на политика против Македонците како народ (14 февруари: „Не стивнуваат острите реакцииза антимакедонското од друга страна незаконско лишување од слобода на единствениот Македонец градоначалник во Албанија, Едмонд Темелко, кој беше уапсен без налог на судот“). Случајот „Титаник“ ретко беше ударна тема во медиумот. Во некои денови (15 февруари), дури и кривичната пријава против Божидар Јанковски беше прва вест во дневникот, а „Титаник“ подолу, иако во првиот случај станува збор за приватно лице обвинето за малверзации со издавање простор, кое со политиката е поврзано само преку бракот со заменик-претседателката на СДСМ Радмила Шекеринска, додека вториот, каде што се изнесуваат наводи за изборни нерегуларности, е несомнено од многу повисок јавен интерес.

(2) Фаворизирањето на 24 април како датум за избори се вршеше преку пренесување на изјавите на припадниците на ВМРО-ДПМНЕ (16 февруари: „Вељаноски: Собранието ќе се распушти на 24 февруари“), толкување на работата на Државната изборна комисија (17 февруари: „ДИК ќе стигне да го прочисти списокот за изборите на 24 април“), и со пренесување ставови на странски претставници (18 февруари: “Социјалдемократскиот сојуз да не ги бојкотира изборите на 24 април поради тесно партиски интереси . Ова е пораката во декларацијата на пратеници од Германскиот бундестаг“; 19 февруари: „Фишер: Партиите да не ги бојкотираат изборите поради теснопартиски интереси“). Кон крајот на неделата, како што се приближуваше моментот на соопштување на процената од ЕУ и САД за тоа дали има услови да се одржат избори на 24 април, се засили и напаѓачкиот тон кон меѓународната заедница (19 февруари: „Јавноста и партиите се` уште се во очекување на овој чин, за кој, очигледно, Брисел и Вашингтон малку тактизираат и си поигруваат со трпението на граѓаните“).

(3) Политиките за решавање на мигрантската криза се меѓу главните теми поради повеќето настани поврзани со неа што се случија во мониторираниот период (Минхенската безбедносна конференција, посетата на холандскиот министер Кундерс на Македонија итн). Овие теми обично беа пласирани понапред и поударно во вестите во споредба со домашните политички случувања, а повремено беше наметнуван и наративот дека токму поради бегалската криза, политичката треба што побргу да се надмине, без одложување на изборите, и да се обезбеди стабилна власт (19 февруари: „Гордон бара меѓународната заедница да ги поддржи изборите во април, за според договорот да се обезбеди стабилност").

(4) Телевизијата и во овој мониториран период продолжи некритички и ударно да ги следи активностите на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски. Дури три дена вестите почнуваа со неговото промовирање проекти, при што се поминуваше границата меѓу известувањето и политичкиот маркетинг. Тоа се случи на 13 февруари („Седум нови мегапроекти за младите најави претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски"), повторно на 17 февруари („Лидерот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски на својот фејсбук профил објави дека фабриката на новата „Хајтек Асембли Центар" е прва која се гради во Бунарџик од македонска компанија"), а на 18 февруари му беа посветени првиот и третиот прилог („ВМРО ДПМНЕ во изминатите 2 месеци најави над 30 нови мерки и проекти за младите"; „Во Охрид нов конгрсен центар, во Скопје обновување на учителската школа, изградаба на нов базен и поставување на бини а плоштадите. Најавени се повеќе крупни инфраструктурни проекти од спортот и од културата"). За неговите проекти се зборуваше и во другите денови, но во ниеден момент не се проблематизираше тоа што Груевски не дава политички ветувања како лидер на партија, туку најави, како се` уште да ја извршува премиерската функција. Паралелно со тоа, продолжува и промовирањето на проектите и на мерките на државните и на локалните институции раководени од кадри на ВМРО-ДПМНЕ, каде што исто така се користи маркетиншкиот речник (18 февруари: „Државата не се грижи само за помладите туку и за постарите. Пензиите повторно ќе пораснат за 5 отсто, а ќе продолжат проектите бесплатен воз и автобус и бесплатна бања и викенд").

<u>Користење на изворите:</u> Во најголем дел од прилозите (54 прилози) има само по еден извор, а во дел од нив (15 прилози) тој извор е претставник на Владата или на партијата ВМРО-ДПМНЕ. Потоа следуваат прилозите со два или повеќе извора чии ставови не се судираат (24 прилози), а во повеќето од нив (16 прилози) станува збор за двајца или повеќе функционери од ВМРО-ДПМНЕ кои меѓусебно се поддржуваат или се надополнуваат. Само во 3 прилози имало спротивставени позиции. Во вкупно 5 прилози изворите биле интернет-портали, од кои најчесто се пренесувала негативна и напаѓачка содржина кон опозицијата или кон Специјалното јаво обвинителство. Забележана е и манипулација со изворите, кога како извор се користи „познавачите велат" (16 февруари: „Кривичниот совет ќе одлучува по жалбите на СЈО"), како и „информираат од обвинителството" и „вели неименуван член на ДИК" (17 февруари).

<u>Директни обраќања:</u> Лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски беше застапен со седум директни обраќања, лидерите на СДСМ и ГРОМ Зоран Заев и Стевчо Јакимовски со по две, а првиот човек на ДУИ Али Ахмети со едно. Сите изјави се од актуелниот период, освен една, на Заев, каде што зборува за неговите очекувања од работата на Специјалното јавно обвинителство.

<u>Аудиовизуелна презентација:</u> Промотивните прилози за проектите што ги спроведуваат државните институции или што ги најавува лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Груевски, во кои се поминува линијата на политичкиот маркетинг, остануваат доминантен тип на аудиовизуелна манипулација. Но забележани се и други случаи. На 14 февруари е емитуван прилог во кој на поделен екран се прикажуваат лидерот на СДСМ Зоран Заев и обвинителката Катица Јанева, и меѓу нив е измонтиран дијалог во кој Заев е прикажан како да дава нарачки, а Јанева како да исполнува. Има два случаја на прикриен политички маркетинг. Во прилогот дека Вишиот управен суд ги поништил решенијата за именување директори на министерката за труд и социјална политика Фросина Ременски, се споменува и успешноста на владиниот проект „Македонија вработува (16 февруари: „Што се однесува до отворањето на нови работни места,заменик министерот за труд и социјала Спасов, спомна дека проектот Македонија вработува,на ниво на државата,до сега резултирал со над 13.000 вработувања"). Исто така, во прилог за натпревар за најдобра интернет-страница на училиштата, се споменува и најавата за математичка гимназија што ја презентираше Груевски (19 февруари).

Примери на фаворизирање или демонизирање во аудиовизуелните содржини:

- (13 февруари, генерална најава): Непримерно изживување со уставот. За прв пат во македонската историја, институција, па макар и специјална, коментираше судска одлука со квалификации и вокабулар примерен за екс Бихачка
- (14 февруари, најава на прилог): Ова е антимакедонски чин. Вака Македонците од Албанија го толкуваат и осудуваат потегот со апсењето на Едмонд Темелко. Во родниот Пустец тој беше пречекан со силна поддршка
- (15 јануари, генерална најава): Над 7.000 парцели подготвени за мега проектот Купи куќа за млади, градоначалниците на средба со Груевски. Проектот забрзано се реализира
- (16 февруари, анализа/коментар): Клучен момент што истрагата на Јанева ја става на стаклени нозе е тоа што според неа се спорни гласовите на 1400 лица. Но тие гласови според пишувањето на медиумите не се одлучувачки како што има за цел да прикаже Јанева
- (17 февруари, извештај): Инаку вложувањето прв го објави лидерот на ВМРО-ДПМНЕ на својот официјален фејсбук-профил. „По кратка пауза, нова инвестиција! Доказ дека поволностите кои се нудат во зоните за странските во целост важат и за домашните компании односно постои рамноправност меѓу нив“, напиша меѓу другото Никола Груевски.
- (18 февруари, извештај): ВМРО ДПМНЕ во изминатите 2 месеци најави над 30 нови мерки и проекти за младите
- (19 февруари, најава на прилог): Зоран Заев објави монтирани аудио снимки од приватни разговори на Груевски, тактика со која би се гордеела и поранешната служба на КГБ, вели Џефри Гордон, поранешниот гласноговорник на Пентагон, во колумна што ја објави во еминентниот вашингтонски Дејли Колер.

## Трета недела (20 – 26 февруари 2016)

Во известувачкиот период од 20 до 26 февруари на телевизија Алфа се објавени вкупно 87 прилози кои се однесуваат на политичките актери, случувања или состојби. Најмногу внимание телевизијата им посвети на: одложувањето на предвремените парламентарни избори (21 прилог), проектите и мерките на Владата и на другите институции (16 прилози), мигрантската криза (6 прилози) иницијативата за помилување осуденици за изборни нерегуларности доставена до Уставниот суд (5 прилози), активностите на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски (4 прилози) итн.

Во најголем број известувања за овие теми телевизијата изразуваше позитивен и фаворизирачки однос кон ВМРО-ДПМНЕ, и негативен и демонизирачки не само кон СДСМ, туку и кон меѓународната заедница, Државната изборна комисија, организацијата „Мост“ и посредникот Питер Ванхојте, на кои им се атрибуира поврзаност со опозицијата поради искажани различни ставови одтие на владејачката партија.

Коментари и оценки во вестите: Телевизијата во вкупно 38 прилози изразила позитивен и фаворизирачки однос кон партијата ВМРО-ДПМНЕ. Во 21 прилог негативен и напаѓачки однос кон СДСМ, но и во три прилози кон меѓународната заедница, во два кон „Мост“, во исто толку кон ДИК, и во еден кон медијаторот Ванхојте. Силна коментаторска содржина е забележана во 13 напаѓачки прилози кон опозицијата.

(1) Во врска со одложувањето на изборите се пренесуваат сите релевантни информации и реакциии, но со фаворизирачки тон кон позициите на ВМРО-ДПМНЕ тие да се одржат како што беше предвидено, на 24 април (23 февруари: „Зошто СДСМ и нејзиниот лидер се плашат од избори? Дали ги предомислија анкетите каде ВМРО-ДПМНЕ покажува убедлива победа“). Се креираше наратив дека сите страни се се здружени за да и` помогнат на опозицијата да издејствува одложување на изборите за да не загуби, и тоа Државната изборна комисија (22 февруари: „Познавачите коментираат дека ДИК, која е под контрола на СДСМ, ќе направи се` за одложување на соочувањето со граѓаните“), граѓанската асоцијација „Мост“ (20 февруари, пренесен текст од порталот Журнал: „Мост пишува извештаи какви што СДСМ посакува, па така нивните последни изданија се само со еднострани пораки и забелешки, полни со неосновани квалификации“) и особено меѓународната

заедница (23 февруари: „Мешањето на меѓународниот фактор во внатрешните работи на Македонија е силување на демократијата и непринципиелен однос кон државата и граѓаните“).

(2) Дури и во период на драматични политички случувања, прилозите за економски успеси на Владата наоѓаа место во врвот на вестите (20 февруари: „Скопје и Штип први по ценовна ефикасност и странски инвестиции “). Но овие прилози обично се емитуваа во вторите делови од вестите, и вклучуваа известувања за големи проекти (20 февруари: „Нови автопати, нови експресни патишта, градежната експанзија во Источна Македонија ќе достигне над 430 милиони евра“), до исполнување редовни обврски како надомест на штети од поплави (20 февруари: „Со средства од Владата и општината, како и со поддршка на УНДП, вкупно влегуваат над 550.000 евра“), како и општи констатации (23 февруари: „Најдобра влада во Југоисточна Европа за поддршка на претприемништво. Македонската влада со награда на светскиот инвестициски форум во Истанбул“). Беше употребуван маркетиншки наместо новинарски речник (23 февруари: „Кои државни плацеви може да се купат по ниска цена и какви поволни кредити нудат банките, сето ова граѓаните кои сакаат да добијат сопствен дом преку владините проекти, ќе можат да го видат на саемот за градежништво“), а фаворизирачкиот тон е присутен дури и во прилози дека се реновира нешто што било неупотребливо 12 години (25 февруари: „По 12 години клуч на врата, повторно ќе профункционира одделот за хидротерапија во градската општа болница“)

(3) Се наметнува наративот дека политичката криза треба да се реши што побргу за државата да добие стабилна влада која ќе се справува со бегалската криза. Ова е поблиску до позициите на власта, која исто така бара брзо решение, наспроти опозицијата, која инсистира на исполнување на условите без оглед на времето. Тезата се пласираше преку пренесување ставови на колумнисти од Вашингтон, на претседателот Ѓорге Иванов (24 февруари: „Шефот на државата предупредува дека мора да се стави крај на политичката криза бидејќи Македонија е соочена со сериозни предизвици поради мигрантите“), и на претставникот на фондацијата „Конрад Аденауер“ (25 февруари:„Јоханес Рај: бегалската криза е силна причина за стабилна македонска влада за соочување со предизвиците“).

(4) Интензивното следење на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски продолжи веднаш откако тој им се врати на неговите теренски активности по неколкудневна пауза. Во последните два дена од мониторираниот период беа емитувани четири промотивни прилози за Груевски, со кои почнуваа вестите. Станувашe збор за негово обраќање на партиска трибина (25 февруари: „Блеферите грешат, народот одлучува потенцира Груевски“), за негови најави на фејсбук (26 февруари: „Остварено уште едно ветување, Дојран доби нова пешачка патека уредена и осветлена, напиша на својот фејсбук профил лидерот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски“), средби со граѓаните (26 февруари: „Претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски ја пушти во употреба долгоочекуваната спортска сала во населбата Ченто и лично ги слушна проблемите на луѓето од оваа општина“) итн.

(5) Во врска со реакциите за прифатената иницијатива од Уставниот суд за поништување на законските одредби со кои му се оневозможува правото на претседателот на државата да помилува лица осудени за изборни измами, телевизијата ја застапуваше тезата дека опозицијата го сменила ставот од пред седум години, и ги напаѓа државните институции (26 февруари: „Дали свесно, сакајќи да го уништи правниот систем, опозицијата продолжува со манипулациите? Очигледен дел од поголемата стратегија се и политичките атаци врз Уставниот суд“).

<u>Користење на изворите:</u> Во најголем дел од прилозите (49 прилози) има само по еден извор, а во речиси половина од нив (23 прилози) тој извор е претставник на Владата или на партијата ВМРО-ДПМНЕ. Потоа следуваат прилозите со два или повеќе извора чии ставови не се судираат (19 прилози), а во повеќето од нив (10 прилози) станува збор за двајца или повеќе функционери од ВМРО-ДПМНЕ кои меѓусебно се поддржуваат или се надополнуваат. Само во 3 прилози имало спротивставени позиции.

<u>Директни обраќања:</u> Лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски беше застапен со три директни обраќања, лидерот на СДСМ Зоран Заев со две, а првиот човек на ДПА Мендух Тачи со едно.

<u>Аудиовизуелна презентација:</u> Забележани се повеќе случаи на манипулативна аудиовизуелна презентација.

(1) Претседателот на ВМРО-ДПМНЕ во прилозите за неговите активности е прикажан во непосреден разговор со своите соговорници, граѓани, државни и локални функционери, и е претставен како човек кому му се реферира за состојбите.

(2) На 22 февруари, при пренесувањето на соопштението од ВМРО-ДПМНЕ во врска со ставот за изборниот датум, се емитува снимка во која раководството на партијата стои во полна сала додека се интонира државната химна.

(3) Генерализација на ставовите е забележана во најмалку два случаја. Мислењето на првиот министер за правда од 1991 година Ѓорѓи Наумов, дека меѓународната заедница се меша во внатрешните работи (23 февруари) е претставено како општ став на „основачите на македонската државност“. Исто така, се вели „аналитичарите сметаат“ (24 февруари), а еемитувано мислење од само еден аналитичар, Александар Пандов, кој е поранешен пратеник од ВМРО-ДПМНЕ.

(4) На 24 февруари, во прилог за мешање на меѓународната заедница во внатрешните работи на државата, е емитувана архивска снимка од обраќањето на првиот претседател Киро Глигоров на прославата на плоштадот „Македонија“, по референдумот за независност во 1991 година.

(5) Во прилог за реакциите на социјалните мрежи околу улогата на меѓународната заедница во политичката криза, е прикажано дека тие се само негативни (23 февруари: „Не сум гласал за тој амбасадор, е најчестиот коментар кој може да се забележи во изминатите два дена“).

(6) На 24 февруари, обраќањето на претседателот на СДСМ Зоран Заев по повод одложениот изборен датум е пренесено со значително полош квалитет на сликата и на тонот од тоа на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски.

(7) Јоханес Рај од фондацијата „Конрад Аденауер“, кој беше еден од оние што го наметнаа наративот дека е потребна стабилност поради мигрантската криза, е најавен како „претставник на најмоќната политичка организација во Европа“, без никаква поткрепа за тоа тврдење (25 февруари).

Примери на фаворизирање или демонизирање аудиовизуелни содржини:

- (23 февруари, анализа/коментар): Наспроти многуте работни места кои се отворија со доаѓањето на странските и инвестирањето на домашните компании, техничкиот заменик-министер за финансии Кире Наумов не донесе ниту една инвестиција, само опструкции при реализација на буџетот.
- (23 февруари, анализа/коментар): Дел од медиумите откриваат дека и покрај јавната поддршка која странците ја добиле од СДСМ, тие сфатиле дека граѓаните нивната порака не ја сметаат за добронамерна, па веднаш побарале простор за интервју за да го коригираат впечатокот. Но дел од медиумите објавуваат дека од кабинетот на амбасадорот на САД инсистирале да нема незгодни прашања.
- (25 февруари, најава/коментар): Дали во контекст и по принципот на самодемантирачкото дејствување на актуелниот лидер, сегашни и екс пратеници на СДСМ прд неколку години тврделе дека измените на законот за помилување се противуставни, сега истите тие протестираат пред Уставниот суд
- (26 февруари, анализа/коментар): За нивна жал, по неаргументираните и изнудени кривичните пријави за екс министрите за внатрешни и транспорт Гордана Јанкулоска и Миле Јанакиески и генералниот секретар Кирил Божиновски, народот сфати дека СЈО политички одработува, а индикативниот Титаник потона уште пред да заплови во судските води.

**Четврта недела (27 февруари – 4 март 2016)**

Во известувачкиот период од 27 февруари до 4 март на телевизија Алфа се објавени вкупно 89 прилози кои се однесуваат на политичките актери, случувања или состојби. Најмногу внимание телевизијата им посвети на: промоција на проекти и мерки на Владата и на другите институции (18 прилози), активностите на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски (14 прилози), работата на Специјалното јавно обвинителство (11 прилози), активностите на политичките актери во врска со

мигрантската криза (8 прилози), предвремените парламентарни избори (6 прилози), 55-метарскиот крст во општината Бутел (5 прилози), иницијативата пред Уставниот суд во врска со Законот за помилување (3 прилози) итн.
Во најголем број известувања за овие теми телевизијата изразуваше позитивен и фаворизирачки однос кон ВМРО-ДПМНЕ, и негативен и демонизирачки кон СДСМ. Посебен негативен и напаѓачки однос е забележан и кон Специјалното јавно обвинителство.

Коментари и оценки во вестите: Телевизијата во вкупно 38 прилози изразила позитивен и фаворизирачки однос кон партијата ВМРО-ДПМНЕ. Во 14 прилози е забележан негативен и напаѓачки однос кон СДСМ, а во 8 прилози кон Специјалното јавно обвинителство. Коментаторска содржина е забележана во 8 демонизирачки прилози кон СДСМ и во 4 фаворизирачки кон ВМРО-ДПМНЕ (29 февруари: „ Нервозата и притисокот кај Заев била уште поголема што при првото барање за истрага и прес конференција на Катица Јанева придружувана од нејзините колешки, нема никаков ефект во јавноста. Додека за СДСМ фокусот е специјалното обвинителство и социјалните мрежи, како главна алатка, ВМРО-ДПМНЕ се фокусирани на изработка и понуда на програма која како што се најавува ќе биде најобемната досега“).
(1) Во известувачкиот период доминираат прилозите за промоција и поддршка на владините мерки и проектите на Владата и на други државни и локални институции, главно предводени од кадри на ВМРО-ДПМНЕ. Овој тип прилози се карактеристични не само по силниот фаворизирачки тон (4 март: „Инвестициите во здравството не запираат. Новата клиника во Штип драстично ќе ги подобри условите за пациентите од источниот дел на Македонија“), туку и по маркетиншкиот речник по примерот на економско-пропагандните пораки (1 март: „Попусти од 5 до 20 отсто на станови и на градежни материјали ќе се нудат од денеска до сабота на Саемите за градежништво и недвижности. Компаниите излегоа со понуда од 3 илјади станови, а општините со 3 илјади државни плацеви за изградба на куќи“).

(2) Најсилен фаворизирачки однос се изразува кон лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски. За неговите активности се известува екстензивно, со по неколку прилози на ден. Претставен е како некој што ги донесува одлуките (28 февруари: „Земјоделците се задоволни што се исполни ветувањето на претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски“), кому му се реферира (4 март: „Груевски меѓу народот. Директни средби со граѓаните и решавање на нивните проблеми“), и кој се обраќа во име на државата за државни проекти (3 март: „Изградбата на автопатот Скопје-Штип се одвива согласно предвидената динамика, оцени денеска лидерот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски, по увидот во градежните работи за изградба на локален пат меѓу штипските села“). Сето тоа се пренесува некритички, иако Груевски во моментов нема државна функција, туку е само партиски лидер. Се повторуваа негови стари говори од партиски митинзи каде што ги најавува настаните за кои се известуваше во дадениот момент, и тоа за отворањето нова фабрика во Демир Хисар (28 февруари) и за почетокот на изградбата на нова болница во Штип (3 март). Посебно впечатливи беа емитуваните театрални дијалози меѓу него и државните и локалните функционери, или граѓаните, при теренските посети.

(3) Телевизијата беше еден од предводниците на нападите врз специјалната јавна обвинителка Катица Јанева, откривајќи афера дека таа во септември аплицирала да добие државно земјоделско земјиште во Гевгелија под закуп, и прикажувајќи документ за тоа. Но иако ова беше силно скандализирано (2 март: „Јанева ги избегна медиумите и не даде изјава дали е регистириран земјоделец“), сепак медиумот не објасни кои законски и други одредби биле прекршени, и дали Јанева стекнала нешто незаконски, или само поднела апликација на јавен повик за кој е непознато дали ги исполнувала условите. Посебно се нагласуваше тоа што некој сака да биде и земјоделец и обвинител истовремено, па така овој случај повеќе послужи за козерска, отколку за реална критика. Другите напади врз Јанева се вршеа преку цитирање текстови од порталот Курир, за нејзина наводна поврзаност со СДСМ (3 март: „Порталот Курир дознава по првичната еуфорија на Заев и очекувањето Јанева до крај да ги исполни нарачаните дејствија, завладеало разочарување од слабиот ефект. Тоа според нашите извори резултирало со жолчни расправии помеѓу самите членови на СЈО но и на релација СЈО-СДСМ“.

(4) Во врска со главниот настан на неделата, поставувањето темели за крстот во Бутел и последиците што тоа ги предизвика, беа емитувани релативно мал број прилози, иако генерално беа покриени сите

главни настани (протестите, инцидентите, физичките напади итн). Медиумот воопшто не се осврна на околноста дека зад двете страни на инцидентите стоеја двете владејачки партии ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ, туку пренесуваше критики кон министерот за внатрешни работи Оливер Спасовски од СДСМ, дека не го одржал јавниот ред (4 март: „Министерот Оливер Спасовски глув на барањето на општина Бутел за интервенција на полицијата").

(5) Телевизијата имаше неоснован напаѓачки однос кон повеќе претставници на опозицијата, меѓу кои и кон заменик-претседателката на СДСМ Радмила Шекеринска, која беше критикувана во три прилози дека наводно имала луксузна јахта и ја криела во хангар во Скопје (28 февруари: „Дали е ова јахтата на која со своето семејство Радмила Шеќеринска уживаше летово во елитните грчки одморалишта").

<u>Користење на изворите:</u> Во најголем дел од прилозите (42 прилози) има само по еден извор, а во голем дел од нив (17 прилози) тој извор е претставник на Владата или на партијата ВМРО-ДПМНЕ. Потоа следуваат прилозите со два или повеќе извора чии ставови не се судираат (31 прилог), а во повеќето од нив (17 прилози) станува збор за двајца или повеќе функционери од ВМРО-ДПМНЕ кои меѓусебно се поддржуваат или се надополнуваат. Само во 4 прилози имало спротивставени позиции. Во 3 прилози се пренесуваат напаѓачки содржини од веб-портали, а во три прилози е забележана манипулација со изворите, преку користењето на конструкцијата „Алфа дознава" за напаѓачки и клеветнички содржини.

<u>Директни обраќања:</u> Лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски доминираше со 15 директни обраќања, пред лидерите на СДСМ Зоран Заев (4 обраќања), на ГРОМ Стевчо Јакимовски (2 обраќања), и на ДУИ и на ДПА, Али Ахмети и Мендух Тачи (по 1 обраќање).

<u>Аудиовизуелна презентација:</u> Доминантен тип на манипулативна аудиовизуелна презентација беа прилозите за активностите на Никола Груевски и за промоција на владините мерки и проекти, кои ја преминуваа границата меѓу известувањето и политичкиот маркетинг. Меѓу другите случаи, е забележано тенденциозно подредување на прилозите во кои прво и` се дава збор на опозицијата, а потоа се емитува негативна и напаѓачка содржина за неа, како обид да се прикаже балансирано известување (29 февруари, телопи: „Заев: фер избори и одговорна влада основни предуслови за демократска Макеоднија"/„Заев дал наредба до Јанева за неаргументирани истраги?! За ВМРО ДПМНЕ најважни с епроектите за граѓаните").

<u>Примери на фаворизирање или демонизирање аудиовизуелни содржини:</u>

- (27 февруари, генерална најава): 3.000 плацеви и 3.000 станови, огромна понуда за заинтересираните за владиниот проект за финансиска поддршка за сопствен дом.
- (29 февруари, најава на прилог): Германската компанија СТС Текстајл го проширува својот бизнис и тоа надвор од границите на Германија. Првата дестинација и` е Макеоднија, поточно градот Демир Хисар, каде со 4 милиони евра ќе изгради фабрика во која ќе се обезбеди работа за 1.000 луѓе. Добрата вест, пак, ја најави Никола Груевски, претпладнето на фејсбук.
- (1 март, аналитичко-репортажен прилог): Црна дамка во македонскиот судски систем. Граѓаните незадоволни од работата на СЈО, велат Катица Јанева не треба да се однесува како партиско тело.
- (2 март, најава/коментар): Лидерот на СДСМ како обвинет одржа нов политички говор, за што следуваше и остра реакција на судот. По веќе востановената практика, тој не пропушти да и` даде и насоки на Јанева, за промена и да зборува во нејзино име.
- (3 март, генерална најава): Пензионерите презадовони од бањите. Проектот бесплатна бањско климатска рекреација досега ја искористија над 32.000 пензионери.

# 11. КАНАЛ 5

**Прва недела (6 – 12 февруари 2016)**

Во известувачкиот период од 6 до 12 февруари 2016 година на телевизијата Канал 5 се објавени вкупно 77 прилози кои се однесуваат на политичките актери, случувања или состојби. Најмногу внимание телевизијата посвети на: работата на Специјалното јавно обвинителство (11 прилози), мерките и проектите на Владата и на владејачката партија (12 прилози, од кои 5 се однесуваат на промотивните активности на лидерот Никола Груевски), и на теренските активности на СДСМ (11 прилози). Беа емитувани и две интервјуа со високи претставници на СДСМ, и тоа со заменик-претседателката Радмила Шекеринска и со генералниот секретар и министер за внатрешни работи Оливер Спасовски.

Негативен и напаѓачки однос е забележан во дел прилози за Специјалното обвинителство, силно фаворизирачки во прилозите за активностите на Владта и на ВМРО-ДПМНЕ, како и неутрален кон позитивен однос во голем дел прилози за СДСМ.

<u>Коментари и оценки во вестите:</u> Во текот на известувачкиот период телевизијата имаше фаворизирачки однос кон ВМРО-ДПМНЕ и кон нејзините функционери во 14 прилози, а негативен, напаѓачки и демонизирачки кон СДСМ и кон нејзините функционери во 13 прилози. Во барем четири случаи напаѓачкиот однос е придружен со силен коментаторски тон (7 февруари: „Една благородна идеја, преточена во владин проект, Социјалдемократите ја претворија во политичка пресметка и блокада, без издржана аргументација, која ја покриваат со бучност").

Телевизијата емитуваше дури 11 прилози за активностите на СДСМ, главно теренски посети на нивните високи претставници (7 февруари: Оливер Спасовски во Ѓорче Петров најавува дека ќе ја укине радиодифузната такса; 7 февруари: Радмила Шекеринска во Бутел; 12 февруари, Дамјан Манчевски во Битола критикува дека во градот нема капитални инвестиции итн.), а во дел од нив дури имаше фаворизирачки елементи (9 февруари: „Дојдовме за да ти покажеме дека ја имаш нашата поддршка и со тебе сме. Со овие зборови жителите на Илинден го пречекаа претседателот на СДСМ Зоран Заев"). Ова е крајно невообичаена пракса за оваа телевизија. Освен тоа, изборната кампања не е почната и таа нема никакви обврски да ги покрива овој тип активности на ниту една партија. Се претпоставува дека ова се прави како алиби за да се продолжи со покривањето на партиските активности на ВМРО-ДПМНЕ, како и со напаѓачките прилози кон опозицијата.

Прилозите со демонизирачка содржина за опозицијата продолжија (7 февруари: „Насилната и напната драматична претстава пратениците на СДСМ ја организирале откако ги доставиле како што се оценуваат апсурдните 984 амандмани"). Двете интервјуа со претставници на СДСМ поминаа во напната атмосфера, со обиди за дискредитирање на соговорниците. Исто така, на личности и на институции што имаат спротивни позиции од владејачката партија во врска со актуелните политички прашања, им се атрибуира врска со СДСМ како обид да се дискредитираат (9 февруари: „Освен тоа во дел од проектите невладината Мост соработувала и со институтот Отворено општество, организација која е позната како главен финансиер на СДСМ").

Во прилозите за Специјалното јавно обвинителство емитувани пред прес-конференцијата на која беа најавени неговите први кривични пријави, доминираше напаѓачката содржина, со обвинувања за поврзаност на обвинителката Катица Јанева со партијата СДСМ (6 февруари: „Има некоја тајна врска меѓу раководството на СДСМ и специјалната јавна обвинителка, вели политичкиот аналитичар Сотир Костов"), како и за нејзиниот изнајмен стан во Скопје 10 февруари: „Логично образложение зошто Јанева споменува дека таа и членовите на нејзиното потесно семејство немаат стан од над 80 метри квадратни во Скопје, според порталот, е фактот дека Јанева веќе имала наведено во анкетниот лист дека на име на нејзините деца се водат два луксузни стана во центарот на Скопје, кои се помали од 80 метри квадратни"). На 12 февруари беше коректно пренесена информацијата за првиот случај објавен од Специјалното јавно обвинителство, заедно со партиските реакции по тој повод. Но тоа беше дури седми прилог во вестите, и не му се даде важноста што ја заслужува. Освен тоа, во истиот блок се емитуваше и прилог за анкета на агенцијата Брима Галуп, според која поголемиот дел испитаници одговориле дека немаат доверба во Јанева.

Фаворизирачките прилози за власта и за владејачката партија продолжија со тон на политички маркетинг (12 февруари: „Стипендии, обуки, спортска и културна инфраструктура, решавање на крупните животни прашања од аспект на станувањето, останати поволности од одласта на јавниот превоз, бесплатна посета на културно уметнилки институции, сето ова е дел од содржината на 20те проекти за младите кои ги предложи а дел од нив и се реализирани, владејачката ВМРО ДПМНЕ и нејзиниот лидер, доскорешниот премиер Никола Груевски“). Не изостана ниту емитувањето изрази на благодарност кон Никола Груевски (6 февруари, изјава од градоначалникот на Битола Владимир Талевски: „Сакам да се заблагодарам на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ кој што веднаш имаше политички сенс и волја сите нас да не` контактира, заеднички да најдеме подобро решение“).

Користење на изворите: Во најголем дел од прилозите се користи само еден извор (40 прилози). Од прилозите каде што се користат два или повеќе извори, тие почесто се согласуваат или имаат барем неутрален однос едни кон други (14 прилози), а поретко се спротивставуваат (9 прилози). Продолжува некритичкото пренесување напаѓачки содржини од интернет-портали (8 февруари: „Милионските евра на организацијата порталот ги поврзува со нејзиниот прв човек Дарко Алексов кој е жесток поддржувач на политиките на Зоран Заев и со екстра приходите од Мост дошол до елитен имот во скопската луксузна населба Бардовци вреден илјадници евра“). Забележани се и прилози со експертски мислења, без именувани експерти (8 февруари: „Експертите не можат да најдат никакво логично оправдување во противењето на СДСМ за формирање на универзитет за национална безбедност“)

Директни обраќања: Во мониторираниот период беа емитувани по пет директни обраќања на лидерите на ВМРО-ДПМНЕ и на СДСМ, Никола Груевски и Зоран Заев, две од лидерот на ЛП Ивон Величковски, и едно од претседателката на ДОМ Лилјана Поповска.

Аудиовизуелна презентација: Следењето на активностите на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ со ист интензитет како во времето додека ја извршуваше премиерската функција, како и маркетиншките тонови во прилозите за проектите што ги најавува Владата и владејачката партија, остануваат најкарактеристичен тип на аудиовизуелна манипулација. Се користи и скриена промоција, на пример во прилог дека Македонија била прогласена за една од најинтересните туристички дестинации што треба да се посетат (7 февруари: „Промотивните спотови заедно со мерките на владата во однос на зголемувањето на субвенциите последниве години придонесоа за зголемен број туристи во земјава“).

Примери на фаворизирање или демонизирање политички субјекти:

- (6 февруари, најава на прилог): Специјалната обвинителка Катица Јанева работи непрофесионално и незаконски велат експертите.
- (7 февруари, извештај): Зборувајќи за актуелната политичка ситуација, Николовски рече дека Никола Груевски се плаши од вистината и затоа бие битка која знае дека ќе ја загуби
- (8 февруари, анализа/коментар): Оваа граѓанска организација (МОСТ) делува како продолжена рака на СДСМ и Заев и е една од алатките за одлагање на изборите.
- (11 февруари, анализа/коментар): За експертите повеќе од двојната предност на ВМРО ДПМНЕ - резултат на деструктивноста на СДСМ.
- (26 јануари, извештај) Инвестицијата на својот фејсбук профил ја најави претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски.

**<u>Втора недела (13 – 19 февруари 2016)</u>**

Во известувачкиот период од 13 до 19 февруари 2016 година на телевизијата Канал 5 се објавени вкупно 79 прилози кои се однесуваат на политичките актери, случувања или состојби. Најзастапени теми беа: случајот „Титаник“ на Специјалното јавно обвинителство (12 прилози), предвремените парламентарни избори (11 прилози), мигрантската криза (8 прилози), проектите на државните институции (8 прилози), активностите на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ (7 прилози), преговорите за медиумите (5 прилози) итн. Во најголем дел во известувањата на овие теми е забележан фаворизирачки однос кон ВМРО-ДПМНЕ, а негативен и демонизирачки кон СДСМ и кон Специјалното јавно обвинителство.

Коментари и оценки во вестите: Во текот на известувачкиот период телевизијата имаше фаворизирачки однос кон ВМРО-ДПМНЕ и кон нејзините функционери во 14 прилози, а негативен, напаѓачки и демонизирачки во 15 прилози кон СДСМ и во 8 прилози кон СЈО. Коментаторска содржина е забележана кон СДСМ во 8 напаѓачки прилози (1911 февруари: „Зошто лидерот на СДСМ Зоран заев бега од избори на 24 април, а во истовреме се надева дека амбасадорите на САД и на унијата ќе му дадат безрезервна поддршка“), кон СЈО во 4 прилози (16 февруари: „Катица Јанева која има мандат да води истраги поврзани со незаконски прислушуваните материјали тргна во офанзива за чистење и спас на Заев и сите обвините во Пуч како и нивните најблиски“), и во 3 фаворизирачки прилози за ВМРО-ДПМНЕ (13 февруари: ВМРО ДПМНЕ е поголемо од неговите закани и од неговите криминогени и деструктивни планови рече претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски промовирајќи ги новите мерки за младите“).

Случајот „Титаник“ се следеше интензивно, иако често беше подолу во вестите, зад владините проекти, мигрантите, дури и зад кривичната пријава против Божидар Јанковски, сопругот на заменик-претседателката на СДСМ Радмила Шекеринска, за наводни малверзации со издавање стан (15 и 16 февруари). Специјалната обвинителка Катица Јанева, за која се користи дури и пејоративен термин „специјалната“ (17 февруари: „Специјалната бара и предмети што не се дел од бомбите“), е претставена како соработник на СДСМ (13 февруари: „По политичкиот настап на Јанева експертската јавност излезе со став дека СЈО одработува политичка агенда на СДСМ и дека Јанева е диригирана од странски фактори и опозицискиот лидер Зоран Заев“). Пренесени се дури и навредливи и деградирачки коментари за соработничките на Јанева (14 февруари: „Едмонд Темелко може да биде спокоен, бидејќи го гонат манекенки, а не обвинителки, велат од Народното движење за Македонија“).

(2) Темата за предвремените парламентарни избори беше позастапена во вториот дел од неделата, во очекување на оценката од ЕУ и од САД околу условите за нивното одржување. Иако се пренесуваа различните ставови на политичките актери околу одржувањето или одложувањето на изборите, се забележуваше фаворизирање ставот тие да се одржат во предвидениот термин на 24 април, кој се изразуваше и со цитирање колумни (19 февруари: „Слична порака упати и поранешниот портпарол на НАТО Џефри Гордон. Според него лидерот на опозицијата Зоран Заев се обидува да го заобликоли изборниот процес бидејќи анкетите не се во негова корист“).

(3) Политиките за справување со мигрантската криза се ударна тема во вестите на 14 и на 15 февруари, иако се среќаваат и во другите денови. Сомнежите дека оваа тема се користи за дефокусирање од другите актуелности, како и за притисок да се одржат изборите што поскоро и да заврши политичката криза, се поткрепуваат и со известувањата (18 февруари:„Секое одлагање на актуелната политичка криза влијае на капацитетите на земјата за справување со мигрантската криза, политичките лидери мора да го спроведат договорот. На синоќешниот мини-самит во Брисел се зборувало и околу ова прашање“).

(4) Следењето на активностите на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски продолжи со ист интензитет како во периодот додека беше премиер. Притоа се алудира на целосна симбиоза меѓу државата и партијата. Содржините на кои тој најавуваше нови проекти се пласираа ударно на почетокот од вестите (13 февруари: „Промовирани нови 7 проекти за младите. Груевски најави меѓу другото тениска арена, пливачка арена, нова сала за гимнастика“), а тоа беше случај и со настаните на кои присуствуваше (17 февруари: „На камен темелникот покрај сопствениците присуствуваше и лидерот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски кој на својот фејсбук профил напиша дека во новиот капацитет на Хајтек во зоната ќе се вработат 300 лица“). Овие псевдонастани имаа приоритет пред главните теми како случајот „Титаник“ или изборите. Маркетиншкиот тон и речник беа карактеристични за повеќето прилози на кои се промовираа владини мерки или проекти (18 февруари: „Голем интерес за владиниот проект „Купи куќа за млади“. Велат дека државната помош во значителна мера ќе им го олесни решавањето на стамбеното прашање“).

(5) Телевизијата продолжи и со трендот на давање збор на опозицијата, емитувајќи шест прилози за партиските активности на СДСМ (13 февруари: „Доаѓа време на сериозна борба против криминалот, изјави денеска во Прилеп потпретседателот на СДСМ Дамјан Манчевски“), или на владините функционери што доаѓаат од оваа партија (15 февруари: „Спасовски во посета на полициската

станица во Кисела Вода“). Сепак, дека програмата е далеку од избалансирана покажуваат напаѓачките содржини кон опозицијата (17 февруари: „Во меѓувреме СДСМ повторно прави обид да го кочи прочистувањето на избирачкиот список, пишува Курир“), како и однесувањето кон претставниците на СДСМ што гостуваат во вестите. Неделава гостинка беше потпретседателката на партијата Фросина Ременски, а интервјуто почна со обид за нејзина дискредитација поради наводна поврзаност со ВМРО-ДПМНЕ (19 февруари: „На почетокот пред да ја преземете функцијата излегоа информации дека сте биле во младоста член на ВМРО-ДПМНЕ, односно на СМК, која што знаеме дека е многу десно профилирана. Од друга страна сега сте министер во владата на ВМРО-ДПМНЕ како потпретседател на СДСМ. Дали се чувствувате дека одите лево-десно, или пак го следите својот пат“).

Користење на изворите: Во најголем дел од прилозите се користи само еден извор (33 прилози). Од прилозите каде што се користат два или повеќе извори, тие почесто се согласуваат или имаат барем неутрален однос едни кон други (20 прилози), а поретко се спротивставуваат (10 прилози). Во пет прилози е забележано некритичко пренесување напаѓачки содржини од интернет-портали, дури и клевети (14 февруари: „Опозицискиот лидер како што тврди порталот, инсистирал Катица Јанева најмалку еднаш неделно да држи прес конференции на кој би излегувала со непоткрепени изјави со цдел постојано да отвра нови случаи и да оцрнува нови личности“). Двапати во мониторираниот период професорката Тања Каракамишева е консултирана како претставник на некаков општ став на правните експерти, обвинувајќи го Специјалното јавно обвинителство за нестручност и за политичка поврзаност (13 февруари: „Експертите велат дека ова е невиден скандал во Македонското правосудство“; 17 февруари: „Експертите оценуваат дека во постапките на специјалното обвинителство се препознава политичка позадина“).

Директни обраќања: Во мониторираниот период беа емитувани осум обраќања на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски, по едно од лидерите на ДУИ Али Ахмети и на Либералната партија Ивон Величковски (интервју на 16 февруари), и три на првиот човек на СДСМ Зоран Заев, од кои две беа искористени против него.

Аудиовизуелна презентација: Емитувањето промотивни содржини за Никола Груевски, партијата ВМРО-ДПМНЕ, како и за работата на институциите раководени од нејзини кадри, остануваат најчест вид на аудиовизуелна манипулација. Сепак, забележани се и други примери. Беа емитувани стари „споредбени изјави“ меѓу Катица Јанева и Зоран Заев, секој на по половина екран, за да се докаже „координација“. Идентичен прилог емитуваа и други телевизии (Алфа). Три дена се емитуваат исти снимки во прилозите за поддршка на градоначалникот на Пустец Едмонд Темелко, кои, според ознаките на микрофонот, не се направени од телевизијата. Истите кадри, изјави и анкетирани граѓани ги имаше и на други телевизии (Алфа). Се користи видеоматеријал од партиски митинг како дел од вестите (13 февруари: „Груевски: ВМРО ДПМНЕ е поголемо од сите закани на Заев и неговите криминогени и деструктивни планови“).

Има примери на прикриен политички маркетинг, извештајот за прославата на празникот на лозарите „Св. Трифун“ се искористи за промоција на владините политики во лозарството (14 февруари: „Според вицепремиерот Ставрески од 2008 година до минатата година исплатени се над 75 милиони евра субвенции, од кои само за минатогодишната реколта се исплатени 8 милиони евра“).

Примери на фаворизирање или демонизирање политички субјекти:

**Трета недела (20 – 26 февруари 2016)**

Во известувачкиот период од 20 до 26 февруари 2016 година на телевизијата Канал 5 се објавени вкупно 67 прилози кои се однесуваат на политичките актери, случувања или состојби. Најзастапени теми беа: одложувањето на предвремените парламентарни избори (24 прилози), проектите и мерките на Владата и на другите државни и локални органи (8 прилози), иницијативата Уставниот суд да овозможи помилување осуденици за изборни нерегуларности (4 прилози), активностите на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски (4 прилози) итн.

Во најголем дел во известувањата на овие теми е забележан фаворизирачки однос кон ВМРО-ДПМНЕ и негативен и демонизирачки кон СДСМ и кон други субјекти (НВО, меѓународни претставници), кои искажале спротивни ставови од тие на владејачката партија.

<u>Коментари и оценки во вестите:</u> Во текот на известувачкиот период телевизијата имаше фаворизирачки однос кон ВМРО-ДПМНЕ и кон нејзините функционери во 18 прилози, а негативен, напаѓачки и демонизирачки во 14 прилози кон СДСМ, како и во 5 прилози кон меѓународната заедница, и во по еден прилог кон посредникот Питер Ванхојте, невладината организација „Мост" и Државната изборна комисија. Изразена коментаторска содржина е забележана во 7 негативни прилози за СДСМ (23 февруари: „Наместо нови идеи и работни места во корист на граѓаните, назадување, кривични пријави и опструкција на предвидените проекти во буџетот. Што оставија зад себе министрите и замениците од СДСМ").

(1)Со фаворизација на ставот да не се менува изборниот датум, се пренесуваа сите информации и реакции поврзани со темата за предвремените парламентарни избори. Опозицијата се напаѓаше дека не сака да оди на избори (22 февруари: „ Ефтов вели дека СДСМ и Зоран Заев не сакаат соочување на избори со ВМРО ДПМНЕ"), но откако се одложи датумот, но потоа беше пофален лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски дека ги прифатил барањата на опозицијата (24 февруари: „Исклучително мудра и државничка одлука во интерес на граѓаните и државата"). Но демонизирањето на политичките субјекти не запре кај опозицијата, туку се прошири и врз други субјекти, на кои им се атрибуира поврзаност со СДСМ поради нивните ставови. Беа емитувани напаѓачки прилози против организацијата „Мост" (20 февруари: „Веќе нема сомневање дека Дарко Алексов преку неговата Мост ќе напише таков извештај за изборите каков што од него Заев и СДСМ ќе побараат, без оглед на фактите и аргументите, заклучува порталот"), против Државната изборна комисија (23 февруари, цитиран текст од порталот „Курир" за соопштение на ДИК: „Содржината на самото соопштение наликува како да е пишувано од штабот на СДСМ, бидејќи и по реториката и по неаргументираноста прилега дека е дело на ова партија"), и кон посредникот Питер Ванхојте за неговите фотографии со мачки на Твитер (21 февруари: „Оваа фотографија отвора многу прашања и дилеми во јавноста за тоа кој е заканувач, а кој мачката").

(2) Интензивен напаѓачки однос беше изразен и кон претставниците на меѓународната заедница, особено откако американскиот амбасадор Џес Бејли ја објави препораката да не се одржат избори на 24 април. Странските дипломати се обвинуваа за мешање во внатрешните работи преку анкети со граѓани (22 февруари: „На дел од македонските граѓани им пречи улогата на меѓународната заедница во преговорите"), или преку коментари на политички аналитичари, на пример новинарот Васко Евтов (22 февруари: „Меѓународната заеница која требаше да биде гарант на договорот од пржино, од вчера стана лидер на опозицијата"). Тој однос беше задржан и во интервјуто со американскиот амбасадор Џес Бејли (22 февруари: „Дали по вчерашните случувања Македонија ќе остане суверена држава").

(3) Се наметнува наратив дека политичката криза треба да се надмине што побргу, за државата да добие стабилна влада и да се посвети на справувањето со мигрантската криза. Но притоа се прави конструкција дека опозицијата, во контекст на состојбата со мигрантите, со барањето да се одложат изборите ја става државата во безбедносен ризик. Оваа теза се пласира преку пренесување ставови на колумнисти од Вашингтон (21 февруари: „Гордон смета дека Македонија мора да има функционална влада, за да се справи со бегалската криза"), како и со пренесување изјава на европратеникот Милан Звер, чие гледиште е претставено како општ став на Брисел (23 февруари: „Европратениците за Канал 5 велат дека Македонија мора што поскоро да излезе од оваа политичка криза. Голема загриженост во Брисел има поради проблемот со мигрантите").

(4) Информацијата дека Уставниот суд прифатил да ја разгледа иницијативата да се укине забраната за помилување за изборни престапи, првиот ден беше пренесена само технички, при крајот на вестите. Следниот ден беше напаѓана опозицијата дека во 2009 година, кога се носеле законските измени, била против нив, а сега е против нивното укинување (26 февруари: „Експертите коментираат дека хистеријата која ја започна СДСМ против работата на Уставниот суд е провидна игра на партијата чии пратеници во 2009 година тврдеа дека ограничувањето на правото за помилување е противуставно, а денес го тврдат спротивното"). Не се споменува околноста дека партијата ВМРО-

ДПМНЕ ја иницирала одлуката во 2009 година, а таа се укинува кога нејзини високи претставници се обвинети за изборни измами.

(5) Последните два дена продолжи интензивното следење на активностите на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски, кој по кратка пауза поради одложувањето на изборниот датум, продолжи со своите теренски посети. Два дена со него се отвораа вестите. Се пренесуваше дека се обратил на трибина (25 февруари: „Лидерот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски очекува голема поддршка на изботрите од граѓаните"), дека се среќавал со граѓаните (26 февруари: „Претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски попладнево беше на средби со граѓаните во некоклу населени места во општина Гази Баба"), дека му се реферирало за собраниската расправа околу формирањето нов универзитет (26 февруари: „Претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски слушна од пратеничката Олга Најденовска која раководи со комисијата за образование со какви проблеми се соочува поради опструкцијата на пратениците од СДСМ", и дека најавувал проекти преку својот фејсбук-профил (26 февруари: „Дојран доби пешачка патека, информацијата на фејсбук ја објави претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски"). Притоа секогаш беше претставуван како некој кому му се реферира, кој ја има контролата врз ситуацијата, и кој презема акција.

<u>Користење на изворите:</u> Во најголем дел од прилозите се користи само еден извор (34 прилози), од кои во една третина (11 прилози), тој извор е претставник на Владата или на партијата ВМРО-ДПМНЕ. Од прилозите каде што се користат два или повеќе извори, тие почесто се согласуваат или имаат барем неутрален однос едни кон други (14 прилози), а во дел од нив (6 прилози) станува збор за по двајца или повеќе претставници на власта или на владејачката партија како се надополнуваат. Најмалку прилози се емитувани (10 прилози) во кои изворите имаат различни или спротивставени стојалишта. Во пет случаи телевизијата некритички пренесуваше напаѓачки и клеветнички содржини против опозицијата или против други субјекти, од веб-портали.

<u>Директни обраќања:</u> Куриозитет оваа недела е што претседателот на СДСМ е најзастапен со директни обраќања (5), пред лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски (3), и првите луѓе на ДУИ Али Ахмети (2) и на ДПА Мендух Тачи (1).

<u>Аудиовизуелна презентација:</u> Беа забележани повеќе различни типови на манипулативна аудиовизуелна презентација:

(1) Интензивно се покриваат активностите на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски, иако во мониторираниот период тој нема државна функција.

(2) Користење стари изјави во нов контекст. Наместо да се побара одговор од министрите Оливер Спасовски и Фросина Ременски за обвинувањата против нив од нивните заменици Митко Чавков и Диме Спасов, во врска со непочитување на одлуките на Вишиот управен суд, се емитуваат нивни стари изјави за кои се вели дека покажуваат дека тие немаат намера да ги почитуваат овие одлуки, иако во самите изјави тоа не е експлицитно кажано.

(3) Скриен политички маркетинг се применува во повеќе случаи. Емитуван е пратеникот од ВМРО-ДПМНЕ како повикува на јавна седница на Државната изборна комисија (21 февруари), но и како ја фали својата партија и ја критикува опозицијата. Во прилог за одложувањето на изборите (24 февруари) се реемитуваат резултатите од анкета за рејтинзите на партиите од пред неколку недели, според кои ВМРО-ДПМНЕ е во убедливо водство.

(4) Во промотивен прилог за економските политики на Владата(21 февруари), поточно за изградбата на нова индустриска зона во Штип, се цитираат неименувани познавачи со пофални зборови („Ова е иницијалната неписла за инвестицискиот бум во штипската економија, едногласни се познавачите на актуелните економски прилики во општината").

(5) Генерализација на ставови. Во прилог од 23 февруари се пренесува став на, како што се вели, основачите на македонската државност, а е емитувана изјава на првиот министер за правда Ѓорѓи Наумов, и на никој друг. Прилогот е против мешањето на меѓународната заедница во внатрешните работи на земјата.

(6) Архивски снимки. Во истиот прилог е емитувана снимка од прославата на плоштадот во Скопје по прогласувањето на независноста на Македонија во 1991 година и свечениот говор на првиот претседател Киро Глигоров, во контекст дека сега, како што се вели, се губи тогаш стекнатиот суверенитет.

(7) Повторување содржини. Истата анкета со граѓани што го критикуваат мешањето на странските амбасадори во внатрешните работи е емитувана на и на 22 и на 23 февруари.

(8) Позиционирање на прилозите. Телевизијата продолжи да известува за партиските активности на претставниците на опозицијата, во обид да прикаже дека и` дава простор (5 прилози). Во еден од тие прилози (20 февруари), е емитуван Кире Наумов од СДСМ како ја критикува состојбата во јавното здравство, но веднаш потоа е пуштен прилог во кој министерот за здравство Никола Тодоров предава во употреба нов апарат во Клиниката за торакална хирургија.

<u>Примери на фаворизирање или демонизирање политички субјекти:</u>

- (23 февруари, најава/коментар): Според аналитичарите ваквата изјава покажува дека СДСМ нема намера да излезе на избори ниту во јуни што е резултат на нискиот рејтинг на партијата.
- (23 февруари, најава на прилог): Според дел од основоположниците на македонската државност, меѓународната заедница се однесува кон Македонија како таа да е протекторат и несамостојна држава, наметнувајќи свои решенија
- (24 февруари, аналитичко-репортажен прилог): Исклучително мудра и државничка одлука во интерес на граѓаните и државата, вака политичките експерти ја оценуваат одлуката на ИК на ВМРО-ДПМНЕ и нејзиниот лидер Никола Груевски, наместо на 24 април, изборите да се одржат на 5 јуни.
- (26 февруари, извештај): Остварено уште едно ветување на граѓаните, Дојран доби нова пешачка патека уредена и осветлена, достапна за жителите и туристите кој го посетуваат Дојран, напиша на својот фејсбук профил претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски.

## <u>**Четврта недела (27 февруари – 4 март 2016)**</u>

Во известувачкиот период од 27 февруари до 4 март 2016 година на телевизијата Канал 5 се објавени вкупно 95 прилози кои се однесуваат на политичките актери, случувања или состојби. Најзастапени теми беа: следењето на активностите на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски (20 прилози), работата на Специјалното јавно обвинителство (12 прилози), покривање на активностите на опозицијата (11 прилози), активностите на политичките актери во врска со мигрантската криза (9 прилози), проектите и мерките на Владата и на другите институции (8 прилози), предвремените парламентарни избори (7 прилози), поставувањето крст во општината Бутел (7 прилози) итн.
Во најголем дел во известувањата на овие теми е забележан фаворизирачки однос кон ВМРО-ДПМНЕ и негативен и демонизирачки кон СДСМ, иако се забележува раст на бројот на прилозите во кои се промовираат гледиштата на опозицијата. Особен негативен однос е регистриран кон Специјалното јавно обвинителство.

<u>Коментари и оценки во вестите:</u> Во текот на известувачкиот период телевизијата имаше фаворизирачки однос кон ВМРО-ДПМНЕ и кон нејзините функционери во 32 прилози, а негативен, напаѓачки и демонизирачки во 12 прилози кон СДСМ, како и во 6 прилози кон Специјалното јавно обвинителство. Коментаторските содржини се покарактеристични за негативните и напаѓачки прилози отколку за позитивните (1 март: „СДСМ, како што тврдат аналитичарите, во недодстиг на програма, ќе се потпира на СЈО и на Катица Јанева, која со неаргументирани пријави за функционери во ВМРО ДПМНЕ ќе се обиде да ја стопи разликата во рејтингот“).

(1) Темата што го одбележа мониторираниот период на телевизијата беше екстензивното следење на активностите на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски, со по неколку прилози на ден кога тој имаше теренска посета, како и со повторување, во деновите кога Груевски немаше да посети некој град или село. Прилозите се карактеризираа со елементи на политички маркетинг, а често наместо изјави беа снимани и прикажани театрални дијалози меѓу него и државните и локалните

функционери, или со граѓаните, кои на гледачот требаше да му создадат впечаток на спонтаност и непосредност. Груевски повторно беше прикажан како некој што ја има контролата и кому му се реферира. Не изостанаа ниту прилозите во стилот ветено-сторено (2 март: „По посетата на Груевски, решено е барањето на земјоделците од Чучер-Сандево за продажба на арпаџикот"), како и изразувањето благодарност, во кое беше вклучен дури и граѓанин што се претстави како болен од хемофилија (28 февруари: „Во Кучевиште мештаните им се заблагодарија на властите за обезбедување на лекови од листата за ретки болести"). Груевски беше претставен како некој што се интересира за од најкрупните до најситните проблеми (27 февруари: „Претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски во обиколка на градежните работи на две улици во село Страцин во должина од 1 километар"). Некритички се пренесуваат прилозите за него, без да се постави прашањето во кое својство настапува кога зборува во име на државата за државните проекти (27 февруари: „Оттаму најави 46 милиони евра за изградба на гасоводната мрежа Скопје-Гостивар и Штип-Неготино, во тек е тендерската постапка"), како и што значи референцирањето на него за малите локални проекти, во однос на уставната автономија на локалната самоуправа (3 март: „Повеќе инфраструктирни проекти најави лидерот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски на средбите со граѓаните во штипско").

(2) Телевизијата го засили трендот на давање збор на опозицијата, односно известување за нејзините партиски активности, иако не е во тек изборна кампања и медиумите немаат обврска да информираат за кампањите на која било политичка партија, (28 февруари: „Лидерот на СДСМ Зоран Заев беше меѓу жителите на Кукуречани. Му се пожалија дека немаат пласман, и побараа работите да се сменат. Заев вети дека доаѓа ново време да се врати единството и достоинството во државата").

(3) Карактерот на негативните прилози за опозицијата, пак, беше показател дека на телевизијата сепак отсуствува политичкиот баланс(3 март: „Дали и овој пат Заев го изигрува судството и дали на 21 април ќе се појави друга неодложна причина за одлагање на почетокот на судењето во кој тој е обвинет за земање поткуп од 200 илјади евра"). Тоа остава сомнеж дека покривањето на нејзините активности треба да послужи како алиби за да се продолжи со промовирањето на ВМРО-ДПМНЕ и на лидерот Никола Груевски, како и за да се оправдаат нападите против неа.

(4) Во врска со темата за почетокот на изградбата на 55-метарски крст во општината Бутел, која следуваше по поставувањето споменик на двоглав орел во општината Чаир, телевизијата го избегнуваше аголот дека поставувањето симболи директно или со поддршка на владините партнери ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ се зголемува ризикот од меѓуетнички тензии. Наместо тоа, силно се критикуваше министерот за внатрешни работи Оливер Спасовски, кој доаѓа од опозицијата, дека со полицијата не ги спречил инцидентите, во кои учествуваа претставници на власта.

(5) Предмет на напади е и Специјалното јавно обвинителство, преку пренесување содржини од други медиуми, и тоа за две теми: за афера дека обвинителката Катица Јанева барала земјоделско земјиште под закуп од државата (1 март: „Дали првиот човек на СЈО Катица Јанева е регистриран зејмоделец овоштар, прашува телевизијата Алфа"), и за наводна поврзаност со СДСМ (29 февруари: „Насоката на Заев била по секоја цена да има вакви барања од политичката алатка на СДСМ, а тоа е СЈО, пишува Курир").

<u>Користење на изворите:</u> Во најголем дел од прилозите се користи еден извор (52 прилози), од кои во повеќе од половината (27 прилози), тој извор е претставник на Владата или на партијата ВМРО-ДПМНЕ. Од прилозите каде што се користат два или повеќе извори, тие почесто се согласуваат или имаат барем неутрален однос едни кон други (25 прилози), а во поголемиот дел од нив (15 прилози) станува збор за по двајца или повеќе претставници на власта или на владејачката партија како се надополнуваат. Најмалку прилози се емитувани (3 прилози) во кои изворите имаат различни или спротивставени стојалишта. Во осум случаи телевизијата некритички пренесуваше напаѓачки и клеветнички содржини против опозицијата или против други субјекти, од веб-портали или од други медиуми.

<u>Директни обраќања:</u> Претседателот на ВМРО-ДПМНЕ беше застапен со несразмерно многу директни обраќања (21 обраќање), вклучувајќи изјави за актуелните прашања и за неговите активности,

дијалози со соговорници, и стари изјави од партиски митинзи (во прилози од типот ветено-сторено). Од другите субјекти, лидерот на СДСМ беше емитуван со 4 обраќања, а првите луѓе на ГРОМ, Стевчо Јакимовски, на ДПА, Мендух Тачи, и на ДУИ, Али Ахмети, со по едно.

Аудиовизуелна презентација: Убедливо најзастапен тип на манипулативна аудиовизуелна презентација беше следењето на активностите на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски. Беа забележани и неколку други карактеристични примери.

(1) Користење стари изјави за да се смени контекстот и фокусот на темата во врска со иницијативата пред Уставниот суд за да се укинат членови од Законот за помилување, со кои на претседателот би му се овозможило да помилува лица осудени за изборни нерегуларности. На 27 февруари се емитувани изјави од 2009 година на пратениците од СДСМ Цветанка Иванова и Емилијан Станковиќ, со цел да се прикаже дека СДСМ тогаш биле против законското решение, а сега против укинувањето на истото решение, без да се има во предвид актуелниот контекст во кој оваа одлука доаѓа во време кога Специјалното јавно обвинителство поднесе пријави против членови на ВМРО-ДПМНЕ за изборни измами.

(2) Подредување на прилозите. Во најмалку два случаи, при т.н. давање збор на опозицијата, веднаш по емитувањето на говорот на опозицискиот претставник, се емитува прилог со кој се напаѓа и се клевети тој претставник (27 февруари, телопи: „Фросина Ременски во Шуто Оризари“/„Кривична пријава против Фросина Ременски за неизвршување на судска одлука“), (29 февруари, телопи: „Заев: Фер избори и одговорна влада предуслови за демократска Македонија“/„Курир: СЈО ќе му биде главен адут на Зоран Заев“).

Примери на фаворизирање или демонизирање политички субјекти:

- (28 февруари, генерална најава): За прв пат жителите ќе добијат нова градинка и спортски објект. Груевски од Чучер-Сандево.
- (1 март, анализа/коментар): На овие предвремени парламентарни избори граѓаните ќе избираат помеѓу два концепти: концептот на деструкција и криуза кој го нуди СДСМ заедно со посегнување по суверенитетот на државата, и концептот на квалитетна програма насочена кон решавање на проблемите на граѓаните понуден од ВМРО ДПМНЕ.
- (3 март, извештај): Поставувањето камен-темелник на новата клиничка болница е уште едно ветување на Владата на ВМРО-ДПМНЕ кон граѓаните, не само на Штип, но и на регионот.
- (4 март, извештај): Веднаш по посетата на Груевски на терен излезе екипа за санација на свлечиштето на Радин мост во Кратово.

МОДЕМ

МОНИТОРИНГ НА ДЕМОКРАТИЈАТА ВО МАКЕДОНИЈА

British Embassy Skopje

Kingdom of the Netherlands

ИНСТИТУТ ИКС ЗА КОМУНИКАЦИСКИ СТУДИИ

Јуриј Гагарин 17-1/1 | 1000 Скопје | Македонија | т.+389 2 3090 004
info@iks.edu.mk | www.iks.edu.mk